

# НАСТАВНИ ПРОГРАМИ ЗА IV ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ











Биро за развој на образованието

Programa za IV oddelenie - 1_Layout 1  21.10.2009  16:02  Page 1



# НАСТАВНИ ПРОГРАМИ ЗА IV ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ











Биро за развој на образованието

Programa za IV oddelenie - 1_Layout 1 21.10.2009 16:02 Page 2

**Издавач:**
Биро за развој на образованието

**За издавачот:**
Весна Хорватовиќ, директор

**Фотографии:**
Иван Блажев
Со согласност со ОУ „Димитар Миладинов" - Скопје
ОУ „Војдан Чернодрински" - Скопје

**Лектура:**
Сузана Стојковска

**Дизајн:**
Светлана Стојчева

**Печати:**
Европа - Кочани

**Тираж:**
400

**ISBN 978-608-206-016-3**

# СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК |
| GJUHË SHQIPE | АЛБАНСКИ ЈАЗИК |
| TÜRKÇE DERSI | ТУРСКИ ЈАЗИК |
| СРПСКИ ЈЕЗИК | СРПСКИ ЈАЗИК |
| АНГЛИСКИ ЈАЗИК | АНГЛИСКИ ЈАЗИК |
| МАТЕМАТИКА | МАТЕМАТИКА |
| ОПШТЕСТВО | ОПШТЕСТВО |
| ПРИРОДА | ПРИРОДА |
| ТВОРЕШТВО | ТВОРЕШТВО |
| МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ |
| ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ | ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ |

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

Programa za IV oddelenie - 1_Layout 1 21.10.2009 16:02 Page 4

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *македонски јазик* за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Наставата по предметот *Македонски јазик* на учениците им овозможува да развиваат интерес за запознавање и применување на македонскиот јазик како основно средство за комуникација, за учење, за уметничко изразување, за запознавање на јазикот како најкарактеристичен белег на националниот идентитет. Преку наставата по македонски јазик се развиваат способностите за слушање, читање, пишување, усно и писмено изразување, сфаќање, доживување и толкување на литературните и други текстови.

Овој наставен предмет создава основа за стек¬нување знаења и од други наставни предмети затоа што преку практиката на воспитно-образовната работа по овој предмет се оперира со интегрално поврзаните процеси: мислење - – говор - читање со разбирање. Со примена на интегрално поврзаните процеси во наставата по предметот македонски јазик учениците стекнуваат способности да ги користат содржините од останатите наставни предмети кои ги изучуваат.

Учениците преку оваа настава ќе се запознаат со структурата и системот на македонскиот стандарден јазик и на сите нивоа ќе ја усвојуваат и ќе ја применуваат стандарднојазичната норма (фонетско-фонолошка, морфолошка, синтаксичка, лексичка, пра¬во¬писна и ортоепска).
Според наставниот план за македонски јазик во IV одделение се планирани по 5 часа неделно, односно 180 наставни часа годишно.

Наставниот предмет македонски јазик во наставниот план има статус на задолжителен наставен предмет.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот / ученичката:
❑ да развива социјален и личен идентитет преку анализа на книжевни текстови;
❑ да се оспособува за усно и писмено изразување;
❑ да го збогатува речникот;
❑ да усвојува поими, содржини и правила од граматиката, правоговорот и правописот на македонскиот литературен јазик;
❑ да ја запознава функцијата на зборовите и нивната примена во усното и писменото комуницирање;
- да се оспособува да чита со разбирање текстови со различна содржина, сложеност и од различни извори;
❑ да распознава и применува разни функционални стилови во говорното и писменото изразување (разговорен, административен, новинарски, поетски, научно – популарен и научен стил на изразување);
❑ да чита и анализира текстови од уметничка и народна литература соодветна на возраста;
❑ да анализира книжевно дело соодветно на возраста применувајќи ги основните теоретски поими (строфа, стих; рима; лик; дејство; );
❑ да користи разни форми на писмено изразување (креативни текстови; текстови за практична намена);
❑ да се поттикнува да користи книги и друг вид литература од библиотеките и од други извори;
❑ да се воведува во интерпретирање и вреднување литературни, сценски, филмски остварувања и друг вид на медиумска продукција;
❑ да развива свест за значењето на мирот, толеранцијата и соработката меѓу луѓето од различни култури.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
❑ да разликува народен говор (дијалекти) наспроти стандарден јазик;
❑ да чита со разбирање различни текстови;
❑ да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
❑ да користи именки, придавки, главни броеви и глаголи во усното и писменото изразување во даден реченичен контекст;
❑ да користи елементарни граматички и правописни норми причитањето и пишувањето;
❑ да чита и прераскажува литературни дела од народната и уметничката литература соодветна на возраста;
❑ да се оспособи да раскажува усно и писмено на стандарден јазик;
❑ да користи различни форми на писмено изразување (текст за: честитка; покана);
❑ да составува прашања по дадени одговори;
❑ да учествува во разговор во кој искажува доживувања, чувства и факти;
❑ да го збогатува речникот;
❑ да развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;
❑ да се оспособи да следи информација од различни медиуми и да пренесува кратки информации од нив;
❑ да се оспособи да применува ИКТ во функција на наставниот предмет.

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Граматика** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги увидува особеностите на народните говори наспроти стандардниот јазик. | • Народен и нормиран (стандарден, литературен) јазик | • Народен јазик<br>• Стандарден, литературен) јазик | • Вежби за воочување на карактеристиките на народниот јазик наспроти стандардниот јазик.<br>• Слушање, следење на записи со народен говор и стандарден јазик.<br>• *Пр. вежба: Пет ученици се задолжуваат еден ист устен исказ да го говорат на 5 различни наречја .Само еден ученик устниот исказ го говори на стандарден јазик. Останатите ученици по пат на препознавање одредуваат кој исказ на кое наречје припаѓа.* |
| • Да го препознава и разликува усниот од писмениот говор. | • Устен и писмен говор | • Говор - устен и писмен | • Вежби за разликување на усниот од писмениот говор. |
| • Да усвои поим за самогласки и согласки;<br>•и да ги разликува | • Поим за самогласки и согласки | • Самогласки<br>• Согласки | • Вежби за разликување на самогласките и согласките (нивно правилно изговарање и пишување).<br>• *Пр.вежба: Учениците добиваат листа на зборови(може да се запише и на табла). Нивна задача е добиените зборови да ги кажуваат гласно и да откријат на кои гласови во изговорот наидуваат на определени пречки.*<br>•*Пр.вежба: Учениците добиваат листа (може да се запише и на табла) на повеќе согласки и само една самогласка.Нивна задача е да состават збор(ови) од понудената листа, истите да ги запишат и да ги изговорат.* |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да го дели зборот на слогови. | • Поделба на зборот на слогови (според правилата во македонскиот јазик) | • Слог | • Вежби за определување на бројот на слоговите во зборот.<br>• Синтетички вежби за составување на зборови со дадени слогови.<br>• *Пр.вежба: Учениците добиваат листа на зборови(може и да се запишат на табла) со различен број на слогови.Нивна задача да секој збор да определат бројот на слоговите.* |
| • Да го усвојува поим за конкретни и апстрактни именки. | • Конкретни и апстрактни именки | • Конкретни и апстрактни именки | • Вежби за препознавање на конкретните од апстрактните именки.<br>*Пр.вежба: Со употреба на бура на идеи учениците фронтално кажуваат именки кои наставникот ги запишува на табла.Од добиената листа на именки добиваат задача од наставникот да ги подредат на именки кои се конкретни и кои се апстрактни.* |
| • Да ги разликува конкретните од апстрактните именки. | • Значењето на конкретните и апстрактните именки | • Конкретни и апстрактни именки | • Вежби за разликување на конкретните од апстрактните именки.<br>• *Пр.вежба:*<br>*» Наставниокот запишува на табла конкретни и апстарктни именки.*<br>*» Наставникот бара од учениците запишаните именки да ги подредат во низа на зборови кои можат да ги видат и да ги допрат , а кои само ги замислуваат.*<br>• *Наставникот на табла ги извлекува и ги запишува основните карактеристики на двата вида именки.* |
| • Да го разликува и правилно да го применува родот кај именките во усниот и писмениот говор. | • Род кај именките | • Род кај именките | • Вежби за утврдување на родот кај именките<br>• Вежби за правилна примена на родот кај именките.<br>• *Пр.вежба:Наставникот им дава на учениците листа на зборови (именки) и впишани заменки тој, таа и тоа. Учениците треба добиените именки да ги поврзат со соодветната заменка.* |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да разликува и правилно да го применува бројот кај именките во усниот и писмениот говор. | • Број кај именките | • Број кај именките | • Вежби за утврдување на бројот кај именките.<br>• Вежби за правилна примена на бројот кај именките.<br>• *Пр.вежба:*<br>*» Учениците добиваат задача да именуваат сè што гледаат во училницата.*<br>*» Напишаните именки потоа треба да ги сместат во колони во кои определуваат дали именуваниот предмет е во еднина или множина при што одредуваат дали предметот е само еден или го има во повеќе примероци.*<br>*» Учениците добиваат за задача да ги разменат тетратките со ученикот со кој седи и еден на друг да си направат проверка на запишаното.*<br>*» На крај на часот наставникот го повикува секој пар да ги каже запишаните именки и ги бележи на табла во табела во колона за еднина или множина.* |
| • Да го усвои поимот за описни придавки и правилно да ги применува во усниот и писмениот говор. | • Придавки: описни | • Придавки: описни | • Вежби за разликување на описните придавки.<br>• Вежби за правилна употреба на описните придавки во реченицата.<br>• *Пр.вежба:*<br>*» Наставникот на табла запишува 3-4 реченици при што внимава во речениците да има повеќе описни придавки.*<br>*» Учениците добиваат за задача во своите тетратки да ги препишат именките кои ги препознаваат во речениците.*<br>*» Учениците добиваат задача да ги извлечат сите зборови во речениците за кои мислат дека ги опишуваат именките.*<br>*» Извлечените зборови за кои учениците мислат дека ги опишуваат именките ги поврзуваат со именките и запишуваат што тие опишуваат.*<br>*» На крај на часот наставникот на табла сумира со помош на графички организатор ( по избор: табела грозд и сл.) кои од дадените зборови се описни придавки.* |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да го усвои поимот за заменка како збор кој заменува лице. | • Заменки - лични заменки | • Заменки;<br>• лични заменки | • Вежби за разликување на заменките од другите зборови и нивна правилна употреба во усниот и писмениот говор.<br>• *Пр.вежба:*<br>*» Наставникот им дава на учениците листа со 3-4 реченици (може да ги запише и на табла.) и ги запишува и сите лични заменки.*<br>*» Учениците имаат за задача да ги заменат сите зборови со понудените лични заменки.*<br>*» Запишаните предлози учениците ги разменуваат со меѓу себе и меѓусебно дискутираат дали направиле правилна замена.*<br>*» Наставникот им ја покажува правилната замена на зборовите со лични заменки и направените грешки учениците ги впишуваат во своите тетратки.* |
| • Да употребува глаголи искажани во сегашно, минато и идно време (без дефиниција). | • Глаголи (категорија време) | • Глаголи (категорија време) | • Вежби за употреба на глаголите во сегашно, минато и идно време (без дефинирање).<br>• *Пр.вежба:*<br>*» Наставникот кажува на глас една иста реченица во трите времиња и истите ги запишува на табла.*<br>*» Учениците со бура на идеи кажуваат по што или во што се разликуваат трите реченици.*<br>*» Учениците самостојно смислуваат реченици кои ги кажуваат во трите времиња.* |
| • да усвојува поим за приближна бројност и да ја употребува во усниот и писмениот говор; | • Броеви за искажување на приближна бројност; | • Броеви (приближна бројност; | • Вежби за разликување на броевите за приближна бројност од главните и редните броеви.<br>• Вежби за правилно пишување на броевите за приближна бројност.<br>• пр.вежба:<br>*» Учениците добиваат задача да го запишат точниот број на столчиња во училницата и приближниот број на прозорци.* |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| • Да усвојува поим за подмет и прирок. | • Реченица, основни реченични членови | • Подмет<br>• Прирок | • Вежби за издвојување на подметот и прирокот во реченицата и нивно разликување според значењето и примената во реченицата. |
| • Да ги разликува подметот и прирокот во реченицата. | • Подмет и прирок во реченица | • Подмет<br>• Прирок | • Вежби за разликување на подметот и прирокот според значењето и примената во реченицата.<br>• *Пр.вежба:*<br>*» Наставникот запишува на табла 3-4 прости реченици. До запишаните реченици извлекува празна линија на која учениците треба да запишат:*<br>*» Кој збор ,според нив, означува дека некој нешто прави.*<br>*» Кој збор, според нив, означува што се прави,се случува и сл.*<br>*» Наставникот ги запишува на табла истите реченици при што го испушта прво подметот , а потоа прирокот. На учениците им поставува прашање дали речениците со испуштените, прво подметот, потоа прирокот нешто кажуваат.*<br>*» (Пр. Ленче чита книга. 1. Чита книга. 2. Ленче книга.)* |
| • Да го збогатува речникот со зборови што имаат исто или слично значење; | • Зборови што имаат исто или слично значење (без именување) | • Синоними | • Вежби за усвојување на синонимите како видови зборови кои имаат исто или слично значење (без именување).<br>• Изготвување на мал речник со синоними<br>• *Пр.вежба: Наставникот со бура на идеи ги впишува сите зборови за кои учениците мислат дека имаат исто значење на предлозите: растение(билка); темно (мрак); девојка (мома).* |
| • Да го збогатува речникот со зборови што имаат спротивно значење. | • Зборови што имаат спротивно значење | • Анононими | • Вежби за усвојување на антонимите како видови зборови со спротивно значење (без именување).<br>• Изготвување на мал речник со антоними<br>• *Пр.вежба: Наставникот со бура на идеи ги впиува сите зборови за кои учениците мислат дека имаат спротивно значење на предлозите: силно(слабо);темно(светлодевојка (баба).* |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Правопиос** | | | |
| • Да ги усвојува правописните правила за пренесување на дел од зборот од еден ред во друг. | • Пренесување на дел од зборот од еден ред во друг | • Слог | • Активности за пренесување на дел од зборот од еден ред во друг. |
| • Да знае да ги употребува наводниците за изделување на имиња на институции, улици, списанија и книги во реченицата. | • Правописни знаци:<br>» наводници | • Наводници | • Вежби за препознавање и примена на наводниците при пишување на имиња на улици, списанија, книги и др.<br>• *Пр.вежба: Наставникот им дава текст кој содржи 4-5 реченици во кои не се одбележани наводниците на соодветно место.*<br>• *Учениците добиваат задача да ги внесат наводниците таму каде што сметаат дека тие треба да стојат.*<br>• *Наставникот заедно со учениците ги внесуваат наводниците со друга боја на молив(пенкало) со што тие ги согледуваат направените грешки.* |
| • Да ги усвојува правописните правила за пишување на сопствените именки за сложени географски имиња, институции, адреси, списанија, празници и др. | • Пишување на голема буква кај сопствените именки со кои се искажуваат институции, адреси, списанија, празници и сл. | • Употреба на голема буква | • Вежби за правилна примена на правописните правила за пишување на сопствените именки кај институции, адреси, списанија, празници идр.<br>• *Пр.вежба: Наставникот им дава текст кој содржи 4-5 реченици во кои не се одбележани наводниците на соодветно место.*<br>• *Учениците добиваат задача да ги внесат наводниците таму каде што сметаат дека тие треба да стојат.*<br>• *Наставникот заедно со учениците ги внесуваат наводниците со друга боја на молив(пенкало) со што тие ги согледуваат направените грешки.* |
| •Да го усвојува правилното пишување на приближна бројност и повеќецифрени броеви со зборови. | • Пишување на приближна бројност и повеќецифрени броеви со зборови. | • приближна бројност;<br>• повеќецифрени броеви; | • Вежби за правилно пишување на зборови кои означуваат приближна бројност;<br>• Вежби за правилно пишување на повеќецифрени броеви со зборови |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Читање, литература и лектира | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | **Читање** | |
| Ученикот/ученичката:<br>• да чита изразно уметнички и научно-популарни текстови на двете писма. | • Изразно читање со почитаување на изразните вредности (дикција, интонација, темпо, ритам, пауза) | • Изразно читање | • Вежби за изразно читање врз текстови со уметничка и научно-популарна содржина на двете писма, со анализа и толкување на значењето на зборовите, карактеристики на изразното читање: правилен, јасен и чист изговор и силината на гласот.<br>• *Пр.вежба:Наставникот симулира читање текст со и без примена на правилата за изразно читање.*<br>*Учениците добиваат насоки да бележат што слушаат при читање на наставникот со цел да ги издвојат разликите.* |
| • Да чита текст по улоги. | • Драмско читање (читање по улоги) | • Драмско читање | • Вежби за драмско читање на улогите.<br>• *Пр.вежба: Наставникот симулира читање текст со и без примена на правилата за изразно читање.*<br>• *Учениците добиваат насоки да бележат што слушаат при читање на наставникот со цел да ги издвојат разликите.* |
| | | **Литература - Проза** | |
| • Да врши анализа на текст;<br>• самостојно да прави план за анализа на текст.<br>• да го определува местото и времето на настан.<br>• да опишува лик со неговите надворешни особини. | • Анализа на текст<br>• Анализа по план на текстот (композициска анализа) со локализација на место и време на настанот<br>• Анализа на ликови | • Анализа на текст<br>• Композициска анализа (по план на текстот)<br>• Лик | • Вежби за анализа на текстот (по насочувачки прашања).<br>• Вежби за композициска анализа (по план на текстот).<br>• Вежби за локализирање на местото и времето на настанот.<br>• Вежби за анализа на ликовите (надворешен опис).<br>• *Пр.вежба;*<br>• *Наставникот избира текст од учебникот (читанката) и го дели на повеќе целини. За секоја целина подготвува по две прашања на кои учениците одговараат во своите тетратки. (Наставникот внимава при формулацијата на прашањата да ја почитува хронологијата на фабулата.)*<br>• *Одговорите на учениците претставуваат насока за анализа на текстот.* |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Поезија** | | | |
| • Да открива поетска слика во лирска песна;<br>•да ја препознава споредбата како изразно средство (без дефиниција);<br>• да ги открива сопствените чувства при читање лирски песни. | • Поетска слика во лирска песна<br>• Споредбата како изразно средство во песната (препознавање)<br>• Чувствата во лирски песни | • Поетска слика<br>• Изразно средство (споредба) | • Вежби за определување на поетска слика во лирска песна.<br>• Вежби за препознавање на споредбата како изразно средство.<br>• *Пр.вежба:*<br>• *Наставникот преку бура на идеи го извлекува мислењето на учениците за зборот(поимот) слика.*<br>• *Го сумира мислењето на учениците под заеднички именител - „Тоа што можам да го видам; Тоа што го гледам; Тоа што можам да го претставам (нацртам),“*<br>• *Учениците читаат строфа по строфа(стих по стих) и за секој прочитан дел (цртаат) или опишуваат со зборовитоа што го разбираат од прочитаното.Од добиените описи (цртежи) ги формулираат поетските слики.* |
| **Избрани наслови и текстови Лектира** | | | |
| • Самостојно да чита дела од македонската и светската литература;<br>• да ја открива тематско-идејната основа во делото;<br>• да одговара и да поставува прашања во врска со прочитаниот текст;<br>• аргументирано да говори за ликовите и настаните во текстот;<br>• да врши локализација на настаните по време и простор. | • Избрани тесктови како четиво за самостојно читање и насочена обработка | • Лектира<br>• Самостојно читање | • Дискусија за читање на текстови надвор од предвидените наставни содржини.<br>• Запознавање со основните биографски податоци на авторите на лектирните дела.<br>• Вежби за самостојно откривање на тематско-идејната основа во делото.<br>• Разговор за прочитаниот текст со аргументирано говорење за ликовите и настаните во текстот.<br>• Вежби за локализација на настаните во време и простор.<br>**Напомена: примена на креативни техники за читање и пишување**<br>*Пр.вежба:Наставникот на почеток на учебната година ги дели учениците во 4-5 групи и секоја група добива задача да прочита по една книга по сопствен избор.*<br>*Наставникот определува часови на кои секоја група ќе ја претстави прочитаната книга со употреба на наставната техника Скелетен приказ.* |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | **Усно изразување** | |
| Ученикот/ученичката:<br>• Да составува прашања по дадени одговори;<br>• самостојно да прераскажува текстови по даден план;<br>• самостојно да раскажува за сопствени доживувања од посета на установа (по даден план);<br>• самостојно да опишува театарски костими, сцена од гледана претстава; ликови;<br>• да известува за актуелни настани настани и доживувања од екскурзии, посета на институции. | • Прераскажување на текстови со следење на хронологијата на настанот (по даден план)<br>• Раскажување на доживувања при посета на установа (по даден план)<br>• Опишување (по даден план):<br>» театарски костими, сцена од гледана претстава;<br>» ликови.<br>• Известување за настани и доживувања од екскурзии, посета на институции, производни организации ид р. | • Прераскажување<br>• Раскажување<br>• Опишување<br>• Известување | • Прераскажување на обработени текстови;<br>• Раскажување на доживувања при посета на установа (по даден план).<br>• Опишување на театарски костими, сцена од гледана претстава, ликови (по даден план).<br>• Известување по хронолошки даден план. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Писмено изразување** | | | |
| • Да препишува кратки текстови или делови од текстови (од латиница на латиница, од кирилица на латиница, од латиница на кирилица);<br>• да препишува текстови со замена на именки, придавки и глаголи со синонимно и антонимно значење (без именување);<br>• да прераскажува обработен текст со менување на крајот од текстот - раскажување по даден почеток;<br>• да одговара писмено на прашања од обработен текст;<br>• да раскажува доживеан настан;<br>• опишување (по даден план):<br>» театарски костими, сцена од гледана претстава;<br>» ликови;<br>• самостојно да известува за настани и доживувања од екскурзии, посета на институции, производни организации и др;<br>• самостојно да составува текстови (писмо до непознато другарче). | • Препишување на кратки текстови или делови од текстови (од латиница на латиница, од кирилица на латиница, од латиница на кирилица)<br>• Препишување на текстови со замена на именки, придавки и глаголи со синонимно и антонимно значење<br>• Прераскажување на обработен текст со менување на крајот од текстот - раскажување по даден почеток<br>• Писмено одговарање на прашања од обработен текст<br>• Раскажување на доживеан настан<br>• Раскажување со даден почеток<br>• Опишување (по даден план):<br>» театарски костими, сцена од гледана претстава;<br>» ликови.<br>• Известување за настани и доживувања од екскурзии, посета на институции, производни организации и др.<br>• Писмо до непознато другарче. | • Препишување<br>• Прераскажување<br>• Раскажување<br>• Опишување<br>• Известување<br>• Писмо. | • Препишување на кратки текстови или делови од текстови (од латиница на латиница, од кирилица на латиница, од латиница на кирилица).<br>• Препишување на текстови со замена на именки, придавки и глаголи со синонимно и антонимно значење.<br>• Прераскажување на обработен текст со менување на крајот од текстот - раскажување по даден почеток;<br>• Писмено одговарање на прашања од обработен текст.<br>• Раскажување на доживеан настан.<br>• Раскажување со даден почеток.<br>• Опишување (по даден план):<br>» театарски костими, сцена од гледана претстава, ТВ емисии;<br>» ликови.<br>• Известување за настани и доживувања од екскурзии, посета на институции, производни организации и др.<br>• Писмо до непознато другарче. |

Programa za IV oddelenie - 1_Layout 1 21.10.2009 16:02 Page 17

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Медиумска култура | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги разликува видовите радиоемисии;<br>• да ги разликува видовите ТВ-емисии;<br>• да ги следи и да разликува неколку видови филмови;<br>• правилно да води телефонски разговор во јавна говорница;<br>-• самостојно да користи информации од детскиот и дневниот печат;<br>-• правилно користење на енциклопедиите како извори за стекнување на знаења. | • Радиоемисии<br>» детски музички емисии<br>» детска радиодрама<br>• ТВ-емисии<br>» образовни<br>» научно-популарни<br>» народни приказни<br>-» детски квизови<br>•Филм<br>» долгометражен<br>» цртан<br>» игран.<br>• Театар<br>» театарска претстава;<br>»сцена<br>» глумци<br>» куклена претстава (кукли)<br>• Градска библиотека<br>» енциклопедии<br>• Детски и дневен печат | • Радиоемисии<br>» детски музички емисии<br>» детска радиодрама<br>• ТВ-емисии<br>» образовни<br>» научно-популарни<br>» народни приказни<br>» детски квизови<br>• Филм<br>» долгометражен<br>» цртан<br>» игран<br>• Театар<br>» театарска претстава<br>» сцена<br>» глумци<br>» куклена претстава (кукли)<br>• Телефон<br>» јавна говорница<br>• Градска библиотека<br>» енциклопедии;<br>» детски печат<br>» дневен печат | • Разликување на емисии на радио (радиоигри, радиодрама.<br>• Следење на говорот, музиката и другите ефекти на радио емисиите.<br>• Следење на ТВ-емисии и нивно разликување.<br>• Следење и разликување на видовите филмови.<br>• Вежби за користење на информации од детскиот и дневниот печат.<br>• Користење на забавните рубрики.<br>• Користење на енциклопедиите како извори за стекнување на знаења. |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма по предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: **запознавање на околината, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко образование**. Во интегрирано планирање на предметното подрачје **Јазик** можат да се вклучат и содржини од: *англиски јазик* (кога учениците усвојуваат поими од граматиките на двата јазика); со природа (кога ученикот се запознава со видовите зборови во усно и писмено изразување именувајќи ги поимите од овој наставен предмет); со *општество* (кога ученикот се запознава со видовите зборови во усно и писмено изразување именувајќи ги поимите од овој наставен предмет); *математика* (при сфаќање на односот меѓу предметите и зборовите, со приближната и точната бројност на броевите како видови зборови); со *ликовно образование* (со претставување преку цртежи на настани и ликови од работени дела, книжевни текстови) со *музичко образование* (преку содржините кои се поврзани со самогласките и согласките,со ритмиката на поетските дела) *физичко образование* (се прават вежби за правилно дишење при изговор на конкретни самогласки и согласки или при симулација на определени надворешни описи на ликови од книжевни дела).

Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет македонски јазик треба да се вклучуваат и планирања кои се поврзани со вреднување на постигањата на учениците за време на реализацијата на наставата и на крај од определени образовни периоди.

Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет македонски јазик треба да се вклучуваат и планирања кои се поврзани со вреднување на постигањата на учениците за време на реализацијата на наставната програма и на крај од определени образовни периоди. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел и од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со Наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја (Јазик, Читање, литература и лектира, Изразување и творење и Медиумска култура). При определувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето каде што работи наставникот. Во планирањето на наставната програма треба да се води сметка за различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на програмата што се извлекува од поставеноста на целите што треба да е основа на планирањето на наставниот процес. Во планирањето, исто така, како поједовна основа треба да е и поставеноста на наставната содржина, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигања на поставените цели. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

**<u>Препораки за користење на годишниот фонд на часови</u>**
***(180 часа годишно, 5 часа неделно.)***

• По наставни подрачја се предлага: Јазик - 70 часа; Читање, литература и лектира - 70 часа; Изразување и творење - 30 часа; Медиумска култура - 10 часа. Во дадениот предлог треба да се нагласи дека наставникот треба да ги поврзува содржините од предвидените подрачја (на пр. содржините од подрачјето Јазик може да се поврзат со содржини од подрачјата Литература, Изразување и творење и Медиумска култура)

**Наставни средства**:
• учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот- читанка;
• енциклопедии, речници и сл.;
• Интернет, образовни софтвери;
• списанија;
• аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот - ЦД;
• други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нациналнi паркови итн.

# 6. ОЦЕНУВАЊА НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

## ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување на предзнаењата на учениците со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: *дијагностички тестови, со усни прашања подготвени од наставникот, со усни прашања подготвени од учениците, со пишување кратки составi*.

Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањата за реализација на наставната програма и процесот на оценување во текот на наставната година.

## ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ

Во текот на наставата по македонски јазик во четврто одделение се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи, како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на соодветни методи и постапки:
• разговори наставник/ученик;
• усни презентации;
• писмени вежби;
• тестови;
• домашни работи;
• портфолио - собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.

» Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.

» Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

*Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планирани усни и пишани повратни информации кои во форма на креирани описи се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници.*

На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните описни вреднувања за постигањата на учениците.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ**

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата наставната програма наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.
*Од формираните сумативните описни оценки формулирани за секој ученик посебно, раководејќи се од поставените нивоа на постигања во тек на определени временски периоди, наставникот на крајот од учебната година внесува соодветни нумерички оценки*.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на наставната програма во согласност со Законот за основно образование се предвидуваат наставници со завршени студии на:
- педагошки факултет - професор за одделенска настава;
- институт за педагогија – дипломиран педагог.

## 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

- Д-р Благица Петковска, вонреден проф., Педагошки факултет „Св. Климент Охридски” - Скопје
- Д-р Вера Стојчевска АнтиЌ, проф., Филолошки факултет , „Св. Кирил и Методиј” - Скопје
- Тања Андонова – Митревска советник БРО - координатор
- Нада Николовска, советник, БРО
- Горица Веловска, наставник, ОУ „Св. Кирил и Методиј”- Скопје
- Милица Димитријоска Радевска – ДСУ „Таки Даскало„ – Битола соработник : Снежана Велкова – предметен наставник , ОУ „Ј. Х. Песталоци “ Скопје

Наставната програма по *техничко образование* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4056/1 на ден 22.05.2008 година

Programa za IV oddelenie - 1_Layout 1  21.10.2009  16:02  Page 21

# PROGRAMI MËSIMOR

ARSIMI FILLOR NËNTËVJEÇAR



# GJUHË SHQIPE

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *албански јазик* за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. EMËRTIMI I LËNDËS: GJUHË SHQIPE

Mësimi i gjuhës shqipe në klasën e katërt të shkollës fillore nëntëvjeçare, si lëndë parësore dhe me karakter kombëtar, ka për qëllim zhvillimin e përgjithshëm të aftësive komunikuese, formimin e shprehive të plota dhe të qarta gjuhësore, përdorimin e gjuhës amtare në nivel të pranueshëm nga të tjerët gjatë të folurit e të dëgjuarit dhe gjatë të lexuarit e të shkruarit.
Nxënësit e klasës së katërt, nëpërmjet mësimit të gjuhës shqipe, do të aftësohen të komunikojnë me të tjerët për qëllime dhe situata të ndryshme.
Mësimi i gjuhës shqipe rrit aftësitë shprehëse me gojë dhe me shkrim në përputhje me moshën, me zhvillimin intelektual, emocional, shoqëror, estetik dhe moral të nxënësit.
Mësimi i gjuhës shqipe aftëson nxënësin e klasës IV që të përdorë drejt konceptet gjuhësore e letrare dhe t'i shprehë lirisht ndjenjat, mendimet e imagjinatën nëpërmjet formave të ndryshme të shprehjes gjuhësore, si: dialogu, debati, loja dhe ndërveprimi.
Qëllimi i lëndës së gjuhës shqipe në klasën e katërt është zhvillimi i aftësive për mësim të pavarur, për vetarsimim dhe krijimtari letrare e artistike.
Plani mësimor për klasën e katërt përcakton mësimin e gjuhës shqipe të bëhet me 5 orë në javë ose 180 orë në vit.
Lënda e gjuhës shqipe në këtë cikël ka status të lëndës së detyrueshme.

# 2. QËLLIMET E MËSIMIT TË GJUHËS SHQIPE NË PERIUDHËN IV-VI

**Nxënësi/nxënësja:**

- ❑Të përforcojë dhe të zhvillojë shkathtësinë e komunikimit në situata të ndryshme, kur flet, kur dëgjon dhe kur shkruan.
- ❑Të përvetësojë dhe të zgjerojë njohuritë e fituara nga tekstet letrare dhe joletrare;
- ❑Të përforcojë, të zgjerojë dhe të zbatojë njohuritë gjuhësore, drejtshkrimore dhe drejtshqiptimore në fushë të gjuhës standarde shqipe;
- ❑Të njohë funksionin e fjalëve dhe përdorimin e tyre gjatë të shprehurit me gojë dhe me shkrim;
- ❑Të njohë dhe të zbatojë stile të ndryshme funksionale gjatë të shprehurit me gojë dhe me shkrim;
- ❑Të kuptojë dhe të analizojë tekste letrare (temën, motivin, strofën, vargun, rimën, personazhin, veprimet);
- ❑Të shkruajë forma të ndryshme me shkrim (tekste kreative, tekste për qëllime praktike);
- ❑T'i zbatojë, të interpretojë dhe të vlerësojë njohuritë e fituara nga tekstet letrare dhe nga krijimtaria skenike dhe filmike;
- ❑Të dallojë dhe të kuptojë informacionet nga mediet;
- ❑Të zhvillojë vetëbesimin, tolerancën dhe të menduarit e pavarur.
- ❑Të përdorë gjuhën letrare shqipe gjatë komunikimit me gojë dhe me shkrim;

# 3. QËLLIMET E MËSIMIT TË GJUHËS SHQIPE NË KLASËN IV

**Nxënësi/nxënësja**

**Të njohë:**
❑Tekste letrare dhe joletrare.
❑Llojet e fjalive.
❑Emrat e përgjithshëm dhe emrat e përveçëm.
❑Mbiemrat dhe numërorët.
❑Foljet dhe kohët themelore të tyre
❑Shenjat e pikësimit (dy pikat, pikëpyetje e pikëçuditje bashkë).

**Të kuptojë:**
❑Tekstet e ndryshme letrare dhe joletrare.
❑Përmbajtjen dhe kronologjinë e ngjarjes në tekstet letrare dhe joletrare.
❑Përmbajtjet dhe informacionet nga mediet.
❑Fjalë dhe shprehje të ndryshme.

**Të zbatojë:**
❑Njohuritë e fituara nga tekstet letrare dhe joletrare.
❑Njohuritë e fituara gjuhësore në fushë të sintaksës, të morfologjisë e të leksikologjisë
❑Njohuritë drejtshqiptimore, drejtshkrimore dhe shenjat e pikësimit (pikë, presje, dy pikat, pikëpyetje, pikëçuditje dhe pikëpyetje e pikëçuditje bashkë).
❑Të flasë, të bisedojë dhe të sillet në mënyrë të kulturuar.
❑Të shkruajë krijime të shkurtra në prozë dhe në vargje.
❑Të lexojë në heshtje dhe me zë, në mënyrë shprehëse dhe të recitojë (tekste dhe vjersha të shkurtra).

Të **analizojë:**
❑Tekste letrare dhe joletrare.
❑Personazhet kryesore dhe jokryesore.
❑Dallimet në mes tekstit në prozë dhe vjershës, strofës dhe vargut në vjershë, ilustrimit dhe tekstit.

**Zhvillimi emocional:**
❑Të lexojë, të shkruajë dhe të flasë me ndjenja.
❑Të dëgjojë me vëmendje dhe me respekt të tjerët.
❑Të marrë pjesë aktive dhe pa frikë në bisedë dhe në diskutim.
❑ Të jetë tolerant dhe bashkëpunëtor i mirë në grup.

# 4. QËLLEMET KONKRETE

| FUSHA PROGRAMORE: GJUHË | | | |
|---|---|---|---|
| **Objektivat** | **Përmbajtja** | **Konceptet** | **Veprimtaritë dhe metodat** |
| **Gramatikë** | | | |
| Nxënësi/nxënësja:<br>• të dallojë tekstin nga një grumbull fjalish pa lidhje kuptimore (jo-tekst) | • Teksti dhe fjalia | • Tekst<br>• Fjali | • Ushtrime për dallimin e tekstit nga joteksti.<br>• U shpërndahen nxënësve copëza letre të përgatitura me 3-5 pjesë të kafshëve të ndryshme (p.sh. lepuri, lope, kali, qeni etj.), në të cilat mungon ndonjë pjesë. U jepet për detyrë që t'i bashkojnë ato për të kompletuar figurën e kafshëve. Pasi nuk do të mund ta bëjnë atë, atëherë u jepen edhe copëzat e tjera që u kanë munguar. Më pas ata do të kompletojnë figurën dhe me ndihmën e pyetjeve të arsimtarit do të zhvillohet diskutim për rastin e pare dhe të dytë.<br>• Jepet një tregim i shkurtër nëpërmjet ilustrimeve pa tekst. Jepen dy detyra: 1. Për secilin ilustrim formoni fjali. 2. Lidhni fjalitë sipas kuptimit, duke hartuar një tregim të shkurtër (tekst).<br>• Jepet një tekst i përzier me dy ngjarje, si p.sh. 1. Shkolla ime dhe 2. Ditëlindja e Artës. Të rishkruajnë fjalitë nën temën përkatëse dhe pastaj të thonë sa fjali ka në secilin tekst.<br>• Ushtrime për të formuar fjali me shkrim e me gojë.<br>• Ushtrime për të shkruar vetë një tekst të shkurtër (3-4 fjali). |
| • të dallojë veçoritë e gjuhës së folur dhe të shkruar | • Gjuha e folur dhe e shkruar | • Gjuhë e folur<br>• Gjuhë e shkruar | • Ushtrime për të hetuar veçoritë e gjuhës së folur dhe të gjuhës së shkruar<br>• Ushtrime për të vërejtur tiparet e gjuhës së folur dhe për të bërë dallimin ndërmjet gjuhës së folur dhe gjuhës së shkruar. P.sh. një fjali të njëjtë së pari e themi me gojë e pastaj e shkruajmë. Nxiten nxënësit të gjejnë ngjashmëritë dhe dallimet. |

| Objektivat | Përmbajtja | Konceptet | Veprimtaritë dhe metodat |
|---|---|---|---|
| • të dallojë fjalët e format dialektore nga fjalët e format e gjuhës standarde shqipe | • Dialektet e gjuhës shqipe<br>• Gjuha standarde | • Dialekt<br>• Gjuhë standarde | • I njëjti tekst jepet në dy variante dialektore: gegërisht e toskërisht.<br>• Detyrë: Shndërrojeni tekstin në formën standarde.<br>• Vizatohen tri kolona:<br>gegërisht – toskërisht – gjuhë standarde<br>Shkruhen fjalët dhe format e tyre në kolonën përkatëse. Çfarë dallimi hetoni? |
| • të dinë se ç'janë zanoret dhe bashkëtingëlloret dhe të bëjnë dallimin ndërmjet tyre | • Zanoret dhe bashkëtingëlloret | • Zanore<br>• Bashkëtingëllore | • Ushtrime për dallimin e zanoreve dhe nyjëtimin e drejtë të tyre |
| • të formojë kuptim për emrat konkretë dhe abstraktë | • Emrat konkretë dhe abstraktë. | • Emër konkret<br>• Emër abstrakt | • Të jepen tekste me emra konkretë dhe me emra abstraktë. Nxënësi të gjejë emrat dhe të përcaktojë cilit grup i takon. |
| • të kuptojë, të dallojë dhe të përdorë si duhet gjininë e emrave në të folur dhe në të shkruar | • Numri i emrit | • Numër i emrit | • Ushtrime për të përcaktuar numrin e emrit.<br>• Punë në grupe, lojë në role. |
| • të përvetësojë kuptimin për mbiemrin dhe ta përdorë drejt në të folur dhe në të shkruar | • Përdorimi i mbiemrit | • Mbiemër | • Të thonë cilësitë (ngjyrën, madhësinë ose ndonjë tipar tjetër të sendeve.<br>• Të flasin për vetitë e shokëve dhe të shoqeve në klasë. |
| • të ketë kuptim për përemrin si fjalë që përfaqëson një emër | • Përdorimi i përemrave vetorë | • Përemri vetor | • Ushtrime për të dalluar përemrin vetor nga fjalët e tjera dhe rastet kur ai përdoret në vend të emrit. P.sh.<br>*Agimi mëson shumë.*<br>*Ai është i shkëlqyeshëm.* |

| Objektivat | Përmbajtja | Konceptet | Veprimtaritë dhe metodat |
|---|---|---|---|
| • të dallojë dhe të përdorë foljet ndihmëse kam dhe jam në kohën e tashme, në të pakryerën, të kryerën e thjeshtë dhe në të ardhmen. | • Foljet ndihmëse kam dhe jam në kohët thjeshta | • Kohët e thjeshta të foljes | • Ushtrime me tekst përkatës për të dalluar foljet ndihmëse kam dhjam në kohën:<br>• e tashme (kam, jam),<br>• e pakryer (kisha, isha)<br>• e kryer e thjeshtë (pata, qeshë)<br>• e ardhme (do të kem, do të jem). |
| • të dijë ç'është kryefjala dhe kallëzuesi;<br>• të dallojë dhe të gjejë kryefjalën dhe kallëzuesin në fjali.<br>• të dallojë renditjen e zakonshme të fjalëve në fjali<br>• të krijojë fjali me renditje të zakonshme | • Rendi i fjalëve në fjali: kryefjala + kallëzuesi+ pjesa plotësuese | • Kryefjalë<br>• Kallëzues | • Ushtrime për të dalluar renditjen e fjalëve në fjali sipas kuptimit. P.sh. Radhitni fjalët që të shprehin një mendim të caktuar, si:<br>e do gjyshen e vogël Kësulëkuqja<br>piqen e vjeshtës pemët në stinën<br>Fatoni mirë shumë dhe Besniku mësojnë.<br>• Të priten me gërshërë fjalë nga tekste të ndryshme (revista, gazeta etj.) dhe të njëjtat t'i radhisin sipas rendit të rëndomtë të fjalëve. |
| • të bëjë ndërrim vendesh të fjalëve pa humbur kuptimin fjalia | • Zhvendosje brenda fjalisë | • Rend i zakonshëm<br>• Rend i mundshëm | • Mundësia e ndërrimit të vendeve të fjalëve në fjali<br>• Të jepen fjali dhe të shihen të gjitha mundësitë e renditjes së fjalëve, si p.sh.:<br>• *Lulet çelin në pranverë. (rend i zakonshëm)*<br>• *Në pranverë çelin lulet. (rend i mundshëm)* |
| • të zgjerojë ose të shkurtojë fjalinë e vogël | • Zgjerimi dhe shkurtimi i fjalisë së vogël | • Zgjerim<br>• Shkurtim | • Ushtrime për të dalluar shkurtimin dhe zgjerimin e fjalive më të vogla. P.sh.<br>*Besniku luan futboll me shokë në oborrin e shkollës.*<br>*Besniku luan futboll me shokë në oborr.*<br>*Besniku luan me shokë.*<br>*Besniku luan futboll.*<br>*Besniku luan. (fjalia më e vogël)* |

| Objektivat | Përmbajtja | Konceptet | Veprimtaritë dhe metodat |
|---|---|---|---|
| • të pasurojë fjalorin me fjalë me kuptime të ngjashme dhe me kuptime të kundërta | • Zgjerimi dhe shkurtimi i fjalisë së vogël | • Zgjerim<br>• Shkurtim | • Ushtrime për të dalluar shkurtimin dhe zgjerimin e fjalive më të vogla. P.sh.<br>*Besniku luan futboll me shokë në oborrin e shkollës.*<br>*Besniku luan futboll me shokë në oborr.*<br>*Besniku luan me shokë.*<br>*Besniku luan futboll.*<br>*Besniku luan. (fjalia më e vogël)* |
| • të pasurojë fjalorin me fjalë me kuptime të ngjashme dhe me kuptime të kundërta | • Sinonimet<br>• Antonimet | • Sinonim<br>• Antonim | • Thuhet një fjalë (emër, mbiemër, folje), ndërsa nxënësit përpiqen të gjejnë sinonime, si vajzë, ..........; fshat .....; shoh, ........, - .......<br>• Gjeni antonimet e fjalëve: natë - ......., i bardhë - ....., hap - ...... |
» часописи – традиционално потврђени часописи за децу (одобрени часописи);

» аудио-визуелна средства и друга средства у зависности од предмета – ЦД;

» други извори учења из непосредне околине: споменици културе, музеји, домови културе, библиотеке, кина, позоришта, национални паркови и сл.

# 6. ОЦЕНИВАЊЕ ПОСТИГНУЋА УЧЕНИКА

**ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРАВАЊЕ И ОЦЕЊИВАЊЕ**

На почетку школске године, наставник врши дијагностичко проверавање и оцењивање с циљем да спозна стање такво какво што је у функцији квалитетног планирања и реализирања будућих активности. Дијагностичко проверавање, наставник може да реализира применом већег броја инструмената као што су: дијагностички тестови, усмена питања које припрема наставник, писање кратких састава.

Добивени одговори су слика ученичких предзнања у најширем смислу речи и представљају основу за планирање реализације наставног програма и процеса оцењивања у току наставне године.

**ФОРМАТИВНО ОЦЕЊИВАЊЕ**

У току наставе српског језика у четвртом разреду, препоручује се формативно слеђење које би омогућило формирање објективних описа као повратну информацију о постигнућима ученика у одређеном временском периоду. Формативно слеђење постигнућа ученика, наставник може да реализира користећи већи број метода за оцењивање:
• Разговори наставник-ученик;
• Усмене презентације;
• Писмене вежбе;
• Тестови;
• Домаћи задаци;
• Портфолио - сакупљање показатеља (дечјих израда, дела, исказа и сл.) за сваког ученика посебно;
• Портфолио треба, током целе године, да буде доступно родитељима да би могли да допринесу квалитетној реализацији наставе српског језика.
- Портфолио ученика, у којем су прочишћени и селектирани подаци, продужава и у наредном, вишем одељењу.

**СУМАТИВНО ОЦЕЊИВАЊЕ** – на основу целокупних података добивених слеђењем, проверавањем постигнућа ученика током реализације наставног програма, наставник констатира (описује) развојно стање свакога ученика појединачно, у оквирима сваког програмског подручја.

*На крају школске године наставник изводи одговарајућу нумеричку оцену.*

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НАСТАВНИХ ПРОГРАМА

Програм се у односу на просторне услове темељи на Нормативу о простору, опреми и наставним средствима за деветогодишњу основну школу, који је донео министар за образовање и науку Решењем бр. 07-1830/1 од 28.02.2008.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВНИ КАДАР

За реализацију наставног програма за Српски језик, а у складу са Законом за основно образовање, предвиђено је да ову наставу реализирају наставници који су завршили:
• Педагошки факултет – професор разредне наставе;
• Филозофски факултет – Институт за педагогију.

**Забелешка:** Наставници који ће предавати српски језик у разредној настави треба да знају српски језик. Знање српског језика оцењује комисија формирана од стране Бироа за развој образовања и Филолошког факултета „Блаже Конески“.

# 9. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАДУ НАСТАВНОГ ПРОГРАМА

» Нада Николовска, саветник у Бироу за развој на образованието - Скопје;
» м-р Ненад Вујадиновић, асистент на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” – Скопје;
» Горица Веловска, одделенски наставник во основното училиште „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
» Соња Јовановска, професор во основното училиште „Лазо Трповски“ – Скопје;
» Марина Маркоска, професор по српски јазик – Охрид

Наставни програм за *срӣски језик* у четвртом разреду деветогодишњег основног образовања донео је министар образовања и науке решењем бр. 07-4052/1 године 22.05.2008.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА



# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
## за учениците од другите заедници

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот македонски јазик за учениците од другите заедници за IV одделение на деветгодишно основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Наставната програма по предметот македонски јазик за учениците од другите заедници е единствена и е наменета за учениците кои ја следат наставата на албански и на турски јазик.
Македонскиот јазик е дел од културното наследство на македонскиот народ и главно средство за општење меѓу различните заедници во Република Македонија. Учењето на македонскиот јазик го дефинираме како способност учениците од другите заедници да се служат со него, односно да го владеат македонскиот стандарден јазик (да се воспостави меѓукултурно општење). Намената на изучувањето на предметот македонски јазик за учениците од другите заедници е овие ученици да се запознаат со историското минато, литературата, уметноста, науката и технологијата на македонскиот народ.
Наставниот предмет македонски јазик за учениците од другите заедници се изучува од IV до IX одделение со следниот фонд часови: во четврто и петто одделение со по 2 (два) часа неделно или 72 часа годишно, во шесто и седмо одделение со по 3 (три) часа неделно или 108 часа годишно и во осмо и деветото одделение со по 2 (два) часа или 72 часа годишно.
Предметот македонски јазик за учениците од другите заедници од четврто до деветото одделение има статус на задолжителен предмет.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

❑да се поттикнува на постапно и систематско запознавање со македонскиот литературен јазик во различните форми на неговата усна и писмена употреба;
❑да ги совладува техниките на читање и на пишување на македонски литературен јазик;
❑да усвојува правилен изговор, да ги разликува гласовите и интонацијата на македонскиот литературен (стандарден) јазик;
-❑да се оспособува за разбирање и за доживување на литературни дела и други текстови на македонски јазик;
❑да се оспособува да зборува и пишува на македонски јазик во улога на слушатели, на раскажувачи и на соговорници;
❑да развива чувство на блискост, заедништво и соживот со македонскиот народ и со другите заедници.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

❑да се поттикнува за активно слушање и за разбирање на македонски стандарден (литературен) јазик;
❑да ги усвојува печатните и ракописните букви на македонското кирилско писмо;
❑да ги препознава и разликува глаголите како видови зборови во споредба со другите зборови и во споредба со глаголите во мајчиниот јазик;
❑да се оспособува да ги пишува со зборови броевите од 1 до 100;
❑да се оспособи за оформување кратки реченици;
❑да се оспособи за правилно гласно читање;
❑да се воведува во народната и во уметничката литература на македонскиот народ и на другите култури;
❑да се оспособува за прераскажување краток текст;
❑да се оспособува за раскажување по зададена тема;
❑да се оспособува за опишување лица, предмети, растенија и животни.

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Почетно читање и пишување | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| • Да ги препознава буквите на македонското кирилско писмо, да ги поврзува со соодветните гласови и да ги поврзува во зборови;<br>• Да се оспособува да чита и да пишува зборови и текст со печатни букви на кирилица. | • Печатни кирилски букви (графички симболи)<br>• Усвојување на големите и на малите печатни латинични букви преку поединечно и групно пишување)<br>• Значењето на редот на буквите во азбуката | • Македонско кирилско писмо (печатни букви)<br>• Азбука | • Вежби за воочување на разликите и сличностите помеѓу буквите на македонската кирилица и албанската латиница.<br>• Вежби за читање на зборови и текст од различни медиуми (учебник и др.) за нивно поврзување во реченицата.<br>• Вежби за читање со проверување на сфаќањето и разбирањето на текстот.<br>• Вежби за пишување на зборови на кирилско писмо за усовршување на пишувањето печатни букви на македонско кирилско писмо.<br>• Вежби за кажување на буквите по азбучен ред.<br>Методи: аналитичко-синтетички метод со елементи од глобалниот метод; групна обработка на буквите. |
| **Пишување** | | | |
| • Да ги усвојува малите и големите ракописни букви на македонско кирилско писмо и ги поврзува во зброви;<br>• да се оспособува да пишува зборови и куси реченици со ракописни букви од македонското кирилско писмо. | • Усвојување на големите ина малите ракописни букви на македонско кирилско писмо | • Македонска кирилица (ракописни букви) | • Вежби за употреба на малите и на големите ракописни букви на кирилското македонско писмо преку поединечно пишување и пишување на зборови и куси реченици.<br>• Вежби за правилно пишување и за поврзување на буквите во зборот и во реченицата.<br>• Методи: аналитичко-синтетички метод со елементи од глобалниот метод; групна обработка на буквите. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | **Граматика** | |
| Ученикот / ученичката:<br>• да ги утврдува знаењата за именките;<br>• да ги разликува општите и сопствените именки од другите видови зборови;<br>• да ги препознава општите и сопствените именки во реченицата. | • Општи и сопствени именки во македонскиот јазик | • Именка<br>• Општи и сопствени именки | • Вежби за разликување на општите и на сопствените именки од другите зборови во македонскиот јазик и да направи споредба со општите и сопствените именки во мајчиниот јазик. |
| • Да се оспособува да употребува глаголи (зборови со кои се искажува дејство или состојба).<br>• да ги препознава глаголите во реченицата. | • Глаголи (поим за глаголи - искажување дејство или состојба) | • Глагол<br>• Дејство<br>• Состојба | • Вежби за правилна употреба на глаголите во реченицата по модел на реченици, како на пр: Ана чита книга/што прави Ана?; Ана се облекува/ што прави Ана? Петре е ученик / што е Петре?<br>• Вежби за разликување на глаголи што означуваат дејство и глаголи што означуваат состојба (со спореба со мајчиниот јазик). |
| • Да се оспособува да именува броеви од 1 до 100. | • Броеви (1-100) | • Броеви | • Вежби за правилен изговор на броевите до 100.<br>• Вежби за правилно пишување на броевите со зборови. |
| • Да се оспособува да оформи реченица со основни реченични членови (подмет, прирок, предмет). | • Реченица со основни реченични членови | • Реченица<br>• Подмет<br>• Прирок<br>• Предмет | • Вежби за формирање реченици со основни реченични членови (подмет-прирок-предмет), како на пр.: Ѓултен јаде чоколада./ што јаде Ѓултен?; Ајтен пие млеко./ што пие Ајтен? |

Programa za IV oddelenie - 1_Layout 1 21.10.2009 16:02 Page 85

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да се оспособува да ги разликува потврдните и одречните реченици. | • Реченица<br>• Потврдна реченица во македонскиот јазик<br>• Одречна реченица во македонскиот јазик | • Реченица<br>• Потврдна<br>• Одречна | • Вежби со прашања и одговори (кратки и долги одговори со – да или со не). Вежби за самостојно оформување на потврдни и одречни реченици. |
| • Да се оспособува да ги разликува речениците според содржината (расказни, прашални и извични);<br>- да умее да составува различни видови реченици според содржината (расказни, прашални и извични). | • Видови реченици според содржината (расказни, прашални, извични) | • Реченица<br>• Расказна<br>• Прашална<br>• Извична | • Вежби за составување на расказни реченици.<br>• Вежби за составување на прашални реченици.<br>• Вежби за составување на извични реченици. |
| **Правоговор и правопис** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се оспособува правилно да ја употребува големата буква при пишување сопствени имиња и презимиња, географски поими и празници; | • Голема буква при пишување на почеток на реченица, кај личните имиња и презимиња, и имиња на населени места. | • Голема буква | • Вежби за употреба на голема буква. |
| • да ја применува функцијата на интерпункциските знаци (точка, прашалник, извичник) при читањето и пишувањето на македонско кирилско писмо. | • Интерпункциски знаци:<br>» точка;<br>» прашалник;<br>» извичник. | • Интерпункциски знаци:<br>» точка<br>» прашалник<br>» извичник. | • Вежби за препознавање и примена на интерпункциските знаци при читање и пишување на текстови на македонско кирилско писмо.<br>• Метди: аналитичко-синтетички. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Читање, литература и лектира | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Читање** | | | |
| • Ученикот се оспособува:<br>• за правилно гласно читање;<br>• за изразно читање со почитување на интерпункциските знаци;<br>• за читање во себе со разбирање на текстот; | • Логично читање;<br>» гласно читање;<br>» изразно читање (интонација на раскаазна, прашална и извична реченица)<br>• Читање во себе | • Логично читање;<br>» гласно читање<br>» изразно читање<br>• Читање во себе | • Слушање на текст прочитан од наставникот или следење на аудио или видеозапис.<br>• Вежби за правилно гласно и гогичко читање со почитување на интерпункциските знаци (читање на текстови напишани на македонско кирилско писмо). |
| **Литература** | | | |
| • Ученикот се оспособува:<br>• за препознавање на лирски, драмски и епски текст;<br>• врз основа на насочувачки прашања да ја открива тематско-идејната основа;<br>• да врши елементарна анализа на ликот. | • Обработка на текст<br>• Лирски<br>• Епски<br>• Драмски | • Лирски, текст<br>• Епски текст<br>• Драмски текст<br>• Тема<br>• Порака<br>• Лик | • Вежби за елементарна анализа на текст.<br>• Методи: *Метод на прашања и одговори (хевристички разговор - насочувачки прашања во кој се врши тематско-идејна анализа анализа и елементарни особини на ликот).* |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | **Усно изразување** | |
| • Ученикот да се оспособува македонскиот стандарден јазик да го користи за воспоставување културен комуникациски однос со опкружувањето во насока на:<br>» Лично претставување, приспособување на говорот во дадена ситуација, културно однесување со други луѓе. | • Форми на општествено општење<br>• Себепретставување<br>• Поздравување, обраќање кон познато и непознато лице | • Претставување<br>• Поздравување | • Игровни активности (разговор, симулација, драматизација, игра на улогии др.).<br>• Вежби врз соодветни текстови. |
| • Ученикот се оспособува да прераскаже краток текст на македонски стандарден јазик. | • Прераскажување | Прераскажување | • Вежби за прераскажување на краток текст со помош на насочувачки прашања. |
| • Ученикот да се оспособува да раскажува по зададена тема (училиште, семејство, град и село, превозни, средства, денови во неделата, месеци, годишни времиња). | • Раскажување | • Раскажување | • Вежби за раскажување по зададена тема на македонски стандарден јазик. |
| • Ученикот да се оспособува правилно да опишува, користејќи го македонскиот стандарден јазик. | • Опишување | • Опишување | • Вежби за опишување на лица, предмети растенија и животни. |
| • Ученикот да ги усвојува изразните вредности на говорот преку рецитирање пократка песна на македонски стандарден јазик. | • Рецитирање | • Рецитирање | • Вежби за рецитирање на кратки песни за усвојување на изразните вредности на говорот. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Писмено изразување** | | | |
| • Правилно да пишува зборови и реченици на македонското кирилско писмо. | • Препишување (на зборови и на реченици)<br>• Препишување на кратки текстови или делови од текстови (од печатно на ракописно македонско кирилско писмо и од ракописно на печатно македонско кирилско писмо)<br>• Писмено да одговараат на поставени прашања<br>• Прераскажување на обработен текст или дел од текст<br>• Раскажување на доживеан настан<br>• Раскажување со даден почеток<br>• Опишување на предмет, суштество, и лик<br>• Состав по низа слики и по дадени зборови<br>• Честитка<br>• Разгледница | • Препишување | • Ортографски вежби за препишување на зборови и реченици од печатни македонски кирилски букви на ракописни кирилски букви.<br>• Вежби за препишување на реченици со зборови каде што некои од нив се дадени со слика или со цртеж.<br>• Препишување (на зборови и на реченици).<br>• Препишување на кратки текстови или делови од текстови (од печатно на ракописно македонско кириличнo писмо и од ракописно на печатно македонско кирилско писмо).<br>• Прераскажување на обработен текст или дел од текст.<br>• Раскажување на доживеан настан;<br>• Раскажување со даден почеток.<br>• Опишување на предмет, суштество, и лик.<br>• Состав по низа слики и по дадени зборови.<br>• Честитка.<br>• Разгледница. |
| • Правилно ги применува граматичките и правописните норми. | • Слободен диктат | • Диктат | • Вежби за проверување на граматичките и правописните норми. |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Остварувањето на општата цел на предметот македонски јазик за учениците од заедниците за периодот од IV до VI одделение ќе биде успешно доколку целосно се исполнат сите конкретни цели кои се систематизирани по одделенија и периоди.

Наставата за ***почетно читање и пишување*** треба да се реализира со современи форми методи на работа. Изборот и примената на формите и методите ќе зависи, пред сè, од способеностите и предзнаењата на учениците.

За програмското подрачје *Почетно читање и пишување* предвидени се околу 20 часа од вкупниот фонд часови (72).

Во процесот на усвојувањето на читањето и пишувањето покрај учебникот препорачливо е да се користат што повеќе природни ситуации: читање на натписи, фирми, имиња на улици, наслови на книги, сликовници и сл.

Текстовите за читање треба да бидат кратки (по содржина и по структура на речениците), да бидат динамични и интересни. Непознатите зборови во текстот претходно треба добро да им се објаснат на учениците.

Содржините од програмското подрачје *Јазик*, знаењето и поимите е предвидено да се проширувaат и развиваат од одделение во одделение.

Програмското подрачје **Литература и лектира** има за цел ученикот да ја совлада техниката на читање во себе и на гласното читање и да развие навики за почитување на интерпункциските знаци. *Гласното читање* има за цел да го следи и увежба изговорот, а истовремено ученикот и да го разбере прочитаното. *Читањето во себе* треба да се увежбува со учениците кои веќе правилно и точно го применуваат гласното читање. Во ова одделение и во целиот овој период паралелно се негуваат двата вида на читање, иако повеќе треба да доминира гласното читање.

При реализацијата на програмското подрачје ***Јазик*** треба да се тргне од реченицата како основна говорна единица. За успешна реализација на планираните активности треба да се планира организирано набљудување, слушање и разговор за одредена тема, а подоцна и за прочитан текст. Речениците кои ќе се користат треба да бидат наменски и во истите да станува збор за лица, предмети, настани и појави од секојдневниот живот.

Подрачјето ***Изразување и творење*** има за цел да ја развие културата на усното и писменото изразување на ученикот. Иако во програмата ова програмско подрачје е издвоено како посебно подрачје со посебни содржини и форми на работа треба да се има предвид дека истото остварува внатрешна интеграција со другите програмски подрачја. При реализацијата на содржините од ова програмско подрачје треба да се користат лексички, морфолошки и семантички вежби. Преку овие вежби вниманието треба да се посвети на правилниот изговор, на вежбите за дискриминација на гласовите, на акцентот и инотнацијата.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на знаењата на учениците се врши по пат на примена на современи педагошки методи при што наставникот ќе води сметка за следење на постигањата на ученикот според претходно планираните цели. Притоа, тој ќе користи најразновидни инструменти за оценување и самооценување во однос на остварениот напредок на способностите за читање, пишување, раскажување слушање и разбирање на говорот. Оценувањето на постигањата на учениците е бројчано.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик од IV до VI одделение за учениците од заедниците може да ја изведува лице со завршен:
» Филолошки факултет – наставна насока: Македонски јазик и македонска книжевност;
» Филолошки факултет – наставна насока: Македонски јазик, српски јазик и книжевност;
Филолошки факултет – наставна насока: Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет;
» Педагошки факултет – група Одделенска настава на македонски јазик

## 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Мито Стефаноски, советник по македонски јазик и литература, Биро за развој на образованието - Скопје – раководител
» д-р Благица Петковска, професор, Педагошки факултет „Климент Охридски" –Скопје
» Анита штерјовска, професор, Педагошки факултет „Климент Охридски" –Скопје
» Елизабета Стојановска, професор, ОУ „25 Мај" – Скопје
» Билјана Петрушевска, професор, ОУ „Климент Охридски" – Скопје

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

НАСТАВНА ПРОГРАМА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 25 од Законот за основно образование („Сл.весник на РМ“ бр.103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот англиски јазик за IV одделение за деветгодишно основно образование.

# 1. ВОВЕД

Предметот *англиски јазик* како прв странски јазик е застапен во наставниот план за деветгодишното основно обрзование во сите три развојни периоди почнувајќи од прво одделение па сè до крајот на деветото одделение.

Застапеноста на предметот во наставниот план за деветгодишното основно образование се должи на современите тенденции во образовните системи на повеќето земји од Европската унија, каде што на изучувањето на првиот странски јазик му е посветено посебно внимание. Имено, со изучување на истиот се започнува од најмалата возраст на учениците, т.е. од првата година на задолжителното основно образование.

Современата настава по странски јазици за учениците од 6 до 14 години ја определуваат широко сфатената цел за усни и писмени комуникациски компетенции на странскиот јазик проширени со читачки, социокултурни и интеркултурни компетенции. Наставата е насочена на ученикот како субјект на наставниот процес, неговиот когнитивен-афективно-социјален развој, односно на развојот на неговата самостојност во учењето и стекнување на стратегии на учење како основа за доживотно учење.

Предметот англиски јазик во четврто одделение се изучува со 3 (три) часа неделно, односно 108 часа годишно и има статус на задолжителен предмет.

Појдовни основи за изготвувањето на наставните програми за IV, V и VI одделение во основното деветгодишно образование се:

- ❑програмскиот документ *Концепција за деветгодишното основно образование* (содржини и организација на воспитно-образовната дејност) од 2007 година;
- ❑*Заедничката европска референтна рамка за јазиците* (теориските основи и целите на современата настава по странските јазици и нивоата на компетенции за комуникативна употреба на странскиот јазик)[1].

---

[1]Како ориентација во однос на нивоата на јазични компетенции кои учениците би требало да ги постигнат на крајот на одделни воспитно-образовни периоди на основното образование се земени предвид насоките од Заедничката европска референтна рамка за јазиците, кои разликуваат вкупно шест нивоа на комуникативно користење на странскиот јазик. Во подрачјето на елементарно ниво тоа се нивоата А1 (подготвително ниво/Breakthrough) и А2 (темелно ниво/Waystage), во подрачјето на самостојно користење на јазикот нивоата Б1 (преодно ниво/Threshold) и Б2 (самостојно ниво/Vantage) и во подрачјето на компетентно користење на јазикот ниво Ц1 (напредно ниво/Effective Operational Proficiency) и Ц2 (највисоко ниво/Mastery).
Во услови на учење на англискиот јазик во Република Македонија учениците по првите три години на учење на англиски јазик (I-III одделение) можат делумно да го постигнат нивото А1 (подготвително ниво), по следните три години на учење на англискиот јазик (IV-VI одделение) можат целосно да го постигнат нивото А1 (подготвително ниво) и можат делумно да го постигнат нивото А2 (темелно ниво). Постигнувањето на компетенциите согласно наведените нивоа ќе биде прикажано преку очекуваните резултати во програмата за шесто одделение.

## 2. ОПШТИ ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД IV-VI ОДДЕЛЕНИЕ

❑Учениците да се стекнат со одреден фонд на лексички единици за рецептивно и продуктивно служење со јазикот, согласно развојниот период на учениците;
❑да се развиваат способностите за слушање и разбирање на едноставни јазични искази (искази од подрачјето на непосредна лична релевантност, пораки, известувања, упатства и сл.);
❑да се развиваат способностите за усно изразување, во согласност со возраста (развојниот период) на учениците;
❑да стекнуваат одреден лингвистички и социолонгвисички фонд на знаења и способности што ќе им овозможат да го користат во најразлични комуникативни ситуации;
❑да се оспособат учениците да читаат куси текстови за идентификување конкретни и глобални информации;
❑да се оспособат да пишуваат куси едноставни искази и текстови со правилна употреба на интерпункциските знаци;
❑да се воведат во некои елементи од културата на земјите чиј јазик се изучува и воопшто во други култури, во согласност со нивната возраст (развојниот период).

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

❑да се оспособи слухово и визуелно да препознава нови зборови и куси искази и да го разбере нивното значење;
❑да може да репродуцира и продуцира зборови и едноставни јазични искази;
❑да може да ја препознава графијата на претходно усно усвоени зборови;
❑да се оспособи да пишува познати зборови по спелување и едноставни јазични искази;
❑да може да води едноставна комуникација на ниво на усвоениот вокабулар и со примена на јазични функции блиски на возраста на учениците;
❑да се здобие со знаења за други култури.

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ[2] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го разбере значењето на лексичките единици, да ги репродуцира и да ги употребува во соодветни говорни ситуации. | Моето семејство (пошироко семејство) | son, daughter, grandchild, grandson/nephew, granddaughter / niece | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, именување на членовите на семејството по даден постер, фотографии, флеш-карти, цртежи, песнички The Wheels on the bus, вежби од типот на цртање на членовите на моето семејство итн. |
| | Мојот дом (мебел, просторот надвор и околу него) | sofa, armchair, fridge, cooker, toilet, ... garden, street, ... | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото; препознавање и именување на мебел во домот, како и просторот надвор и околу домот според фотографии, флеш карти (подредување на сликички на мебел од простории во сопствениот дом), пос-тер, игра (memory game-word chain); цртање и сл. |
| | Мојата соба (предмети во детската соба) Училишни предмети | bed, curtain, shelf, wardrobe, desk, chair, lamp, toybox | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, препознавање и именување на предмети во детската соба, во домот според фотографии, флеш-карти (подредување на сликички според сопствениот распоред на предметите во собата на учениците и индивидуално презентирање на својата соба), постер, игра (memory game-wорд цхаин), цртање на предмети во својата соба и презентирање пред целото одделение и сл. |

[2]При обработка на новиот лексички материјал не треба да се воведуваат повеќе од 6 до 7 нови лексички единици по наставен час. Лексичкиот материјал сукцесивно се проширува и се повторува.

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | Училишни предмети | Macedonian, Albanian… (mother tongue), Maths, English, Art, Science…. | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, вежби од типот поврзување на дадена слика со име на даден училиштен предмет, активности од типот на водење дискусија на тема: „Мојот омилен предмет” и сл. |
| | Атмосферски прилики | sunny, cloudy, raining, snowing, windy, icy | Вежби со цртање на појави карактеристични за одредено годишно време, раскажување на приказна за актуелното годишно време, учење на песнички проследени со TPR “It’s raining, it’s pouring”, симулација по дадена ситуација, игри од типот Incy wincy spider, The weather, igra od tipot Weather game (ученикот го облекува мо-де¬лот со соодветната облека за времето) и сл. |
| | Моето хоби (омилена игра, спорт, омилена активност) | drawing, singing, reading, playing football, playing computer games, | Активности од типот на водење дискусија на тема: Моја омилена игра (хоби), претставување преку цртеж на омилена игра, игри со флеш карти, вежби од типот поврзување на дадена слика со име на дадено хоби и сл. |
| | Сообраќајни средства | car, bus, bike train, plane, ship | Презентирање на сообраќајни средства со користење на реализација, цртање на омилено сообраќајно средство, учење на песнички проследени со TPR „Beep, beep, beep”, „The wheels on the bus”, вежба од типот симулација (учениците се ставаат во улога на омиленото сообраќајно средство кое се движи на коловозот), игра од типот Wordbox и сл. |
| | Професии/занимања | a doctor, a nurse, a dentist, a teacher, a lawyer, a pilot, a policeman, a postman, … | Активности од типот на водење дискусија на тема: што сакам да бидам кога ќе пораснам, именување на професии по даден постер, слика, флаш карти, учење на песнички проследени со TPR „Miss Polly had a dolly” и сл. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| --- | --- | --- | --- |
| | Основни форми (опишување) | circle, square, triangle, rectangle | Именување на основните форми по дадена сли-ка, постер, флеш карти, игри од типот ruessing game The shape bar (учениците ја погодуваат скриената форма во ташната на наставникот), игри од типот Make the shape of the alphabet letters, Invent a shape, Plasticine shapes (учениците моделираат според инструкциите на наставникот). |
| | Моето тело (проширување на вокабуларот) | body, neck, stomach, back, hand, fingers, feet…. | Вежби од типот на посочување на конкретните делови на своето тело, игри од типот Симон says …, Робот гаме, учење на песнички “You’ve got me”, “Here we go looby loo”, римувалки Body rhyme, активности од типот на користење мимика, гестикулација, TPR, активности од типот цртање и боење и сл. |
| | Делови од облеката (проширување на вокабуларот) | sweater, scarf, gloves, boots, shorts, sandals, glasses | Активности од типот на вежби со слушање на аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, активности од типот на цртање на омилена облека, игра од типот Weather game (ученикот го облекува моделот со соодветната облека за времето), игра од типот Wordbox и сл. |
| | Животни (делови од телото на животните) | paws, tail, claws, horn, beak, … | Именување на делови од телото на животните по даден постер, слика, флаш карти; активности од типот на користење мимика, гестикулација, TPR, активности од типот цртање и боење, кажување приказни, драматизации и сл. |

<table>
<tr><th colspan="4">ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ[3]</th></tr>
<tr><th>Цели</th><th>Содржини</th><th>Поими</th><th>Активности и методи</th></tr>
<tr><td>Ученикот/ученичката:<br>• да го препознава и правилно да го применува значењето на Present Simple Tense во 3-то лице еднина.</td><td>Сегашно време (Present Simple Tense).</td><td>Her mother works in a school.</td><td rowspan="4">Активностите и методите кои ги сугерираме можат да се применат во сите наведени содржини во граматиката согласно барањата за изучување на граматичките структури. Активности кои се сугерираат за реализација на содржините од граматиката се следните:<br><br>• слушање на исказ од наставникот и невербално реагирање на истиот (мимика, гестикулација, TPR);<br>• вежби од типот на вербално реагирање на поставено прашање;<br>• вежби со користење на илустрации, флеш карти и постери;<br>• користење на реалија како средство за реализација на одредени содржини од граматиката;<br>• игри со броење, цртање, подредување;<br>• песнички;<br>• играње по улоги и симулации на дадени ситуации и сл.<br>• активност од типот Jazz Chants.</td></tr>
<tr><td>• Да го разбира значењето на показните заменки и нивната правилна примена.</td><td>Показни заменки</td><td>this,that,these,those</td></tr>
<tr><td>• Да може да го препознае значењето на присвојните придавки за прво и второ лице множина и нивната правилна примена.</td><td>Присвојни придавки</td><td>my,his,our,its,their, your</td></tr>
<tr><td>• Да ја разбере, препознае и правилно применува правилната множина кај именките. (проширено)</td><td>Правилна множина кај именките</td><td>orange-oranges<br>baby-babies</td></tr>
</table>

[3]Граматичките структури <u>никогаш</u> не се толкуваат експлицитно, туку нив учениците ги усвојуваат глобално во предложени јазични структури.

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да го разбере, препознае и правилно да го применува Present Continuous Tense. | Сегашно време (Present Continuous Tense) | Tom is playing football.<br>Is Tom playing football?<br>Tom isn't playing football. | |
| • Ученикот да може да ја препознае разликата помеѓу Present Simple Tense и Present Continuous Tense. | Разлики помеѓу Present Simple Tense и Present Continuous Tense | Ana walks to school every day.<br>She's walking to school now. | |
| • Ученикот да ги разбира и препознава прилозите за време на Present Simple Tense и Present Continuous Tense. | Прилози за време на Present Simple Tense и Present Continuous Tense | usually, sometimes:<br>now, at the moment | |
| • Да може правилно да ги употребува WH-прашањата во усната комуникација. | WH-прашања | When is your birthday?<br>What time do you get up? | |
| • Да ја препознава, разликува и правилно да ја применува безличната форма за еднина и множина. | Разликување на еднина и множина | There is a book.<br>There are books. | |
| - Да препознава и да разликува бројни и небројни именки. | Бројни и небројни именки | an apple,<br>milk, butter, ... | |
| • Да може правилно да ја разбере и примени употребата на соме и анs. | some i any | Is there any milk?<br>There are some apples. | |
| • Да може да го разбере значењето на помошниот глагол цан во контекст на искажување способност за вршење на одредено дејствие и правилно да го употребува во контекст на искажување способност. | Помошен глагол can и прашална форма со глаголот can. | Kate can dance.<br>Can you speak English? | |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>• да може да води едноставна комуникација во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции на ова ниво на изучување на јазикот, односно блиски на неговата/нејзината возраст. | Претставување, себеси и блиските роднини и другари и давање опис на себеси и членовите на своето семејство | This is my sister.. She is 10. She has got brown hair. She is tall. | Активности од типот на претставување и опишување на членови на своето семејство по дадена фотографија, постер, кажување приказни и сл. |
| | Поставување едноставни прашања и давање одговор | What`s your name? I`m Svetlana.<br>Who is this?- This is my friend.<br>What time is it?-It is five o`clock.<br>What day is it today?- Monday. | Игри во двојки (водење дијалог); игри од типот Blind folded, What`s the time, Mr. Wolf? и сл. |
| | Модели на културно однесување | Here you are!-Thanks/Thank you very much- You are welcome<br>Can I borrow your pen, please? | Увежбување на јазичната функција преку работа во двојки (симулација по дадена ситуација), драматизација и сл. |
| | Именување на училишни предмети | We have English today.<br>Sara likes Music | Активности од типот на работа во двојки (симулација по дадена ситуација), кажување на распоредот на училишните предмети по даден распоред итн. |
| | Именување и опишување на облека | My t-shirt is green.<br>My shoes are white. | Активности од типот hands-on activities. |
| | Именување и опишување на делови од телото на животните | Paws, tail, mane, claws | Активности од типот hands-on activities. |
| | Именување и опишување на просториите во домот и мебелот во него | We sleep in the bedroom.<br>My mum cooks in the kitchen.<br>The television is in the living room. | Активности од типот вербално искажување по дадени слики и цртежи и употреба на флеш карти со семантички целини. |
| | Опишување на предметите во својата соба | The curtains are pink.<br>The wardrobe is big. | Активности од типот вербално искажување по дадени слики и цртежи од својата соба. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | Искажување местоположба на дадени предмети | My computer is on the desk.There is a lamp by the bed. | Активности од типот вербално искажување по дадени слики и цртежи од својата соба и предмети во училницата Picture dictation. |
| | Именување на професии | My mother is a teacher. | Именување на професии по дадени слики и флеш карти. Цртање и опис на предмети кои се употребуваат во дадена професија.<br>Игри од типот мимика и пантомима, а другите ученици да ја погодат професијата. |
| | Искажување наредби | Stop talking!<br>Go straight.<br>Clean the blackboard, | Игри од типот на Робот гаме, Jazz chants како Stop that noise и Sh,sh, baby's sleeping. |
| | Годишни времиња и искажување на временски прилики | What season is it?<br>It is spring.<br>It is usually rainy in spring<br>It snows in winter. | Активности од типот користење на флеш карти за давање опис на годишните времиња, цртање. |
| | Посакување пријатни празници | Have a nice holiday!<br>Have a nice weekend!<br>Happy New Year! | Симулирање на говорна ситуација на тема празници (училиштен распуст, национални и верски празници и др.).<br>Изработка на честитки за одредени празници, симулација на претстава по повод одреден празник. |
| | Искажување молби со May I? | May I close the window?<br>May I borrow your pen?. | Работа во двојки. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | Поставување прашања со When, Where, Whose | When do you get up?<br>When does the lesson finish?<br>Where do you live?<br>Where is my pen?<br>Whose pen is that? | Поставување прашања и и давање одговори (работа во двојки). Поставување прашања по дадени слики и сл. |
| | Опишување активности во слободното време, хоби и интереси | I like reading books and playing computer games.<br>I play tennis every Saturday | Активности од типот на индивидуално искажување на спортови и игри омилени на ученикот/ученичката; работа во двојки и групи. |

| СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| • Ученикот да може да го разбере значењето на лексичките единици предвидени за изучување за оваа возраст. | Лексичка единица | son, daughter, …<br>sofa, fridge, garden…<br>bed, curtain, shelf, …<br>English, Art, Music, …<br>sunny, cloudy, …<br>drawing, singing, …<br>car, bus, bike, ...<br>a doctor, a teacher, …<br>circle, square, …<br>neck, stomach, back, …<br>sweater, scarf, gloves, …<br>paws, tail, mane, … | Невербално реагирање на: говорен поттик, слики, постери, флеш карти; игри од типот Симон casc ..., Incy wincy spider; песни (пр. The wheels on the bus, It's raining, it's pouring ) и сл. |
| • Ученикот да разбира едноставни куси искази. | Едноставни куси искази | He is my son.<br>My curtains are red.<br>I like English.<br>Today is sunny.<br>Susan likes drawing.<br>Tom goes to school by bus.<br>My dad is a dentist.<br>The giraffe's neck is long.<br>His gloves are blue.<br>The lion's paws are big. | Вежби од типот на соодветно реагирање на слушнати искази (од аудиозапис или од наставникот, на пр.: движење на телото, мимика); невербално реагирање на инструкција/ исказ од наставникот и сл. |

| ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| • Ученикот/ ученичката:<br>• правилно да ги изговара и соодветно да ги применува лексичките единици во едноставни куси искази предвидени за ова ниво за изучување на јазикот во рамките на предвидените јазични функции и граматички структури. | Лични податоци | I am Lile. I am 9. I am from Bitola. I like English. I have got e very nice sister. | Активности од типот на вербално повторување и продуцирање на едноставни исказни реченици преку: играње по улоги, бројалки,<br>рецитирање и пеење, по можност проследено со движења, учество во кратки дијалоки ситуации, драмски изведби и раскажување приказни како потврда за усвоеност на лексиката и структурите. |
| | Мојот дом | I live in a big/small house. There is a big/small garden. | |
| | Училишни предмети | My favourite subject is Maths. | |
| | Омилени спортови | I play football every Saturday. | |
| | Членови од поширокото семејство | My nephew is very small. | |
| | Професии | My mum is a hairdresser. | |
| | Сообраќајни средства | I go to school by bus. | |
| | Атмосферски прилики | It snows in winter | |

| ЧИТАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со спецификите на англиската азбука;<br><br>• да може да ја меморира графичката слика на зборови и изолирани реченици на ниво на претходно усвоени усни модели;<br><br>• да може да прочита многу куси дијалози, прашања и одговори и куси описи. | Англиската азбука<br><br><br><br><br>Читање содржини од усвоениот вокабулар, јазични функции и едноставни куси искази<br><br><br><br><br>Читање куси дијалози и куси описи<br>Читање прашања и одговори | English alphabet<br><br><br><br>I have many cousins......<br>My hobby is....<br>There is a bed in my room......<br>There is a desk in my room...<br>My favourite subject is ......<br>How do you go to school?<br>I go to school by bus....<br>How many cousins have you got?<br>What's your hoby? | Вежби од типот на гласно читање (во група и индивидуално); активности од типот на поврзување на зборови со слики и предмети; поврзување на едноставни куси реченици со слики; стимулирање на читање со разбирање (користење на флеш карти, сликички, постери итн.) прашања и одговори; куси описи на слики и ситуации; опис на постери; работа во парови и групи. |

| ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се оспособи правилно да го користи англиското писмо на ниво на изолирани лексички единици;<br><br>• да може правилно да пишува едноставни реченици, од аспект на спелување, структура и интерпункција. | Англиската азбука<br>Правилно спелување<br><br>Пишување имиња на училишни предмети, роднини, средства за превоз, делови на тело.<br>Пишување на зборовите во реченици<br>Пишување куси реченици во честитки за различни пригоди и сл. | book, desk , bus, car<br>Lile<br>(el, ai, el, i)<br><br>How do you go to school?<br>I go to scool on foot.<br>There is a computer im my room.<br>Merry Christams!<br>Happy New Year! | Вежби од типот на дополнување на зборови со испуштени букви (игра од типот Hangman); вежби со пишување на своето име; игра од типот составување на едноставни зборови од дадени букви со измешан редослед; пишување на зборови по дадени слики, диктати на усвоени зборови и реченици; препишување на дијалози; пишување честитки за празници; барање изучени поими во крстозборки. |

**Компонента 7. Култура**

Содржините од *Култура* се застапени во сите компоненти во изучувањето на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента.
Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики и сличности како основа за развивање на толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр., преку имиња, празници, модели на културно однесување, храна, песни, игри, бројалки, комуникативни модели, паралингвистички елементи и др.), организирање мали прослави за одбележување на Денот на вештерките (Halloween), Божик, Априлијада, Велигден и сл.

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во планирањето на наставата за четврто одделение предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во четврто одделение, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчиниот јазик.
Наставата по англиски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на мултисензорно (визуелно, аудитивно, тактилно и др.) и холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги инте¬грира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.
Согласно горенаведеното во странскиот јазик не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.
Наспроти карактеристиките на раното изучување на англискиот јазик (I-III одделение), наставата во повисоките одделенија на основното образование (IV-VI одделение) постапно се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање во рамките на компонентата разбирање, на говорот како од аспект на говорна интеракција, како и од аспект на говорна продукција, т.е. на пишувањето.

**Наставни средства:**
❑ комплет од одобрен учебнички систем;
❑ пакет прирачен материјал за наставникот (флеш-карти, постери и др.);
❑ касетофони/касети со песни; компјутер со соодветен софтвер; ЦД-РОМ, ТВ со ДВД;
❑ други извори на учење во непосредната околина - предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
❑ Интернет пристап, образовни софтвери;
❑ списанија за наставникот.

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Следење на постигањата на учениците***

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните актив¬ности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочу-вање на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се раз¬ликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.
Битно е поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл.
Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши описно во текот на училишната година при што наставникот има обврска во посебна тетратка кон¬тинуирано да води забелешки за секој ученик посебно за неговото напредување согласно компонентите на јазикот предвидени со наставната програма за четврто одделение. Со цел на родителите да им се овозможи увид во напредувањето на нивните деца и во нивниот процес на учење пожелно е да се воведе Европско јазично портфолио кое придонесува учениците да ја развијат свеста како учесници во наставниот процес. Портфолиото ги води кон сфаќање на учењето како процес на стекнување на знаења и вештини во кој активно учествуваат. Притоа ги поттикнува на размислување за успешните стратегии на учење, за проценка на постигнатите знаења и вештини, како и за индивидуалните желби и планови за напредување и учење на странскиот јазик.
На крајот на четвртото одделение учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка.

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативниот простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-4061/1 од 31.05.2007 година
Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за второ одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за четврто одделение.
Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушнат подобро што се зборува и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупи те да бидат доближени заедно, разни варијанти на буквата U, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација).

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

• Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока, VII[1]
• Завршени студии по англиски јазик и книжевност, VII[1].
шени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1]

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Силвана Ветероска, советник по англиски јазик, Биро за развој на образованието - Скопје – раководител
» м-р Марија Маџар , виш лектор, Филилошки факултет „Блаже Конески“- Скопје
» Армира Гаваз - Абедини, наставник по англиски јазик, ОУ „Јане Сандански“ - Скопје
» Милица Ѓорѓиевска, наставник по англиски јазик, ОУ „Тодор Ангелески“- Битола
» Оливија Жежова, наставник по англиски јазик, ОУ „Димитар Македонски“- Скопје

Наставната програма по *англиски јазик* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-9560/1 од 10.12.2008 година.

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ




# МАТЕМАТИКА

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот математика за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Математиката е еден од темелните наставни предмети во основното училиште. Ученикот ќе стекне знаења и навики кои се битни за неговото успешно вклучување во повисоките степени на образование и во останатите сегменти на општеството. Поимите што се обработуваат во рамките на предметот математика се усогласени со когнитивниот развој на ученикот, т.е. со неговите индивидуални можности. Тие, исто така, се во корелација со други сродни предмети и со непосредната животна околина.
Со реализација на наставните содржини и другите видови активности во наставата по предметот математика се постигнуваат образовни, информациски, функционално – формативни и воспитни цели. Притоа, во наставата по математика се усвојуваат основни и изведени математички поими, постапки, правила и законитости, се развиваат различни облици на мислење, со што кај ученикот се развиваат способности за творечка активност, формални знаења и вештини. На тој начин ученикот ги применува математичките знаења и вештини во секојдневниот живот.
Освен што се поттикнува когнитивниот развој на ученикот, со поучувањето и учењето на математиката се поттикнува и неговиот афективен и моторички развој, односно развојот на целокупната личност на ученикот. Поконкретно, се овозможува јакнење на самодовербата на ученикот, развивање на упорност, одговорност и прецизност во работата, негување на работните навики, развивање на перцепциите (особено визуелната и тактилната) и ориентирање во просторот и времето.

Значењето на математиката, како наставен предмет, е и во развивањето на мисловните процеси, поконкретно на способностите за анализа, синтеза, апстрахирање и воопштување, како и во решавањето на проблеми и воведувањето во истражувачки постапки.

Предметот математика е задолжителен предмет. Со наставниот план за деветгодишното основно образование за предметот математика во IV одделение се предвидени 4 часа неделно, односно 144 часа годишно.

# 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката се оспособува:

- да ги извршува основните аритметички операции во множеството на природните броеви над милион;
- да ги извршува основните аритметички операции во множеството на позитивни рационални броеви (дропки со еднакви именители и децимални броеви);
- да ги применува основните аритметички операции при решавање на проблеми од практиката;
- да воочува проблемски ситуации во секојдневниот живот и да наоѓа начини за решавање;
- да ги познава основните геометриски поими и да ги објаснува фигурите: полуправа, отсечка, полурамнина, агол, многуаголник, триаголник, правоаголник, квадрат, како и геометриските тела: коцка, квадар, пирамида, цилиндар, конус и топка;
- да мери со инструментите за мерење должина, маса, време и течност и да врши проценки;
- да ги разбира и применува единиците мерки и да ги претвора од поголеми во помали и обратно;
- да собира и одзема именувани броеви и да претвора поголеми во помали;
- да ги применува здобиените математички знаења за пресметување вредност на бројни изрази и решавање равенки и проблеми од секојдневниот живот;
- да прибира, класифицира, споредува, чита, презентира и интерпретира податоци;
- да користи математичка терминологија и симболика (усно и писмено);
- да го развива математичкото мислење и логичкото размислување;
- да се однесува критички кон сопствената работа и кон работата на другите;
- да се однесува одговорно во извршувањето на своите обврски;
- да користи ИКТ во содржини од математиката;
- да стекне особини на: самостојност, иницијативност, точност, љубопитност, истрајност во работата;
- да го јакне чувството на сигурност и самодоверба, при што математиката ја доживува како пријатно искуство.

# 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

- да ги извршува основните аритметички операции во множеството на природните броеви до 1 000;
- да ги применува основните аритметички операции при решавање на проблеми од практиката;
- да воочува проблемски ситуации во секојдневниот живот и да наоѓа начини за решавање;
- да ги разликува и црта геометриските фигури: точка, права, отсечка, полуправа, рамнина, агол и триаголник;
- да ракува и да мери со инструментите за мерење должина, маса, време, течност;
- да врши проценки при мерењето на величините и со мерење да ги проверува своите проценки;
- да прибира, класифицира, споредува, чита, презентира и интерпретира податоци;
- логички да размислува;
- да стекне особини на: самостојност, иницијативност, точност, љубопитност, истрајност во работата;
- да го јакне чувството на сигурност и самодоверба, при што математиката ја доживува како пријатно искуство.

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| БРОЕВИ ДО 1 000. СОБИРАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ ДО 1 000 | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да претставува множества со Венов дијаграм;<br>• да воочува и покажува елемент на дадено множество, да одредува број на елементи во множеството;<br>• да ги применува поимите: припаѓа и не припаѓа и симболички да ги запиѓшува;<br>• да одредува унија и пресек на множества и симболички да ги запишува. | • Претставување множества. Број на множество. Унија и пресек на мно-жества | • Множество; Венов дијаграм<br>• Елемент на множество:<br>» припаѓа∈<br>» не припаѓа∉<br><br>• Број на елементи на множеството<br>» Број на множество (d(A))<br><br>• Унија на множества<br>• Пресек на множества<br>• Броеви до 1 000 | • Конретна проблемска ситуација ја илустрира со соодветен нумерички запис.<br>• Претставување на броевите до 100 со дидактички материјали (пр., стапчиња претставуваат стотки, коцки претставуваат десетки, а боички единици).<br>• Формира низа од броеви до 1 000 според дадено барање (на пр., ги запишува полните десетки од петтата стотка).<br>• Игра во група (на пр., еден ученик зема картонче со бројот<br>1, друг со бројот 5, а трет со бројот 7; се запишува добиениот трицифрен број со цифри и зборови, а потоа ги заменуваат местата на цифрите и ги запишуваат сите можни брое-ви).<br>• Споредува броеви и означува со содветен симбол.<br>• Ученикот има картонче со бројот 368; излегуваат две другарчиња кои ги имаат броевите што се претходник и следбеник на тој број. |
| • Да собира и одзема броеви до 100 (повторув.)<br>• да чита и запишува броеви до 1 000. | Собирање и одземање до 100.<br>Броеви до 1 000 | • Единици, десетки, стотки:<br>• едноцифрен број;<br>• двоцифрен број;<br>• трицифрен број. | |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да одредува месна вредност на цифра во бројот. | • Месна вредност на цифра во број | • Месна вредност | |
| • Да споредува броеви до 1 000;<br>• да одреди претходник и следбеник на даден трицифрен број; | • Споредување на броевите до 1 000<br><br>• Претходник и следбеник | • Претходник (повторув.)<br>• Ссследбеник (повторув.) | |
| • да ги применува редните броеви во практични примери;<br>• да ги препознава парните, односно непарните броеви до 1 000. | Редни броеви до 1 000<br>Парни и непарни броеви до 1 000<br>Собирање стотки и десетки до 1 000 | Реден број (повторување)<br>Парен број (повторување)<br>Непарен број (повторув.) | • Одредува реден број запишан на картонче.<br>• Се редат децата во парови.<br>• Се бројат децата преку еден. |
| • Да собира и одзема стотки, односно десетки, до 1 000;<br>• да собира трицифрен и едноцифрен број (без премин);<br>• да собира трицифрен и двоцифрен број (без премин);<br>• да одзема едноцифрен од трицифрен број (без премин);<br>• да одзема двоцифрен од трицифрен број (без премин); | Одземање стотки и десетки до 1000<br>Собирање на трицифрен и едноцифрен број (без премин)<br>Собирање на трицифрен и двоцифрен број (без премин)<br>Одземање на едноцифрен од трицифрен број (без<br>премин)<br>Одземање на двоцифрен од трицифрен број (без премин) | • Збир (повторување)<br>• Собирок (повторување)<br>• Разлика (повторување)<br>намаленик (повторување)<br>намалител (повторување) | • За единици се земаат мали коцки, десетките се стапчиња - секое со 10 такви коцки, а стотките се квадрати - секој квадрат има 10 стапчиња. Со нив илустрира собирање и одземање на десетки до 1 000.<br>• Со сликички, жетони го илустрира собирањето или одземањето без премин (530 + 20; 460 – 30)<br>• Игра банка: заменува 578 монети за банкноти и монети и сл.<br>• Игра продавница: Врати кусур на купувачот (од 1 000, 500 ден. и сл.): (500 ден. – 187 ден). |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да собира трицифрен и двоцифрен број (со дополнување до полна десетка);<br>• да одзема едноцифрен број од полна десетка и стотка;<br>• да собира трицифрен и едноцифрен број (со премин);<br>• да собира трицифрен и двоцифрен број (со премин);<br>• да одзема едноцифрен од трицифрен број (со премин);<br>• да одзема двоцифрен од трицифрен број (со премин). | • Собирање трицифрен и двоцифрен број (со дополнување до полна десетка)<br>• Одземање едноцифрен број од полна десетка и стотка<br>• Собирање трицифрен и едноцифрен број (со премин) | | Примери:<br>543 + 38 =<br>547 + 75 =<br><br>182 - 7 =<br><br><br><br>374 - 18 =<br>265 - 74 =<br>523 – 56 = |
| • Да собира и одзема трицифрени броеви во ред и во колона;<br>• да одредува вредност на бројни изрази (со една или две операции);<br>• да решава проблеми од секојдневниот живот. | • Собирање и одземање на броеви до 1 000 во ред и во колона<br>• Бројни изрази со една или две операции (собирање и одземање) | • Ред (повторување)<br>• Колона (повторување) | • Составува и решава различни нумерички задачи.<br>• Вредност на бројни изрази од видот: 324+58, 12+346-124; 23-15-2; ...<br>• Проценува колку коцки има во двете кутии и ја проверува проценката со броење.<br>• Проверува проценка на збир или разлика на два броја и истата ја проверува со собирање или одземање. |
| • Да ја воочи непроменливоста на збирот при промена на местата на собироците;<br>• да групира три и повеќе собироци и да разбере дека збирот не зависи од начинот на групирањето на собироците. | • Промена на местата на собироците<br>• Групирање на собироците | • Комутативност на собирањето<br>• Аасоцијативност на собирањето | • Својствата на собирањето ги илустрираат со дидактички материјали. На пр., од картички формираат два трицифрени броја, го запишуваат и ги пресметуваат бројните изрази:<br>134 + 526 = 660,<br>го менуваат местото на двата собирока:<br>526 +134 = 660<br>Пример:<br>320+(430+200) = 320 + 630 = 950<br>(320+430)+200 = 750+ 200 = 950<br>Значи,<br>320+(430+200) = (320 +430) + 200 |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да решава текстуални задачи со две операции. | • Задачи со собирање и одземање | | • Конкретната проблемска ситуација изразена со меѓупрашање ја запишува со соодветен нумерички запис. На пр. Сара прочитала 135 страници од лектирата, а Сафет 16 страници помалку. Колку страници прочитал Сафет?<br>(меѓупрашање) Колку страници прочитале заедно?<br>*Меѓупрашањето се изоставува по извесен период на вежбање. |
| • Да решава равенки;<br>• да врши проверка на точноста на решението на равенката. | • Решавање на равенка | • Равенка (повторување) | • Решавање на проблемска ситуација: Во паричникот имав 180 денари. Купив блок и сега имам 120 денари. Колку денари чини блокот? Проблемската ситуација ја претставуваат со равенка: 180 -x = 120;<br>Се решава равенката и се врши проверка на решението. |

| ГЕОМЕТРИСКИ ФИГУРИ ВО РАМНИНА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката :<br>• да воочи дека низ една точка може да се нацртаат бесконечно многу прави и дека низ две точки може да се нацрта само една права;<br>• да означи точки на правата и точки надвор од правата и да ги претставува симболички;<br>• графички да претставува пресек на две прави;<br>• да препознава, именува, разликува, графички да претставува и означува полуправа и отсечка;<br>• да мери и споредува должини на отсечки и симболички да ја запишува должината;<br>• да препознава и графички и симболички да претставува точка, права и рамнина; | Права низ една точка<br>Права низ две точки<br><br><br><br><br>Заемни положби на точка и права<br>Пресек на две прави<br><br><br><br><br>Полуправа и отсечка<br><br><br><br><br>Должина на отсечка<br><br><br><br>Точка, права и рамнина | • Точка, (повторување) (ознаки: A, B, ... M, N...)<br>- Права, (повторување) (ознаки: a, b, ..., m, n,...)<br><br>• Лежи на (ознака: $M \in a$)<br>• Не лежи на (ознака: $M \notin a$)<br><br><br>Отсечка (повторување)<br><br>• Полуправа<br><br>• Почетна точка на полуправа<br><br>• Крајни точки на отсечка (ознаки: AB,..., MN, или a, b, ..., m, n,...)<br><br>• Должина на отсечка (озн.: $\overline{AB}$ или $\overline{a,b}$ )<br><br>• Рамнина (озн: $\Sigma$, $\pi$ ), | • Црта точки на права и точки надвор од права, црта пресек на две прави, воочува дека нивниот пресек е точка и ја означува.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>- Преку цртање прави и означу-вање точки на нив се осмислуваат поимите за отсечка и полуправа.<br>• Црта права, полуправа и отсечка со линијар (на пр., улица со пешачки премин). |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да црта, именува и означува агол;<br>• да ги одредува елементите на агол;<br>• да разликува испоредува прав, остар и тап агол;<br>• графички да претставува прав агол со шаблон;<br>• да црта нормални и паралелни прави. | Агол<br><br>Остар, прав и тап агол<br><br>Нормални прави и паралелни прави | • Агол<br>• Краци;<br>• Теме на агол<br><br>• Остар агол<br>• Прав агол<br>• Тап агол<br>• Нормални прави<br>• Паралелни прави | Воочува во училницата (или на предмети) остри, прави и тапи агли и ги црта со линијар или со шаблон.<br>Воочува во училницата нормални прави и паралелни прави. |
| • Да знае што е триаголник;<br>• да разликува триаголници според должините на страните;<br>• да разликува триаголници според големините на аглите. | • Видови триаголници според страните<br><br>• Видови триаголници според аглите | • Триаголник<br>• Остроаголен триаголник<br>• Правоаголен триаголник<br>• Тапоаголен триаголник<br>• Разностран триаголник<br>• Рамнокрак триаголникл<br>• Разностран триаголник | • Ги црта видовите триаголници според страните, односно според аглите. По потреба користи шаблон. *(Притоа видовите триаголници ги црта само како форми, а не според зададени елементи (страни или агли.)* |

| МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ НА БРОЕВИТЕ ДО 1 000 | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да множи десетки и стотки со едноцифрен број;<br>• да дели десетки и стотки со едноцифрен број, без остаток; | Операциите множење и делење | - Множење, множител, производ (повторување).<br>- Делење, деленик, делител, количник (повторување). | - Со дидактички материјали нагледно го претставува множењето, како скратено собирање на еднакви множители;<br>554 · 1 = 554 |
| • да одреди производ на даден број со 1; | Множење со 1 | | 327 : 1 = 327 |
| • да го одреди количник кога делителот е 1; | Делење со 1 | | 923 · 0 = 0 |
| • да го одреди производот кога едниот множител е 0; | Множење со 0 | | 0:175=0<br>Со нулата не се дели |
| • да го одреди количникот кога деленикот е 0; | Делење на 0 со број | | 234 · 2 |
| • да одредува производ на даден број и едноцифрен број без премин, односно со премин; | Множење со едноцифрен број | | 347 · 2; 142 · 3; |
| • да одредува количник на број со едноцифрен делител така што секоја цифра во деленикот е делива со делителот; | | | 96 : 3;   488 : 4; |
| • да одредува количник на број и едноцифрен делител, при што една од цифрите на деленикот не е делива со делителот; | Делење со едноцифрен делител | | 54 : 2;  478 : 2<br><br>528 : 3;  182 : 7; |
| • да одредува количник на број со едноцифрен делител така што цифрите на деленикот не се деливи со делителот; | | | |
| • да одредува количник на број и едноцифрен делител, со остаток; | Делење со остаток | | |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да прави проверка на резултатот при делење без остаток и при делење со остаток;<br>• да го проценува резултатот и да врши проверка со калкулатор;<br>• да ги применува комутативното својство и асоцијативното својство на множењето;<br>• да го применува дистрибутивното својство на множењето во однос на собирањето и одземањето во практични примери;<br>• да го применува редоследот на операциите во задачи;<br>• да одредува вредност на броен израз;<br><br>• да решава равенки што ги содржат операциите множење и делење. | Редослед на операции<br><br><br><br><br><br>Равенки од видот a•x=b; a:x=b и x:a=b, a≠0 | | Комутативно својство - промена на местата на множителите.<br>Пример: 4 • 32 = 32 • 4.<br>Асоцијативно својство - групирање на множителите.<br>Пример: 23 • (5 • 8) = (23 • 5) • 8<br>Дистрибутивно својство на множе-њето во однос на собирањето и одѓземањето - ставање во загради и ослободување од загради, редослед на операции.<br>Пример:<br>124 • (4 + 3) = 124 • 4 + 124 • 3<br><br>Примери за равенки:<br>1) 14 • x = 28, 14 • 2 = 28, x = 2.<br>2) 24 : x = 8, 24 : 3 = 8, x = 3.<br>3) x : 7 = 5, 35 : 7 = 5, x = 7. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да препознава цело, половина, четвртина и осмина од целото;<br>• да препознава дропки помали од 1;<br>• да ги запишува дропките: една половина ( ), една четвртина ( ) и една осмина ( );<br>• да споредува дропки со еднакви именители и да ги подредува по големина. | Цело, половина, четвртина, осмина (повторување) | | • Цртање на делови од целото, воочување, боење, шрафирање, споредување и запишување на дропка соодветна на делот.<br>• Со цртање и со моделирање претставува дропка помала од 1. |

| МЕРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>• да чита часовник и да мери време (во часови, минути и секунди) со часовник;<br>• да ги разбере поимите деценија, век и милениум,<br>• да проценува изминато време во часови и минути. | Мерење време - минута (повторување)<br>Мерење време - секунда<br><br>Деценија, век и милениум | • Мерка за време - час, минута. (повторување), секунда<br><br>• Деценија, (повторување)<br>• Век (повторување)<br>• Милениум | • Практични активности со модел на часовник, искажување и демонстрирање на време искажано со часови, минути и секунди.<br><br>• Искажува во часови, минути и секунди колку време траела одредена активност. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да мери и споредува должини во сантиметри (cm), дециметри (dm) и метри (m);<br>• да ги знае единиците мерки милиметар и километар.<br>• да ги споредува единиците мерки и поголемите единици мерки да ги претвора во помали;<br>• да споредува и проценува должини на предмети без мерење и да врши проверка со мерење. | Мерење должина<br><br><br><br><br>• Поредување на единиците мерки за должина и претворање во помали единици мерки | • Метар, дециметар,<br>• Сантиметар(повтор.)<br>• Милиметар (mm)<br>• Километар (km) | • Мери должина на лента и ја искажу-ва во дециметри, сантиметри и мили-метри.<br><br><br>Пример: 1km = 1000 m,<br>1m = 100 cm.<br><br><br>• Претставување на податоците од мерење во табели и графикони. |
| • Да мери маса во килограми и декаграми со помош на вага;<br>• да врши проценка на маса во декаграми и килограми и со мерење ја проверува својата проценка;<br>• да мери волумен на течност во литри и децилитри. | Мерење маса<br><br><br><br><br><br><br>Мерење течност | • Килограм (повторување)<br>• Декаграм (даг)<br>• Тон (т)<br><br><br><br><br>• Литар (повторување)<br>• Децилитар | • Со терезија мери и споредува маса на различни предмети во килограми и декаграми.<br>Претвора 1 тон во килограми.<br>• Врши проценка на масата на дадени предмети и истата ја проверува со мерење.<br>• Набројува што се изразува во литри од секојдневниот живот.<br>• Течноста од шише од 1 литар ја претура во чаши од 1 децилитар. |

| РАБОТА СО ПОДАТОЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот да се оспособува:<br><br>• да прибира, селектира, подредува и претставува податоци. | Прибирање и средување податоци | • Табела на податоци (повторување) | • Учениците изготвуваат прашалници со кои ќе собираат податоци.<br>Пр., се составува прашалник за прибирање податоци на тема: Омилена детска игра. |
| • Да чита податоци од сликовити прикази, табели, графикони и истите да ги интерпретира;<br><br>• да прави графички прикази на податоци со помош на конкретни материјали. | Читање и претставување податоци | • Табеларен приказ<br>• Дијаграм - линиски и столбест (повторување) | • Пр., пополнува ценовник за производи.<br><br>• Од изготвен графикон ги чита и ги објаснува податоците. |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на програмата наставниците треба да поаѓаат од развојните можности и интереси на децата на деветгодишна возраст. Особено да се имаат предвид законитостите на развојот на мислењето во овој развоен период.
Тргнувајќи од развојните карактеристики на учениците, нивните знаења и стекнатото искуство наставниците организираат повеќе видови активности на учениците: манипулација со предмети, истражување, разложување, составување, конструирање, нижење, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл., а преку нив да се поттикнат мисловните активности на учениците, со што се овозможува изградување на систем на математички претстави и поими.
Во однос на дидактичко – методичкото обликување на наставниот час, ја нагласуваме потребата од максимална примена на дидактичката игра, практичните, манипулативните и истражувачките активности на учениците. Притоа да се даде приоритет на групната и индивидуалната форма на работа.
Почитувајќи го холистичкиот приод во работата со учениците од најмала возраст, неопходно е поврзување со другите предмети, односно максимална интегрираност при планирањето на наставата и реализацијата на часовите. На пр., при изучување на содржини од мерење на времето потребно е поврзување со предметите запознавање на околината, физичко и здравствено образование, ликовно образование и сл.
Наставата по математика треба да се реализира во математичкото и информатичкото катче во училницата каде децата ќе истражуваат со различни материјали и средства и ќе работат на компјутери со примена на лиценцирани образовни софтвери. Секој ученик активно ќе учествува во активностите на: распоредување, класификација, споредување, проценување, погодување, мерење, броење, редење на различни материјали.

За реализација на наставата по математика ќе се користи учебник усогласен со оваа наставна програма и со Концепцијата за учебник. За следење на реализацијата на наставата ќе се користат работни листови, тематски тестови и други инструменти, соодветно дидактичко-методски обликувани и усогласени со оваа наставна програма, а за проширување и продлабочување на знаењата ќе се користат збирки задачи, кои треба да содржат и содржини кои ќе им помогнат на талентираните ученици да ги развиваат своите склоности кон математиката.
Затоа, би било добро катчето за математика да вклучува: различни материјали за класифицирање, редење и броење; послужавници; мечиња и други играчки за споредување по големина; пластични и дрвени форми; памучни материјали; ситен песок; креветчиња и други играчки за споредување и придружување; лепак; школки; камчиња; семиња; четири-аголник во боја; копчиња; минијатурни форми; геометриски тела; пластични или картонски броеви; животни - играчки; кругови со различна големина; шишарки од елка; костени; различен природен материјал; различни видови материјали за правење примероци; хартија; ткаенина; газа; молив; ножици; еластични ленти; мали штици; ленти од хартија; шајки и штици за ковање; чипки и бисерчиња (мониста) со различна големина, форма и боја; конец со различна боја и дебелина; волница; коцки; магнетни форми и броеви; различни материјали за мерење; метра за мерење; линијари; вага; часовник, песочен и воден часовник; цедалка; градуирани мерици; игрите „Домино“; „Не лути се човече“; лото: слики, форми, фотографии; танграм; слагалки; играчки кои се расклопуваат; слагалки (дрвени и направени од картон); различни броеви во делови кои треба да се спојат; абакус (бројалка со дрвени топчиња); соодветни книги сликовници; цртежи; картони со напишани броеви до 100; кар-

тони со отпечатени симболи ( < , > , =); кошнички; логички плочки и сл.
Наставниците треба при реализацијата на програмата содржините од темата *Работа со податоци* да ја реализираат во рамките на претходните четири теми.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

• Согледување на иницијалната состојба на ученикот (согледување на неговите претходни искуства, знаења и вештини);
• водење на портфолио за секој ученик во одделението;
• користење на евиденциони и чек листи, анегдотски белешки;
• водење разговори со ученикот за да се добијат сознанија за неговото логичко размислување при решавањето на проблемски ситуации и сл.;
• често и навремено набљудување на ученикот додека работи со конкретни предмети, средства, инструменти и сл.;
• неделно и тематско утврдување и проверка на стекнатите знаења на крајот на тематските целини;
• користење на работни листови и тестови на знаења.
Во текот на наставната година се користи комбинирано описно и бројчано оценување, а на крајот на годината ученикот се оценува со нумерички оценки од 1 до 5.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по математика во четврто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
• педагошки факултет – професор за одделенска настава;
• филозофски факултет – дипломиран педагог

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Гоце Шопкоски, советник во БРО - координатор
» д-р Јорданка Митевска, професор, ПМФ - Скопје
» д-р Весна Макашевска, професор на ПМФ - Скопје
» м-р Душанка Панкова, професор, ОУ „Лазо Ангеловски" - Скопје
Биљана Чешларова, професор, ОУ „Ј.Х. Песталоци“ - Скопје

Наставната програма по *математика* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4059/1 од 22.05.2008 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ОПШТЕСТВО

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *општество* за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Според Концепцијата и наставниот план за деветгодишното основно воспитание и образование предметот општество е застапен во IV и V одделение. Наставната програма по предметот општество опфаќа цели и содржини од повеќе подрачја: географија, социологија, историја, етнологија, психологија, економија, политика, етика и сл. Исто така, наставната програма се надградува на содржините и активностите на учениците во I, II и III одделение од предметот запознавање на околината. Со изучувањето на наставниот предмет општество се создава основа за наставата по историја, географија и граѓанско образование коишто ќе ги изучуваат учениците во погорните одделенија на основното училиште.

Предметот *општество* во IV и V одделение е задолжителен со по 2 часа неделно, односно по 72 часа годишно.

# 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се поттикнува да усвојува знаење за општествената и природната околина;
- да се поттикнува да ги развива способностите за сознавање, доживување и вреднување на своето однесување и однесувањето на другите во општествената и културната средина, како и кон природната околина;
- да се воведува да ги анализира и објаснува појавите коишто се поврзани со проблеми во општествената, културната и природната средина;
- да сознава дека постои заемна поврзаност/интеракција на општествените појави;
- да се поттикнува на самостојност и за развивање на самодоверба и одговорност;
- да се поттикнува да соработува со другите и активно да учествува во решавање на настанатите проблеми;
- да ги развива способностите за:

» *комуницирање* (читање, пишување, изнесување свое мислење, истражување, избирање, вреднување, толкување на информациите, споредување на мислења, слушање и сл.);

» *истражување* (планирање, набљудување, класифицирање, анкетирање, уредување, споредување, користење на извори, изработка на извештаи и сл.);

» *соработка со другите* (преземање улога на другите, одговорност, учество во групна работа, разбирање за другите, примање и почитување на другите, почитување на традициите и културата, грижа за другите и сл.).

# 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

• да ги надгради знаењата за просторот во кој живеат и работат луѓето и во кој се одвиваат нивните меѓусебни односи (семејство, дом, општина);
• да ја развие просторната ориентација на географската карта за крајот во кој живее и пошироката околина, односно општината;
•да се запознава со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето;
• да ја увиди пошироката просторна ориентација на својата околина и општините во Република Македонија и нејзиното окружување (информативно);
• да го осознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во семејството и пошироката околина (општината) со животот и работата на луѓето во минатото;
• да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во локалната заедница;
• да развива свест за припадност кон семејството, општината и поширокото општество на Република Македонија;
• да се оспособува за активно учество во истражување на минатото со помош на користење на различни извори (Интернет, музејски предмети, стари слики, книжевни творби и сл.);
• да се запознава со културата како специфична карактеристика на секојдневниот живот на човекот;
• да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во пошироката околина (општината);
• да познава примери од македонската културна традиција, како и од традициите и културата на другите заедници во Република Македонија;
• да ги развива способностите за сознавање на непосредната општествена средина (семејство, поширока околина/општина);
• да ги увидува условите за својата активност во групите со врсниците, во паралелката во училиштето и пошироката средина;
• да ги познава и разбира основните човекови права и правата и одговорностите на ученикот;
• да ги разбира начините на соработка меѓу луѓето и меѓусебната поддршка во споредба со конфликтите, како и за решавање на конфликтите.

# 4.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| СЕМЕЈСТВО, ДОМАЌИНСТВО И ОПШТЕСТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| ченикот/ученичката:<br><br>• да ги проширува сознанијата за семејството како сродничка заедница;<br>• да умее да распознава основни видови на семејства;<br>• да ја осознае поврзаноста на семејниот живот и активностите во него со другите активности на луето. | Семеен живот<br><br>Видови семејства<br>Семејствата низ историјата и денес<br><br>Улогите на родителите, старателите и децата | Семејство и род<br><br>Потесно и пошироко семејство<br><br>Улога, воспитување, старател | Разговори по разгледување на семејни албуми (дијалошки метод).<br>Разговори за роднините и нивната заемна поврзаност (дијалошки метод).<br>Изработка на родово стебло (истражувачко-демонстративен метод).<br>Разговори за домашните активности, омиленото катче во домот (дијалошки метод).<br>Проектна наставна работа-есеј: „Мојот родител“<br>Разговори: што правиме дома во текот на денот (дијалошки метод).<br>Играње на улоги: родители, деца (симулација).<br>Опишување на правата и должностите на родителите и децата (вежба за усно изразување).<br>Разговори за правата и одговорноста на ученикот во училиштето, семејството и во групата со врсниците. |
| • Да ја увиди улогата на бракот како основа на семејството; | Брачен живот и брачни улоги | Брак, љубов, пол<br>Сопружници-сопруг/а | Истражување: како моите родители стапиле во брак.<br>Разговори за празниците на мајчинството, татковството, љубовта (дијалошки метод).<br>Домашното катче на мајка ми/татко ми (вежба за усно изразување). |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да ги продлабочи знаењата за домот и редот во домаќинството;<br>• да се поттикнува да ги сфати улогата, значењето и функциите на домаќинството и активностите кои се извршуваат во него;<br>• да ги осознае карактеристиките на различните видови семејства и домаќинства;<br>• да ја осознае разликата помеѓу приватноста и јавноста;<br>• да ја увиди својата поврзаност со општеството преку различните начини на информирање. | Живот во домаќинството<br><br>Домаќинството и општеството | Дом, домаќинството, домаќинка, домаин<br><br>Сопственост<br>Приватност<br>Интернет<br>Начини на информирање<br>Дневни весници, радио, телевизија, Интернет | Играње на улоги (домаќин/домаќинка).<br>Планирање на домашниот буџет.<br>Разговор за поделбата на работите во домот.<br>Разговор за начинот на трошење на личните заштеди на ученикот: кога и зошто? (дијалошки метод).<br><br>Разговор: Моето однесување во рамките на домаќинството (приватноста) и надвор од домаќинството.<br>• Раговор за позитивната и негативната улога на дневните весници, радиото, теливизијата, Интернетот и сл. (изработка на Т-табела).<br>• Следење на примери од секојдневниот живот со користење на електронски медиуми (демонстративен метод). |

| ЖИВЕАЛИШТА И НАСЕЛБИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да ја осознае функцијата на живеалиштата на луѓето и потребата од грижата за нив;<br>• да го разбира значењето на соседите во животот;<br>• да се поттикнува и воспитува за добрососедски односи;<br>• да ги почитува правилата на соживот и почитување на соседите и пријателите;<br>• да умее да ги препознава и користи институциите во населбата;<br>• да ја осознае намената на јавниот простор и соодветно да се однесува на јавно место;<br>• да го познава релјефот на населбата и околината;<br>• да знае да ги определува страните на светот во населените места (картографско описменување);<br>• да усвои знаења за ориентација и читање на географска карта на Република Македонија;<br>• да ги препознава основните проблеми во населбата;<br>• да развива позитивни ставови за улогата на жителите во надминувањето на локалните проблеми. | Видови живеалишта и нивното одржување<br><br>Соседство и соседски односи<br><br>Населбите и институциите во нив<br><br>Природните фактори и животот на населбата<br><br>Проблемите во мојата населба | Видови живеалишта и нивното одржување<br><br>Соседство и соседски односи<br><br>Населбите и институциите во нив<br><br>Природните фактори и животот на населбата<br><br>Проблемите во мојата населба | Правење илустрации за своето живеалиште, стан, куќа, станбена зграда и училиштето преку активноста „направи сам“ (развивање на вештини и навики).<br>Опис на соседството (вежба за усно изразување);<br>читање на бон-тон извадоци заедно со нивна практична примена (текст метод, монолошки и дијалошки).<br><br>• Посета на мојата месна заедница и разговор (теренска настава).<br>• Изработка на релјеф на непосредната околина<br>(практична вежба-групна работа).<br>• Цртање и изработка на апликации на картографски знаци (илустративно-демонстративен метод).<br>• Вежби за читање на картографски знаци.<br>• Индивидуално и групно истражување за проблемите во населбата;<br>• преку техниката грозд прикажување на можните проблеми во населбата;<br>• практични активности за решавање на оделени проблеми во населбата. |

| ОПШТИНА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги запознава поимите локална заедница и локална самоуправа;<br>• да се запознава со организацијата на општините како локални заедници;<br>• да ги препознава главните органи на локалната заедница;<br>• да знае што е тоа граѓанин како член на локалната заедница;<br>• да се запознава со најважните стопански и нестопански дејности во локалната заедница;<br>• да се запознава со комуналните дејности во локалната заедница;<br>• да ја сфаќа улогата на културата во животот на локалната заедница;<br>• да ги познава културните институции (домови на културата, кина, театри, КУД, верски објекти);<br>• да се поттикнува да ги негува традициите и симболите на локалната заедница;<br>• да развива чувство на одговорност кон себе и другите;<br>• да се запознава со поимот демократија;<br>• да ги прифаќа и почитува различностите меѓу луѓето;<br>• да ја сфаќа улогата на лидерството;<br>• да ги препознава најзначајните јавни прашања и проблеми во општината;<br>• да стекне сознанија за начините на поставување и решавање на јавните прашања;<br>• да развива чувство на одговорност кон јавните потреби и прашања. | Локална заедница и локална амоуправа<br><br>Економскиот живот во општината<br><br>Културниот живот во општината<br><br>Демократскиот живот во општината<br><br>Јавни прашања и проблеми во општината | Локална заедница<br>Локална самоуправа<br>Општина<br>Граѓанин<br>Градоначалник<br>Совет на општината<br><br>Фирми/претпријатија<br>Работа/вработување, денари, трговија<br><br>Култура<br>Симболи<br>Традиција<br><br>Демократија<br>Власт и управување<br>Лидерство<br><br>Јавно прашање<br>Социјални проблеми<br>Невработеност<br>Зависности<br>Насилство | • Посета на седиштето на локалната заедница.<br>• Разговор со претставници од општината.<br>• Техника грозд: изработка на грозд за стопанските и нестопанските дејности во општината;<br>• симулација на бизнис зделка (играње на улоги).<br>• Дијалошки метод: разговори за состојбата на комуналните дејности во локалната заедница.<br>• Правење илустрации на општинските симболи.<br>• Изработка на писмен состав за една од културните институции или традиции во локалната заедница (индивидуална работа).<br>• Разговор за должностите и одговорностите на ученикот и наставникот во училишната заедница.<br>• Разговор за пожелните карактеристики на градоначалникот.<br>- Симулација на избори за градоначалник (играње на улоги).<br>• Теренска настава: посета на советот на општината.<br>• Разговор за различностите помеѓу луѓето во локалната заедница.<br>• Изработка на Т-табела со воочување на јавните проблеми и предлози за нивно разрешување во општината. |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

❑Препораки за користење на годишниот фонд на часови- 72 часа годишно,2 часа неделно.
❑По наставни теми се предлага: Семејство, домаќинство, и општество - 18 часа; Живеалишта и населби - 24 часа; Општина - 30 часа.
• Препораки за наставните средства:
• учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
• други извори на учење од непосредната околина – примери на појави, настани, предмети и сл. во семејството, населбата, блиската околина и општината и општеството во целина како и за односите меѓу луѓето;
• енциклопедии, речници, атласи, карти и сл.;
• Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
• аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитална камера, телевизор, ДВД-плеер, видео плеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства).

Важно е наставниот процес да биде заснован:

• на секојдневните реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учесниците;
• холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
• насочување кон поврзување на сознанијата за поимите со конкретните односи и појави во семејството, локалната заедница и општината;
• насочување кон планирање и преземање на активности во непосредната околина;
• поттикнување на споредбен пристап во обработката и презентирањето на информации за појавите и другите сознанија на учениците.

За постигнување на целите треба да се користат соодветни наставни форми, од индивидуалната работа, работа во парови и групната работа.

Во разработката на наставните содржини соодветно треба да се користат следниве методи и активности: проектна настава, проблематска настава, посети и разговори, играње на улоги и симулација, усна и писмена презентација.
Се препорачуваат, исто така, и екскурзии, кога е тоа можно.
Наставникот е самостоен при изборот на начините и пристапите во реализацијата на наставната програма.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следење на постигањата на учениците
Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.
Во програмата се наведуваат начините на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми низ активностите на учениците во кои спаѓаат и активностите поврзани со водењето на портфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активностите и сл.
Други средства и постапки за следење и оценување: говорни вежби; разговор-дијалог наставник-ученик; работни листови; тестови на знаења.
Постигањата на учениците се оценуваат комбинирано со описни и бројчани оценки во текот на наставата, а на крајот на наставната година со бројчана оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по општество во IV одделение може да ја изведува лице кое завршило:
педагошки факултет – професор за одделенска настава;
филозофски факултет – професор по педагогија

## 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» д-р Ило Трајковски проф. Филозовски факултет, институт – Социологија
» д-р Виолета Ачковска проф. Филозовски факултет, институт – Историја
» Николче Илијевски советник во БРО – координатор
» Аземине Халими педагог ОУ „Сами Фрашери"
» Благоја Димулковски проф. по историја ОУ „Лазо Трповски"

Наставната програма по *општество* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ПРИРОДА

## НАСТАВНА ПРОГРАМА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *природа* за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Наставните предмети кои го проучуваат подрачјето на природните науки се изучуваат во вториот развоен период (IV-VI одделение) на деветгодишното основно образование, под насловите Природа (IV одд.), Природни науки (V одд.) и Природни науки и техника (IV одд.), со цел кај ученикот да се развива поврзано, единствено природонаучно сфаќање за разновидноста на природата и на светот во поширока смисла. Како последица, изучувањето на овие наставни предмети придонесува кон создавање на комплексна и поврзана претстава за природата што го опкружува човекот.

Наставните програми по предметите *природа, природни науки и природни науки и техника* се поврзани меѓу себе според структурата (конкретните цели, наставните теми/содржини и активностите) и, исто така, се надградуваат врз Наставната програма за предметот запознавање на околината од I до III одделение од првиот развоен период. Поединечните наставни теми се програмирани со помош на интегриран природо-научен пристап, на начин како што тие реално се поврзани во животот и во светот. Природонаучниот пристап овозможува:

• примена на знаењата, искуството и способностите кои ученикот ги стекнал при изучувањето на наставниот предмет запознавање на околината од I до III одделение, во првиот развоен период;

• подготвување на ученикот интергирано да ги сфаќа и да ги решава природонаучните проблеми;

• формирање на појмовна база кај ученикот за натамошно изучување на наставните предмети од природните науки во повисоките одделенија (биологија, географија, хемија и физика).

Наставниот предмет *природа* се изучува како задолжителен наставен предмет со 2 часа неделено, односно 72 годишно. Наставата по овие наставни предмети се изведува низ следниве постапки:

• поучување насочено кон учењето на ученикот;

• самостојно учење и истражување на секој ученик и преку заедничко учење во група;

• почитување на принципите на активната настава;

• постојано следење на напредувањето на секој ученик од страна на наставникот и давање на редовни информации за напредувањето;

• самооценување на сопственото напредување и оценување на секој ученик

# 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

❑да ги запознава и разбира основните универзални законитости и поими за природата околу себе;
❑да стекнува претстава и да усвојува концепти за објектите, појавите и процесите во природата преку конкретни примери;
❑да ги воочува системите во природата, подреденоста и организацијата на природата преку конкретни примери;
❑да ги сфаќа интегрирано развојните текови на природните процеси и феномени, преку природонаучниот и техничко-технолошкиот пристап;
❑да стекнува знаења и да ги применува за истражување на објектите, процесите и феномените во природата;
❑да усвојува основни поими за природата;
❑да користи соодветна стручна терминологија со разбирање на значењето;
❑да ги поврзува знаењата;
❑да открива и прикажува факти за изворите, формите, состојбите и промените на материјата и енергијата;
❑да ги анализира и поврзува фактите за условите за живот, особините на живиот свет;
❑да стекнува знаења за градбата и животните процеси на живите организми;
❑да воочува, анализира и да заклучува за сличностите и разликите меѓу растенијата и животните /човекот;
❑да ги сфаќа основните еколошки принципи;
❑да ја разбира поврзаноста помеѓу природните науки и техниката преку нивната примена во секојдневниот живот;
❑да поставува природонаучно формулирани прашања и да дава аргументирани, логични одговори на поставените прашања / задачи / проблеми и да презентира уверливи заклучоци;
❑да претставува бројчани податоци во вид на график и табела и сл. и да ги интерпретира;
❑да изработува и предлага план за изведување обид;
❑да поставува и спроведува егзактни ученички истражувања на природните објекти, процеси и феномени;
- да се оспособува за индивидуална, групна и тимска работа.

# 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги запознава и разбира основните законитости и поими за природата околу себе;
- да ги поврзува процесите во природата преку конкретни примери;
- да ги воочува системите, подреденоста и организацијата на поимите од природата, преку конкретни примери за водата, почвата, воздухот, растенијата и животните;
- да стекнува знаења и да ги применува за истражување на материјалите (облик, боја, површинска структура), гасовита, течна и цврста состојба;
- да го разбира значењето на планетата Земја како променлив систем;
- да ги познава и разбира условите за живот (воздух, вода, простор, топлина, светлина, храна);
- да ја открива заемната поврзаност помеѓу животните средини и растенијата, животните и човекот (основите на екологијата);
- да го разбира значењето на фактите за објектите (материјали, организми, човек), процесите (менување на состојбите на материјалите) и феномените во природата (дневно-ноќни, долготрајни) и да поставува природонаучно засновани прашања;
- да воочува развојни текови на природните процеси и феномени (промени на карпите, влијанија на условите за живот врз растење на растенијата и животните) преку интегрираниот пристап;
- да претставува бројчани податоци графички и да користи податоци при усни интерпретации;
- да изработува и предлага план за изведување едноставен експеримент;
- да спроведува природонаучни ученички истражувања, да ги образложува воочените промени и закономерности.

## 4.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРИРОДА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да го разбере и сфаќа поимот природа во најширока смисла.<br>• Да се воведува во едноставни природонаучни истражувања;<br>• да се поттикнува да поставува прашања за појавите во природата;<br>• да предвидува промени на објектите во природните процеси;<br>• да собира податоци и објекти од своето природно опкружување.<br>• Да ги користи сетилата (око, уво, сетило за допир, за вкус) при истражувањата;<br>• да ракува со лупа;<br>• да врши мерења со помош на вага, линијар.<br>• Да се поттикнува да формулира свои објаснувања;<br>• да ги поврзува објаснувањата со појавите во природата;<br>• да се поттикнува да ги разменува податоците и објаснувањата со другите. | Природа<br><br>Постапки во проучување на природата<br><br>Користење на сетилата и инструментите во проучување на природата<br><br>Запишување и прикажување на податоците/резултатите | Природа<br><br>Истражување<br>Материјали<br><br>Сетило<br>Сетило за вид<br>Сетило за слух<br>Сетило за допир<br>Сетило за вкус<br>Инструменти<br>Лупа<br>Линијар<br>Вага<br>Капалка<br>Пинцета<br>Ножички<br><br>Податоци | • Разговарање, поставување прашања за природните објекти и појави.<br>• Предвидување на промени кај објектите во природата. На пр.: паѓање на лисјата од листопадни дрвја (растенија) во есен или други примери поврзани со годишните времиња.<br>• Набљудување: користење на сетила за вид, слух, за допир, за вкус.<br>• Набљудување со инструменти:<br>» лупа (камен, песок, инсекти, делови од растенија);<br>» пинцета, капалка, ножички (да се одделуваат делови од објектите).<br>• Мерење: со помош на линијар - должина, ширина; со вага -маса);<br>• Собирање и запишување податоци/резултати.<br>• Графичко прикажување на податоците/резултатите.<br>• Заклучување/објаснување.<br>• Проверување и споредување на своите податоци и објаснувања.<br>• Истражување на растење (височина, маса и др.) на учениците: мерење, бележење и споредување на податоците на почетокот и на крајот на учебната година.<br>• Користење видеозаписи од различни извори за природни објекти и појави. |

| МАТЕРИЈАЛИТЕ И ЕНЕРГИЈАТА ВО ПРИРОДАТА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да открие дека неживата природа е составена од различни материјали;<br>• да разликува и да ги споредува материјалите.<br>• Да открие дека материјалите имаат различни физички особини;<br>• да ги групира (класифицира) материјалите според нивните особини;<br>• да сознае дека материјалите се составени од помали составни делови кои се различни за различни материјали.<br>• Да открие како се однесуваат материјалите кога врз нив се делува со: топлина, притисок.<br>• Да ги открива особините на мешавините.<br>• Да разбере дека објектите кои се движат имаат енергија;<br>• да разбере дека Сонцето е извор на светлина и топлина;<br>• да го поврзе осветлувањето на предметите со појавата на нивна сенка;<br>• да осознае дека топлината се мери преку температурата на објектот;<br>• да открие дека звукот е резултат на треперење на објектите и дека различни објекти даваат раз-лични звуци;<br>• да открие дека со звукот се пренесува енергија. | Неживата природа е составена од различни материјали<br><br>Особини на материјалите во околината<br><br>Материјалите се менуваат под влијание на топлина, притисок<br><br>Мешавини<br><br>Примена на различните материјали<br><br>Објектите кои се движат имаат енергија | Материјали<br>Стакло<br>Метал<br>Дрво<br>Пластика Хартија<br><br>Тврдо/меко<br>Еластично/крто<br>Цврсто<br>Течно<br>Гасовито<br><br>Мешавини<br><br>Енергија<br>Движење<br><br>Светлина<br>Сенка | Набљудување објекти кои се составени од различни материјали: камен, дрво, креда, пластика, парафин, метал.<br>• Споредување и заклучување за физичките особини на материјалите од кои се направени: тврди/меки, еластични/крти.<br>• Групирање на материјалите според откриените особини.<br>• Дробење на предметите на најмали делчиња и анализирање со помош на лупа/микроскоп (наставникот демонстрира).<br>• Заклучување за структурата на различните материјали.<br>• Постепено загревање и набљудување што се случува со нив.<br>• Загревање на метално топче и обид тоа да помине низ метален обрач (жица).<br>• Влијание со сила врз тела од различни материјали (притисок/влечење) и испитување на еластичноста.<br>• Разговарање за материјали кои не ги испитувале и ги предвидуваат особините: какви се најмалите делчиња, цврстината, еластичноста, како материјалите ќе се однесуваат при загревање.<br>• Мешање различни цврсти материјали: креда, метал, песок, парафин.<br>• Мешање на различни течни материјали: вода, масло.<br>• Мешање на различни цврсти и течни материјали. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| --- | --- | --- | --- |
| | | Топлина<br>Звук | • Разговарање, анализирање и предлагање како материјалите да се одвојат едни од други.<br>• Планирање какви материјали ќе се употребат за определена активност: градење, изработка на еден предмет.<br>• Прикажување на движењето преку обид со домино плочки, шутирање топка и др.<br>• Мерење на должина на сенка на предмети поставени на различно растојание од изворот на светлина.<br>• Докажување дека видливата (бела светлина) содржи повеќе бои, цртање и боење.<br>• Мерење на температура на почва (во саксија) на сонце и во сенка, по определено време.<br>• Идентификување на звук преку треперење на мембрана од звучник, музички инстру-мент и др.<br>• Предизвикување, слушање и споредување звуци од различ-ни извори. |

| ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА Е ПРОМЕНЛИВ СИСТЕМ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да го открие составот на Земјата;<br>• да го разбере поимот релјеф.<br>• Да осознава дека просторот е исполнет со воздух кој е неопходен за живот;<br>• да разбере дека поголемиот дел од планетата е покриен со вода, која е неопходна за живиот свет.<br>• Да ги сфаќа последиците од брзите и бавните промени на површината на Земјата (годишните времиња и нивните карактеристики);<br>• да го објаснува влијанието на годишните времиња врз однесувањето и активностите на човекот. | Составот на Земјата и релјефот<br><br>Земјата е обвиткана со<br>атмосфера<br><br>Вода на Земјата<br><br>Брзи и бавни промени на површината на Земјата | Камен<br>Карпа<br>Почва<br>Релјеф<br><br>Воздух<br>Атмосфера<br><br><br>Море<br>Езеро<br>Река<br>Извор<br>Вечен мраз<br>Водена пара<br>Облаци<br>Магла<br>Дожд<br>Роса<br>Снег<br>Слана | • Собирање примероци од почвата.<br>• Изработување на модел на релјеф на блиската околина.<br><br>• Преку експеримент откриваат дека во почвата има вода и воздух.<br><br>• Разговараат за тоа каде на друго место ја има водата.<br>• Набљудуваат на глобус: мориња, езера, реки;<br>• Прават експеримент за да испитаат што се случува со водата и со почвата кога се загрева.<br>• Прават експеримент за да испитаат што се случува со водата и со почвата кога се лади и замрзнува.<br><br>• Посетуваат метеоролошка станица и разговараат со метеоролози. Се запознаваат со инструментите.<br>• Ги следат промените на времето во подолг временски период, ги анализираат и ги дискутираат.<br>• Разговараат за активностите на луѓето во зависност од промените на времето. |

| ЖИВИОТ СВЕТ ВО ПРИРОДАТА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го сфати поимот жив свет.<br>• Да ги разликува растенијата и животните според способноста за движењето.<br>• Да ја воочува различната храна што е потребна за растенијата, животните и човекот;<br>• да го сфати и да го објаснува значењето на условите за живот (воздухот, водата, светлината, топлината и храната);<br>• да ги разликува поимите светлинана и топлина.<br>• Да го сфати растењето и размножувањето на организмот.<br>• Да објаснува како човекот ги прима пораките од средината (светлосни, звучни, за топло, за допир, за вкус, за мирис).<br>• Да ги проширува знаењата за здравата исхрана.<br>• Да ги проширува знаењата за личната хигиена.<br>• Да ги познава најчестите заразни и други болести;<br>• да умее да се заштитува од заразните болести;<br>• да го сфаќа значењето на лекарските прегледи и вакцинацијата. | Разлики меѓу нежива и жива природа/жив свет<br>Разлики меѓу растенијата и животните<br>Влијание на условите за живот врз живиот свет<br>Неопходност од хра-ната како извор на живот<br>Растење и размножување кај растенијата и животните<br>Нарушување на функцијата на органите при силни влијанија;<br>Здрава исхрана<br>Лична хигиена | Жив свет<br>Растенија<br>Животни<br>Човек<br>Услови за живот<br>Растење<br>Размножување<br>Исхрана<br>Здрава храна<br>Лекарски преглед | • Набљудување и запишување на однесувањето и развитокот:<br>•на растенија во отворен и затворен стаклен сад (воздух).<br>• на растенија во садови со и без вода;<br>• на растенија со и без присуство на светлина;<br>• на растенија при различна собна температура.<br>• Следење, мерење и бележење на растењето на претходно изникнато растение (грав, пченица).<br>• Следење и набљудување на размножување на птица (јајце-пиле).<br>• Следење и набљудување на размножување на риба (аквариум).<br>• Разговор за заштита од силна бучава, светлина и екстремни температури.<br>• Набљудување и следење на изборот (количината) на храна на домашните миленичиња (куче, маче), во различни временски услови.<br>• Истражување за тоа што содржи еден здрав оброк.<br>• Разговор за сопствените навики за редовно одржување на личната хигиена на забите и телото со другите.<br>• Набројување на најчестите заразни и други болести и постапките за заштита од нив. |

| ЕКОЛОГИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се воведува во предметот на изучување на екологијата.<br>• Да ги набројува животните средини и нивните особини.<br>• Да ги објаснува разликите и поврзаноста на растенијата, животните и неживата природа преку исхраната.<br>• Да разбира како исхраната на човекот зависи од растенијата и животните.<br>• Да ја објаснува поврзаноста на растенијата, животните и неживата природа во живеалиштето. | Екологијата е наука за планетата Земја<br><br>Животни средини: вода, почва - воздух<br><br>Поврзаност меѓу живата и неживата природа<br><br>Човекот ги користи растенијата и животните во својата исхрана<br><br>Врски меѓу организмите и нивните живеалишта | Екологија<br><br>Животна средина<br>Живеалиште<br><br>Произведувачи<br>Потрошувачи | • Изготвување на збирки од камчиња, растенија и животни.<br>• Набљудување на објектите под лупа и под микроскоп (наставникот демонстрира).<br>• Запишување податоци со цртање и со текст.<br>• Следење и набљудување на условите во животните средини, некои растенија и животни во непосредната околина.<br>• Истражување на поврзаноста меѓу едно растение/животно и неговата животна средина и живеалиштето.<br>• Набљудување и истражување на декоративно растение при нормални услови и при услови на недостиг на вода во почвата.<br>• Набљудување на ливадата во летен и зимски период и активноста на животинскиот свет во врска со исхраната (сезонска поврзаност).<br>• Прикажување на исхрана на човекот и едно животно со растителна храна, со цртеж или сликички.<br>• Хранење на птици во зима.<br>• Истражување за тоа со каква храна се хранат птиците во зима.<br>• Следење на сезонските временски промени врз растенијата и животните.<br>• Водење на еколошки бележник за исхраната во лето и зима (растенија и животни). |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

❑Насоки за меѓупредметно поврзување

Наставниот предмет природа ги има битните одлики на целовитоста на природата. Со систематизирани меѓупредметно поврзани цели, содржини и активности има цел да поттикнува кај учениците интегриран развој во сфаќањето на светот. Се очекува и планирањето на наставата да ја следи оваа глобална цел. Целите и содржините од овој наставен предмет се систематизирани врз основа на научните сознанија во природните науки: биологија, хемија, физика и географија и возраста и развојните карактеристики на учениците. Со целите, содржините и активностите се пренесува кај ученикот единството на природата, природните процеси и закономерности за да се поттикнува кај него интересот за усвојување на знаења.

❑Препораки за користење на годишниот фонд на часови
Препораките за распределбата на годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми/содржини, што секако не треба да го ограничува наставникот за нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Потребите за поинаквото користење на часовите треба да ги проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат. Посебноста во достигнувањата во секоја паралелка (квалитетот и темпото на напредување на учениците во наставата и друго) треба да доведе до најцелисходно располагање со часовите.

• Наставни средства:
• учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
• други извори на учење во непосредната околина – предмети и објекти во природата;
• енциклопедии, атласи, карти, глобус и сл.;
• Интернет, образовни софтвери;
• светски признати списанија од областа на природните науки.
• визуелни средства (слики, цртежи, апликации, фолии, паноа, модели, макети и др.);
• аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД – плеер, видеоплеер, компјутер, ЛЦД проектор и др.).

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

❑Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата (промените) на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето. Следењето на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето.

• Оценувањето треба да се базира врз користење на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земаат предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Притоа, проверувајќи го напредокот во постигањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.

• Оценувањето треба да биде објективно, т.е. да се спроведува непристрасно, како при вреднувањето на постигањата, така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.

• Оценувањето треба да се врши транспарентно, што подразбира дека учениците треба точно да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигања и како тие постигања ќе се оценуваат. Тоа значи дека учениците треба да знаат зашто и што треба да научат и што, како и кога ќе се оценува.

• Учениците и родителите континуирано треба да имаат увид во оценувањето.

❑Начини на проверување и оценување:

• усни одговори на прашања поставени од наставникот или од ученици, разговор меѓу наставникот и учениците и разговор меѓу учениците;
• писмени извештаи, евиденции на податоци од истражувањата;
• практична изведба (вежби, моделирање, изработка на цртежи, скици, други графички материјали, примена на формули и сл.);
• проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, мерења, запишување и прикажување на податоците, презентирање);
• работа во група.

❑Други средства и постапки за следење и оценување:

•разговор-дијалог наставник-ученик;
•контролни листови, тестови на знаења;
•домашни работи;
•чек листи;
•портфолио (досие со трудови на ученикот).

Постигањата на учениците во текот на годината се оценуваат со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставата се изведува бројчана оценка

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во IV одделение може да ја изведува лице кое завршило студии на:

» педагошки факултет – професор по одделенска настава;
» филозофски факултет – професор по педагогија.

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Светлана Брашнарска, советник во БРО - Скопје, координатор
» д-р Оливер Зајков, ПМФ – Институт за физика - Скопје
» д-р Сашо Панов, ПМФ – Институт за биологија - Скопје
» Суби Бајро, советник во БРО – Струга
» Елка Ночева, проф. во ОУ „Браќа Рамиз и Хамид“ – Скопје
» Милка Ивановска, педагог, ОУ „Димо Хаџи Димов“ – Скопје

Наставната програма по *природа* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4083/1 од 22.05.2008 година.

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ТВОРЕШТВО

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *творештво* за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Предметот *творештво* претставува составен дел од концептот за деветгодишно основно образование. Се изучува во четврто и петто одделение како изборен предмет, со еден час неделно, односно 36 часа годишно.
Во рамките на овој предмет ќе се влијае на детското творечко изразување со цел да стане побогато, посодржајно и поосмислено за учениците. Неопходно е да се поддржува и облагородува природниот интерес на ученикот да се изразува и творечки да го вообличува своето искуство, како и да го негува творештвото и естетскиот вкус во секојдневното однесување и во однос кон општествената средина (во облекувањето, исхраната, уредувањето на просторот околу себе и во соодветните работни активности кои овозможуваат креатив-ни приоди и творби). Наставниците ќе ги поттикнуваат креативните идеи кај учениците и ќе ги охрабруваат, во рамките на нивните можности и интереси, истите и да ги реализираат. Притоа од учениците не се бара копирање на готови модели и користење на готови шаблони. Во услови на спонтано и искрено препуштање на ученикот во кој било облик на творечко изразување кај него се негува и дивергентното мислење.
Предложените активности во наставната програма даваат можности за афективен, моторички и когнитивен развој и овозможуваат интеграција на содржините на програмата по ликовно образование, музичко образование, македонски, албански, турски или српски јазик, физичко и здравствено образование.

# 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
- да развива интерес, фантазија и креативни способности во рамките на своите можности;
- да ги проширува знаењата и вештините за драмската уметност, за одбрани прозни и поетски дела од уметничката и народната литература, за разновидните материјали (специјално подготвени, природни, вештачки) кои можат да се обликуваат и кои оставаат траги во вид на линија, боја, површина и облик), за музичките традиции, дела на современата музичка уметност, особено на народната музика и светското музичко наследство - соодветни на развојните можности на учениците, кореографијата, за елементарните ставови и положби на телото при различни ора и танци;
- да се воведува во користење на специфичниот јазик на уметностите за примање и пренесување на идеи и чувства, преку: говор, песна, музика, движење, танц, линии, бои и облици;
- да се запознава и да го почитува сопствениот начин на изразување, но и да ги почитува разновидните начини на изразување кај другите;
- да се оспособува за поврзување на различните видови на детското творечко изразување;
- да ја јакне самостојноста и самоиницијативата преку активно делување согласно со сопствените избори и замисли;

• да се оспособува за групна работа, меѓусебно разбирање и соработка со соучениците;
• да се поттикнува на самостојност, иницијативност, љубопитност, трпеливост и истрајност во започнатите активности;
• да се ослободува од стрес, емоционална напнатост преку различното творечко изразување;
• да го јакне чувството на сигурност и самодоверба, особено при презентирање на своето творештво пред поширока јавност.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
да се поттикнува за играње на улоги со краток текст;
❑да се поттикнува да составува оригинални (усни или писмени) творби согласно своите можности и интереси;
❑да се оспособува да изведува оригинални ритмички и мелодиско-ритмички вежби;
❑да се поттикнува на импровизирано пеење, согласно своите можности;
❑а се оспособува да осмислува едноставна кореографија, согласно своите можности;
❑да се поттикнува на оригинално ликовно изразување со ликовни и неликовни материјали;
❑да се оспособува за поврзување на различните видови на детското творечко изразување;
❑да се охрабрува слободно да настапува пред другите ученици, родители и вработени во училиштето.

## 4.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ГОВОРНО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се поттикнува да предлага идеи, да учествува во планирањето и донесувањето на годишниот план за творештво на своето одделение;<br>• да се оспособува за драмско читање на текст;<br>• да се поттикнува да учествува во драматизирање на краток текст. | Драмско читање<br><br>Играње улоги | Годишен план<br><br>Драмско читање | • Изнесување предлози од страна на секој ученик (согласно сопствените интереси), предлагање на активности, заедно со наставникот договарање за активностите и конкретните обврски, за презентацијата на постигнатото пред родителите и другите ученици во училиштето.<br>• Организирање активности за драмско читање на кратки текстови.<br>• Драматизирање на краток текст: поделба на улогите, учење на улогите, организирање на условите, драматизација. |
| • Да се оспособува да опишува личност, предмет, слика. | Опишување | | • Организирање посета на галерија или обезбедување репродукции на уметнички слики во училницата. Учениците ја набљудуваат сликата и поттикнати со прашањето: „што се случува на сликата?“ опишуваат, односно измислуваат свој текст. |
| • Да се поттикнува да состави пригоден текст за честитка. | Пишување честитка, порака, писмо | | • Пишување на пригоден текст за новогодишна честитка, за роденден на соучениците;<br>• активности „туширање со убави пораки“ (секој ученик за секој свој другар ќе напише нешто убаво и ќе му ја подари пораката). |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да се оспособува да твори според водена дискусија;<br>• да се поттикнува да собира неколку видови народни творби и да ги напише во посебна книга. | • Пишување состав според конкретна поговорка<br>• Приказни, брзозборки, поговорки, гатанки | | • Читање на поговорка, одење разговор (дискусија) за содржината и поракатa на поговорката, пишување состав за сопствените размислувања за поговорката;<br>• организирање посета на најблиска населба, село и собирање на приказни, брзозборки, поговорки, гатанки, изработување книга со собраните народни творби. |
| • Да се охрабрува да напише (прошири) текст според сопствена замисла;<br>• да се охрабрува сопствените чувства и размислувања да ги преточи во текст. | Пишување текст по даден почеток или по даден крај<br><br>Пишување текст инспириран од музика | | • Измислување сопствен завршеток на зададен текст кој има почеток и главен дел;<br>• на зададен текст со главен дел и завршеток учениците измислуваат почетен дел, по своја замисла;<br>• составување краток текст инспириран од конкретен предмет;<br>• организирање на активности за пишување текст инспириран од слушана музика. |
| • Да се поттикнува да следи со внимание игран филм за деца и театарска претстава;<br>• да се поттикнува, при следење на театарска претстава да ја воочува сцената, предметите на сцената, костумите, звуците, музиката;<br>• да се поттикнува да состави нов текст инспириран од филм или театарска претстава. | Филм<br>Театарска претстава | Филм<br>Театарска претстава | • Заедничко проследување на филм или театарска претстава (или снимка на театарска претстава) и разговор за изгледот на сцената, костумите, предметите на сцената, звуците, музиката, завесата, движењето на актерите, за највпечатливите моменти за секој од нив;<br>• писмена (или говорна) вежба инспирирана од гледаниот филм или театарска претстава;<br>• изведување сопствена претстава инспирирана од гледаната претстава, при што ќе измислат поинаков крај;<br>-изведување сопствена претстава во која ќе играат истите ликови како во гледаната претстава, но во поинаков простор, во друго време, место и сл. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да се поттикнува да напише текст по сопствен избор на тема за која сака да пишува за училишниот весник или некое детско списание. | Пишување состав за детски печат | Детски печат | • Измислување ребус, крстозбор;<br>• составување текст од страна на неколку ученици врз основа на понудени елементи, со договарање и меѓусебно дополнување;<br>• пишување сопствени текстови наменети за детско списание или училиштен весник, пано и сл. |
| • Да се поттикнува да напише стихувана творба. | Пишување песна со даден мотив | Стих, строфа и рима | • Осмислување и пишување строфи и песна на различни теми по избор на учениците. |

| МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се поттикнува на импровизирано пеење. | Импровизирано пеење | | • Организирање активности во кои учениците ќе пеат наместо да зборуваат (на пр., прашања, одговори, барање, молба и сл.);<br>• импровизирано пеење на измислени мелодии на позната бројалка, стихотворба и сл.;<br>• измислување мелодија на сопствен текст. |
| • Да се поттикнува да избере музички творби за сопствените драматизации и претстави. | | | • Слушање и избирање на различни музички творби за сопствените драматизации и претстави. |
| • Да се поттикнува да истражува звучни својства на различни материјали и да создаде мелодија на одредена тема. | | | • Истражување на звучните својства на различни материјали и предмети (на пр., жици, чаши, шишиња со различно количество вода и др.) и создавање различни мелодии. |

| МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се поттикнува да ги усовршува веќе совладаните елементи при создавање на своја едноставна кореографија. | Изведување кореографија | | • Избирање музика и осмислување ед-ноставна кореографија со користење на реквизити: обрач, јаже, топка, лента...;<br>• осмислување на заедничка кореогра-фија со користење на различни реквизити: обрачи, топки, ленти и сл...;<br>• учениците се подготвуваат за соодвет-на кореографија со примена на изучени-те чекори од народните ора;<br>• составување кореографија и увежбува-ње и усовршување на истата;<br>• составување на кореографија на македонската натпреварувачка химна и друга мизика по избор на учениците;<br>• изведување на кореографијата според празникот на училиштето и локалната средина на секое училиште. |

| ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се поттикнува да го користи цртачкиот материјал за цртање според своја замисла. | Цртање | | • Цртање на честитки за Нова година, за роденден на соучениците, родителите и други поводи;<br>• цртање на покани, цртежи за разубавување на родителското пано;<br>• илустрирање на текстови (свои и на други автори), илустрација за училиштен весник;<br>• цртање на реквизити за игри на улоги и сл. |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| • Да применува сликарска техника по свој избор при реализација на својата замисла. | Сликање | | • Сликање на честитки, цртежи за разубавување на училницата, родителското пано и училиштето;<br>• сликање врз хартија добиена со рециклирање од страна на постари ученици (изработка на покани, честитки и сл.);<br>• илустрирање на текстови (свои и на други автори), изработување на корици на книгата за народно творештво, илустрација за училиштен весник;<br>• украсување на предмети (теракота) инспирирано од народното творештво и обичаите од различни култури, на пр., украсување на бардаче, глинени садови и играчки, украсување на велигденско јајце, украсување на кошничка за собирање на јајца за Денот на пролетта и сл. |
| • Да истражува и открива својства на нестандардни ликовни материјали за цртање и сликање и тие сознанија да ги користи при сопственото ликовно изразување. | Ликовни истражувачки активности | | • Сликање и цртање на различни подлоги, како на пр., текстил, камен, дрво, картон и сл. ;<br>• откривање на својствата на различни материјали и користење на тие сознанија за изработување на свој цртеж или слика, на пр., цртање и сликање со боја од зеленчук или овошен плод, цртање со стапчиња за уши, сликање со прст, со стара четка за заби потопена во боја, цртање и сликање со стара шминка и сл. |
| • Да истражува и открива својства на различни материјали што можат да се преобликуваат во разни форми;<br>• да се охрабрува на различни начини да претставува тродимензионален простор во соодветен сооднос. | Обликување на просторот | | • Запознавање со техниката на работа со фимо-маса и изработување на украсни шноли, обетки, ѓердани, брошеви, беџеви за своето одделение, украси и др. (што може да се изложи на изложби по повод патронен и друг празник, да се изложи на продажна изложба, хуманитарна акција и сл.);<br>• обликување и компонирање од веќе оформени природни облици како што се: гранки, плодови, семиња, лисја, мешунки, суви стебленца на полски растенија;<br>• активности со хартија (ленти од хартија, облици, парчиња и цилиндри од хартија) и изработување на плик за писмо, кесичка за подароци, цветови, украси за елка; оригами и сл. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да се охрабрува да користи техники на применетата уметност во работата со различни материјали, изработувајќи различни предмети што имаат и естетски квалитети. | Дизајн | | • Облепување на пластични чаши, шишиња, кутии и изработување на вазнички, кутии за моливи, за подароци и сл.;<br>• изработување на предмети за секојдневна употреба, украси и сл. од отпаден материјал (кутии, картонски влошки за јајца, делови од дрвени штипки, стиропор, јута, коноп и сл.);<br>• ткаење на килимче, коледарска торбичка и сл. од волница, платнени ленти, пластични ленти, дебела волна и др. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во рамките на наставниот предмет *творештво* наставникот не би требало кај учениците да ги попречува невообичаените идеи, мислења и неверојатните претпоставки како извор на творечко мислење. Секогаш треба да ги поттикнува учениците слободно да се изразуваат, а секоја нивна творба треба позитивно да се вреднува. Во ниеден облик на творечкото изразување на учениците не се инсистира на копирање на готови модели и користење на шаблони.

При реализацијата на програмата непосредните реализатори мора да поаѓаат од развојните можности и интереси на децата од 9 до 10-годишна возраст и, се разбира, неопходно е да се почитуваат индивидуалните можности, способности и интереси на секој ученик/ученичка одделно.

Предложените активности во оваа наставна програма се надоврзуваат на голем дел од реализираните цели од наставните програми по: ликовно образование, музичко образование, македонски, албански, турски или српски јазик, физичко и здравствено образование од прво до трето одделение, а интегрираното планирање и реализација продолжува и натаму. Учениците кои овој предмет не го избрале во четврто одделение можат да го одберат за прв пат во петто одделение.

За реализацијата на целите наставниците треба да организираат практични манипулативни и истражувачки активности на учениците: манипулација со материјали, предмети, истражување на ликовни и музички својства на средствата и материјалите, разложување, составување, конструирање, истражување на сопствените моторички способности, гласовни можности, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл.

Во однос на дидактичко – методичкото обликување на наставниот час, ја нагласуваме потребата од максимална примена на дидактичката игра и истражувачките активности на децата. Притоа пожелно е да се применува групната и индивидуалната форма на работа, а најмалку фронталната. Многу е важно да се обезбеди пријатна и опуштена атмосфера во училницата, во која учениците слободно и со задоволство ќе изнесуваат свои идеи и ќе ги реализираат, а, исто така, ќе ги прифаќаат и почитуваат идеите и творбите на соучениците.

Најпрвин наставникот, имајќи ги предвид сознанијата за секој ученик/ученичка (добиени со следење на способностите, можностите, интересите и анализата на трудовите во портфолиото во претходните три години) и разговорите што ќе ги води со секој/а од нив ќе му/ѝ помогне на секој/а ученик/ученичка

да се вклучи во соодветни активности. Поради различните интереси и можности на учениците во паралелката, програмата условно е поделена на четири дела: *говорно, ликовно, музичко творештво и музика и движење*, така што сите ученици ќе изберат што најмногу ги интересира и каде се чувствуваат најсигурни, во рамките на 36 часа годишно на овој предмет. Така, по согледувањето на интересите на учениците ќе се одберат подрачјата и целите кои ќе бидат реализирани и заедно ќе се договори годишната програма на сите активности во паралелката (конкретни активности, рокови, одговорни ученици, начини на презентација). Се разбира дека во текот на годината можат да се вклучуваат и во други активности, иако на почетокот на годината за нив не биле заинтересирани најважно е да го задоволат својот интерес и да чувствуваат задоволство во реализација на активностите.

Пожелно е активностите на учениците да бидат меѓусебно поврзани (на пр., група ученици ќе пронајде или ќе напише свој текст за драмска претстава и ќе напише плакат и покани, друга група ученици ќе се погри-жи за цртање на плакатот, поканите, изработка на реквизити, делови од костумите и сценографијата, друга група ученици ќе изведува звучни ефекти, ќе одбере музика што ќе ја придружува претставата, а доколку можат и ќе пеат или свират на детски или други инструменти). Доколку има повеќе од три паралелки на четврто одделение во училиштето наставниците можат да се договорат и да формираат различни групи, според сопствениот афинитет и интересите на учениците.

Наставата по творештво може да се реализира на различни места (специјализирани училници, сала во училиштето, ателје и други различни простории), но најчесто во соодветните катчиња во училницата.

Би било добро уметничкото, јазичното, етнолошкото и музичкото катче да ги имаат сите средства и материјали согласно Нормативот за простор, опрема и наставни средства. За ликовното творештво ќе се користат и природни материјали собрани од прошетките во природата, посетите на различните институции, фабрики, материјали донесени од родителите (природни и отпадни материјали како на пример, кутии, парчиња текстил, различни видови хартија, мека жица, семиња, шишарки од елка, костени, чипки и бисерчиња (монистра) со различна големина, форма и боја, конец со различна боја и дебелина, волница и сл.).

Сите ученички творби позитивно се оценуваат и треба да бидат презентирани пред целата паралелка, останатите ученици во училиштето, родителите, па и на ниво локална самоуправа и пошироко. ќе се организираат презентации по повод различни празници во училиштето, продажни изложби на творбите во име на хуманитарни акции и сл. Добро е да се воспостави соработка меѓу помалите и постарите ученици од училиштето и другите институции во локалната самоуправа. Така, куклите и маските што учениците ќе ги направат можат да се подарат на помалите ученици, маските, костумите за денот на шегата, украсите, честитиките и предметите за секојдневна употреба можат да се подарат на други деца и возрасни (на пр., на деца без родители, на лицата во домовите за стари лица и др.). Хартијата што постарите ученици (на пр., од шесто одделение) со рециклирање ќе ја направат во рамките на предметот природни науки и техника, ќе можат да ја користат учениците од четврто и петто одделение за сопствено ликовно изразување.

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се оценат постигањата на ученикот/ученичката неопходно е:
• да се разговара со ученикот/ученичката и да се добијат сознанија за претходните искуства и интересите за различните видови на детското творечко изразување;
• да се набљудува (постојано и навремено) ученикот/ученичката додека манипулира со конкретни предмети, средства, материјали, инструменти, додека творечки се изразува, за време на презентацијата и сл.;
• да се следи континуирано односот на ученикот кон работата, соработката со врсниците, покажаната иницијативност, љубопитност, упорност во реализацијата на избраните активности.
Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување наставникот го цени постигнувањето на секој/а ученик/ученичка поединечно и ги формулира во описна и бројчана оценка. Основен критериум при оценувањето е учеството, залагањето и соработката со другите ученици, а не крајниот резултат (продуктот) од активностите. На крајот на наставната година постигањата на учениците се оценуваат со бројчана оценка.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по *творештво* во четврто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
• педагошки факултет – професор за одделенска настава;
• филозофски факултет – дипломиран педагог.

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и на наставни средства за I до VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Љиљана Самарџиска – Панова, советник во БРО, координатор
» д-р Снежана Димчевска, Факултет за музичка уметност - Скопје
» Веселинка Радева, ЈУДГ „Астибо“ – Штип
» Лидија Нарашанова-Смилевска, ОУ„Кочо Рацин“ – Скопје
» Марија Митева, ОУ„Ј. Х. Песталоци“ - Скопје

Наставната програма по *творештво* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4088/1 од 22.05.2008 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот музичко образование за IV одделение за деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и таа треба да има свое значајно место во воспитанието и образованието. Целта на наставата по музичко образование е децата да ја засакаат музиката, кај нив да се вроди желба за активно занимавање со неа: да пеат, свират и слушаат музика, да ги развијат своите музички способности. Музичкото образование, како задолжителен предмет за учениците од I до IX одделение, треба да го подготви ученикот за живот, т.е да го оспособи да стане активен корисник и чинител на музичката култура, како во училиштето, така и во секојдневниот живот.
Предметот музичко образование во наставниот план е застапен со по 2 часа неделно, односно 72 часа годишно за учениците од I до V одделение и со по 1 час неделно изучување за учениците од VI до IX одделение, односно 36 часа годишно.
Заедно со ликовното образование и со другите содржини присутни во одредени предмети (на пример, во мајчиниот и странскиот јазик), музичкото образование треба да влијае врз облагородување на учениците, развојот на нивните естетски чувства, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност, за да им се овозможи постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.
Изучувањето на музиката, од најраните години во развојот на детето, е идеално за комплексното делување врз детската личност, за силно поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста. Музичкото образование треба да даде значаен придонес во развојот на детето, во стекнувањето на култура на однесувањето, како и во поттикнување на музичкото изразување.

# 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
❑да ги спознава основните музичко-изведувачки активности (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко-ритмички активности), како и слушањето музика;
❑да ужива во убавината на музиката;
❑да ги развива музичките способности;
❑вербално да се изразува за слушаната музика;
❑да се поттикнува да пее, свири, игра, слуша музика и да ги осознава своите претпочитувања во музичката дејност;
❑да се ослободи од стрес, емоционална напнатост преку слушање музика и омилените видови на музичката дејност;
❑да ги открива своите музички претпочитувања и претпочитувања на другите;
❑да ги почитува своите претпочитувања и претпочитувањата на другите;
❑да се запознае со посложени музички дела од различни стилови и жанрови, како и со примери од народното музичко творештво;
❑да го усвојува нотното писмо;
❑да го применува читањето на нотниот текст во музичко-изведувачките активности (пеење, свирење на ДМИ, музичко изразување и творење);
❑да ги усвојува музичко-теориските поими;
❑да ги препознава на слух музичките карактеристики и да ги именува со музичко-теориските поими;
❑да стекне позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;
❑да ги знае основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;

❑одговорно да ги извршува задачите;
❑да покажува смисла и желба за тимско работење;
❑да покажува толеранција;
❑да покажува подготвеност да му помогне на другиот;
❑да ја користи информативната компјутерска технологија во музичкото изразување.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
❑да применува правилна вокална интерпретација;
❑да го развива опсегот на гласот;
❑да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
❑да развива навики за активно слушање музика;
❑да препознава и именува основни видови на темпо;
❑да препознава и именува основни видови на динамика;
❑да свири на ДМИ (мелодиски и ритмички);
❑да ги усвојува елементите на нотното писмо;
❑да се оспособува за пеење и свирење по ноти;
❑да се воведува во музичката граматика;
❑да се поттикнува за позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;
❑да се воведува во спознавањето на основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
❑да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 4.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот- ученичката:<br>• да применува правилен пејачки став;<br>• да развива дикција;<br>• да доживее и употреби двојна поделба на ударот во изговарање на бројалките;<br>• да го развива опсегот на гласот;<br>• да пее правилно песни различни по содржина и карактер;<br>• да се поттикнува да ги применува основните видовите темпа (брзо- бавно) во пеењето;<br>• да се поттикнува за употреба на основните видовите динамика<br>(силно- тивко) во пеењето;<br>• да го развива умеењето за пеење по ноти со тактирање;<br>• да се подготви за канонско пеење | • Правилен став при пеењето<br>• Пеење по слух: детски, уметнички, народни песни и песни поврзани со државни и верски празници* различни по содржина и карактер (опсег ц1 - ц2)<br>• Пеење по ноти: елементарни мелодиски вежби и песни (со употреба на тоновите до1-ла1 во траење на половини и четвртини ноти)<br>• Пеење мелодии на канони едногласно (подготовка за пеење на двогласни канони) | • Пеење по слух<br>• Пеење по ноти<br>• Тактирање<br>• Парлато (ритмичко читање со именување на тоновите) | • Вежби за правилно пеење, држење на телото и правилно дишење.<br>• Изведба на бројалки со точен ритам и јасна дикција со примена на двојна поделба на удар (подготовка за изучување на осмина нота во V одд.) (пр.: познатата бројалка „Та-ра, та-ра, та-ра-на“ да се изговара во побрзо темпо со плескање на рацете на секои два слога).<br>• Пеење песни различни по содржина и карактер според постапката на учење песна по слух (пр,: учење на песни за годишните времиња, детски песни, народни песни и др. со опсег ц1- ц2).<br>• Пеење по слух на кратки мелодиски мотиви со употреба на тоновите од до1- ла1 ( пр.1: наставникот го пее мотивот до1-сол1-до1 со именување на тоновите а учениците го повторуваат;<br>пр. 2: наставникот го пее мотивот со текст, а учениците го повторуваат со именување на тоновите).<br>• Пеење на елементарни вежби и песни по ноти со тактирање според постапката на учење песна по ноти (читање и дискусија за литературниот текст; појаснување на нотниот текст – нотни вредности, траења, др. знаци; читање парлато на нотниот текст со тактирање; пеење со именување на тоновите според зададената интонација на првиот тон; пеење на неутрален слог; пеење со текст, внимавајќи на правилната вокална интерпретација).<br>• Изведба на „Овчарска песна“- едногласно по ноти.<br>• Изведба на „Медо и мед“- едногласно по слух. |

| МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот- ученичката:<br>• да ги препознава и применува знаците на нотното писмо: петтолиние, виолински клуч, нота;<br>• да ги препознава и применува тоновите ла1, ре1, до1 и фа1 на петтолиние;<br>• да го применува изразот темпо за соодветната музичка карактеристика;<br>• да го применува изразот динамика за соодветната музичка карактеристика;<br>• да препознава и применува четвртина и половина нота ;<br>• да препознава и применува четвртина и половина пауза;<br>• да го препознава и применува знакот за продолжување на нотна вредност – корона;<br>• да препознава и применува знаци за повторување и прима и секунда волта. | • Елементи на нотното писмо: нота, петтолиние, виолински клуч (повторување)<br>• Положбата на тоновите сол1 и ми1 на петтолиние (повторување)<br>• Поставување на тоновите: ла1, ре1, до1и фа1 на петтолиние<br>• Темпо (како стручен израз)<br>• Динамика (како стручен израз)<br>• Четвртина и половина нота<br>• Четвртина и половина пауза<br>• Знак за продолжување на нотна вредност - корона<br>• Знаци за повторување и прима и секунда волта | • Положбата на тоновите сол1 и ми1 на петтолиние (ноти) - повторување<br>• Положбата на тоновите на петтолиние (ноти):<br>» ла1<br>» ре1<br>» до1<br>» фа1<br>• Темпо (поимот се воведува како стручен израз наместо брзина и како подготовка за разработка на поимот во V- одд.)<br>• Динамика<br>(поимот се воведува како стручен израз наместо јачина и како подготовка за разработка на поимот во V- одд.)<br>• Траење<br>• Четвртина нота<br>• Половина нота<br>• Четвртина пауза<br>• Половина пауза<br>• Корона<br>• Знаци за повторување (:II; II: :II)<br>• Прима волта<br>• Секунда волта | • Примена на елементи на нотното писмо: нота, петтолиние, виолински клуч преку ритмички вежби (изговарање парлато, свирење на ДМИ - ритмички) и вежби за запишување.<br>• Вежби за запишување на тоновите сол1 и ми1;<br>• вежби за визуелно препознавање на тоновите сол1 и ми1 на петтолиние;<br>• пеење и свирење по ноти на мелодиски вежби со тоновите сол1 и ми1;<br>• воочување на тоновите: ла1,ре1,до1и фа1 на петтолиние;<br>• вежби за запишување на тоновите ла1, ре1, до1 и фа1 на петтолиние;<br>• вежби за визуелно препознавање на тоновите ла1, ре1, до1 и фа1 на петтолиние;<br>• пеење и свирење по ноти на мелодиски вежби со тоновите ла1, ре1, до1и фа1.<br>• Препознавање и воочување на основните видови темпо (брзо - бавно) преку пеење, слушање музика, свирење на ДМИ (пр.: Изучената песна или бројалка се пее (изговара) во брзо и бавно темпо, се одреува видот на темпо и се дискутира кое темпо е соодветно на дадената песна (бројалка).<br>• Препознавање и примена на основните видови на динамика (силно - тивко) преку пеење, слушање музика, свирење на ДМИ (пр.: Изучената песна или бројалка се пее (изговара) со силна и тивка динамика, се одредува видот на динамиката и се дискутира која динамиката е соодветна на дадената песна (бројалка). |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | | | • Вежби за запишување на четвртина и половина нота и пауза;<br>• вежби за визуелно препознавање четвртина и половина нота и пауза;<br>• парлато изговарање и свирење на ритмички вежби со четвртина и половина нота и пауза;<br>• пеење и свирење на мелодиски вежби со четвртина и половина нота и пауза;<br>• вежби за визуелно препознавање на знакот за продолжување – корона;<br>• вежби за запишување на знакот за продолжување – корона;<br>• парлато изговарање и свирење на ритмички вежби со знакот за продолжување – корона;<br>• пеење и свирење на мелодиски вежби со знакот за продолжување – корона;<br>• вежби за визуелно препознавање на знаците за повторување и прима и секунда волта;<br>в вежби за запишување на знаците за повторување и прима и секунда волта;<br>• парлато изговарање и свирење на ритмички вежби со знаците за повторување и прима и секунда волта;<br>• пеење и свирење на мелодиски вежби со знаците за повторување и прима и секунда волта. |

| СЛУШАЊЕ МУЗИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот- ученичката:<br>• да се поттикнува за слушање на музичко дело (или заокружен фрагмент) внимателно, концентрирано, од почеток до крај;<br>• да развива способност за препознавање на начин на изведба (вокална, инструментална, вокално-инструментална музика);<br>• да дискутира за впечатоците од музиката;<br>• да го препознава визуелно и да го именува инструментот труба;<br>• да ја доживее звучноста на оркестарот;<br>• да го препознава визуелно и да го именува инструменталниот состав оркестарот;<br>• да го препознава слухово и да го именува инструменталниот состав на оркестарот. | • Слушање на вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од различни стилови и жанрови, различни по карактер и содржина<br>• Труба<br>• Оркестар | • Инструментална музика<br>• Вокална музика<br>• Вокално-Инструментална музика<br>• Темпо<br>• Динамика<br>• Карактер<br>• Инструмент труба<br>• Инструментален состав<br>• Оркестар | • Слушање на „Триумфален марш“ од операта „Аида“ на Џ. Верди (фрагмент):<br>» кратка информација за композиторот и делото;<br>» повеќекратно слушање со различни задачи (истата композиција може да се користи и за доживување и препознавање на инструментот труба).<br>• Слушање на „Кинески танц“ од балетот „Оревокршачка“ на П. Чајковски:<br>» кратка информација за композиторот и делото;<br>» повеќекратно слушање со различни задачи (истата композиција може да се користи и за доживување и препознавање на инструментален состав – оркестар).<br>• Слушање на „Растурена игра“ од Г. Коларовски за детски хор (според горенаведената постапка).<br>• Слушање на вокални и вокално-инструментални музички дела по избор на наставникот (според горенаведената постапка).<br>• Доживување на звучност на дувачкиот инструмент труба преку слушање на „Наполитански танц“ од балетот „Лебедово езеро“ на П. Чајковски.<br>• Откривање на името на инструментот;<br>• визуелно запознавање на инструментот.<br>• Доживување и воочување на звучноста на инструментален состав преку слушање на I-от став од „Детска симфонија“на Ј. Хајдн;<br>• објаснување и усвојување на поимот инструментален состав;<br>• усвојување на поимот „оркестар“ – голем инструментален состав од изведувачи на различни инструменти. |

| СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• правилно да свири на ДМИ (ритмички);<br>• да се воведе во техниката на свирење на блок флејта;<br>• правилно да го употребува прсторедот за тоновите до1 – ла1;<br>• да се оспособува за свирење на ДМИ по ноти индивидуално и<br>во група (инструментален состав). | Свирење по ноти:<br>• ритмички вежби со четвртини и половини ноти и паузи (ритмички инструменти)<br>• Мелодиски вежби за Блок флејти (опсег од до1- ла1)<br>• Едногласни мелодии (погодни за свирење на двогласни канони во V-одд.) - напамет<br>• Вежби со знак за продолжување на нотната вредност- корона<br>• Вежби со знаци за повторување и прима и секунда волта | • Блок флејта<br>• Прсторед<br>• Инструментален состав<br>• Ритмички вежби<br>• Мелодиски вежби<br>• Нотен текст | • Свирење со ритмички инструменти на вежби со четвртини и половини ноти и паузи (пр.: учениците ги препознаваат нотните вредности и паузите, го утврдуваат нивното траење, ја изговараат вежбата парлато на слог „та“, ја свират со броење на глас, ја свират со броење на наставникот, ја свират со броење во себе).<br>• Визуелно и слухово запознавање на блок флејта;<br>• усвојување на техниката на свирење на блок флејта (правилно седење - стоење, дишење, држење на инструментот, прсторед);<br>• свирење на едноставни вежби со примена на правилна техниката на свирење (опсег до1- ла1);<br>• свирење на едноставни вежби со знак за продолжување на нотната вредност - корона;<br>• свирење на едноставни вежби со знаци за повторување и прима и секунда волта;<br>• свирење на едноставни партитури со ритмички и мелодиски инструменти (пр.: мелодија кај блок флејти и придружба со ритмичките инструменти). |

| МУЗИЧКА ГРАМАТИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го доживее мотивот преку поврзаноста на музиката со литературниот текст;<br>• да го усвои поимот мотив преку споредба на литературниот текст со нотниот текст;<br>• да го препозне мотивот во песни и вежби;<br>• да ги воочи и претстави мотивите со различни симболи. | • Мотив | • Мотив | Изразно читање на литературниот текст на песната „Зима, зима” со јасна дикција и динамичко нијансирање.<br>Текст на песната: „Зима, зима, снегот снежи, студот стега, секој бега“.<br>I активност: Секој ученик да изброи од колку збора е составена песничката ( 8 збора).<br>II активност: Наставникот го пее литературниот текст, а учениците треба да воочат мелодиско движење на зборовите во песната.<br>III активност: Усвојување на мелодијата на песната со литературен текст (по слух).<br>IV активност: Наставникот пее мотиви со именување на тоновите, а учениците повторуваат со зборови (воочување и поврзување на мотиви од тонови со мотиви од зборови.<br>• По истата постапка може да се воочи мотивот во други песни, вежби преку свирење на ДМИ и др. |

| НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го усвои поимот народно творештво;<br>• да ги именува елементите од народното творештво ;<br>• да го усвои поимот народно музичко творештво;<br>• да ги именува елементите на народното музичко творештво;<br>• да се поттикнува за позитивен став кон народното творештво и кон народното музичко творештво. | • Народно творештво (општи карактеристики т.е разговор, гатанки, приказни, народна музика (песни, ора...), обичаи (коледе, велигден, ѓурѓовден, водици...) носии, кујна<br>• Народно музичко творештво – народни песни, народни ора и народни инструменти | • Народно творештво<br>• Народно музичко творештво | • Проектна активност- „Народно творештво“ (собирање на слики и текстови од различни извори: библиотеки, Интернет и сл.).<br>Поделба на учениците по групи и поделба на задачи:<br>I- група има за задача да собира умотворби: гатанки, брзозборки , пословици, народни преданиа и др.<br>II- група има за задача да собира грнчарии: бардаче, стомна, вазни, тави, носии, везови и др.<br>III- група има за задача да собира текстови од изворни народни песни од различни краишта на Македонија.<br>IV- група има за задача да собира текстови за обичаи од разни краеви на Македонија (Велигден. Коледе, Свадба, урѓовден итн.).<br>V - група има за задача да собира слики од народни инструменти.<br>Заедничка презентација на сиоте активности со слушање соодветни народни песни и ора. |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот *музичко образование* во IV одделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставни програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.
При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

**Наставни средства:**

❑аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, компјутер);
❑детски музички инструменти;
❑дидактички средства и материјали;
❑визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.)
❑Интернет, образовни софтвери.

***Годишен фонд на часови (ориентационо)***

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Пеење | 10 |
| 2. | Музичка писменост | 25 |
| 3. | Слушање музика | 15 |
| 4. | Свирење на детски музички инструмент | 8 |
| 5. | Основи на музичките форми | 4 |
| 6. | Народно музичко творештво | 7 |
| Вкупно: | | 69 |

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (описно оценување во текот на годината, а на полугодие и на крајот на годината наставникот изведува бројчана оценка).
При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за I до VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по музичко образование во четврто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
• педагошки факултет – професор за одделенска настава;
• филозофски факултет – дипломиран педагог.

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Анкица Витанова, советник за музичко образование и музичка уметност, БРО - Скопје
» м-р Викторија Коларовска-Гмирја, вонреден профессор на Факултетот за музичка уметност - Скопје
» м-р Владимир Лазаревски, Факултет за музичка уметност – Штип
» Вера Ангеловска, наставник - ОУ „Кузман Ј.Питу“ - Скопје
» Марина Васиќ-Стефановска, наставник - ОУ „Коле Неделковски“- Скопје

Наставната програма по *музичко образование* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4071/1 од 22.05.2008 година.

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *ликовно образование* за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

## 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување на особеностите на формите, линиите, боите, пропорциите, заемниот однос на деловите (конструктивни компоненти), на предметите и другите визуелни појави во природата;
- да ги развива способностите за компонирање на ликовните елементи и формирање на естетска целина;
- да се оспособува самостојно да расудува, заклучува и логички да ги применува искуствата и сознанијата;
- да ја развива свеста за примената на естетиката во уредувањето на просторот за живеење, меѓусебната комуникација и примена на уметноста во производството;
- да ја проширува ликовната писменост и да ги развива креативните способности преку решавање на ликовни проблеми;
- да го развива визуелното мислење преку практична и теоретска работа;
- да се воведува во системот на визуелни знаци присутни во општествениот живот (сообраќајни знаци, амблем и сл.);
- да се оспособува за ликовна работа по природа, фантазија, тематска работа;
- да развива осет за боја, линија, форма, форма во простор, единство во композиција;
- да формира навики за индивидуален творечки однос во рамките на ликовната работа и други активности во животот;
- да ги развива способностите за истражување и флексибилна примена на нови ликовни материјали и постапки за работа и стекнување технолошки искуства;
- да формира работни навики и способност за организација на работниот процес: планирање, проектирање, творештво и валоризација на резултатите;
- да го развива интересот кон ликовното творештво и да се оспособува ликовните и естетските искуства да ги применува во учењето, општествениот живот и работата;
- да се поттикнува да се грижи за природата и уредувањето на непосредната околина;
- да се запознае со ликовните дела од познати мајстори и со компонентите на ликовните дела и да изградува ликовен критериум;
- да ги поврзува ликовните сознанија и активности со содржините на другите наставни програми;
- да се поттикнува да се грижи за културното наследство на Р. Македонија;
- да се оспособува за истражување, комбинирање и креирање со компјутер.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да запознава и да користи нови поими и термини од ликовната уметност;
- да користи разни ликовни материјали и да ги усовршува техниките за цртање, сликање, обликување во просторот, моделирање и градење, графика, визуелни комуникации и дизајн во ликовното изразување;
- да ги изразува самостојно и слободно своите сознанија, чувства, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
- да ја развива способноста за аналитичко набљудување и да забележува слични и разновидни форми во природата и ликовните дела;
- да забележува богатство на линии и нивниот сооднос, како и да ги применува;
- да ги проширува сознанијата за боите и нивните основни колористички односи;
- да ја развива способноста за проценка на просторот (надворешен, внатрешен, природен, функционален);
- да се оспособува да компонира ликовни елементи (линија, форма, боја, волумен, површина) и да формира естетска целина;
- да се поттикнува да направи избор на идеја, активност и соодветни средства и да состави ликовна творба;
- да се поттикнува вербално да објаснува ученичка ликовна творба или уметничко дело;
- да се поттикнува на сопствена естетска проценка;
- да прави разлика на уметнички дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика, скулптура, графика, архитектура);
- да ги применува стекнатите знаења и вештини за ликовно изразување, како и да ги негува хигиено-техничките и работните навики;
- да гради позитивен однос кон културното наследство од различни етнички заедници;
- да ги препознава визуелните медиуми и средства и нивната функција;
- да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно изразување;
- преку ликовното творештвотода се ослободува од стрес.

## 4.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ја развива перцепцијата и да увидува разлики во природниот простор (езеро - планина, ливада улица);<br>• да набљудува и препознава функционален простор (училница, соба, кутија, торба и сл.);<br>• да воочува и споредува целина и детаљ;<br>• да развива поголема визуелна осетливост;<br>• да воочува ритам во природата и да го применува во цртежот;<br>• да забележува светло и сенка и со сенчење да ја претставува сенката на предметите;<br>• да ја развива креативноста и умешноста во изразувањето со користење на линии со различен карактер и густина;<br>• да забележува визуелно и тактилно разлики на текстура во природата (мазно-рапаво, тврдо-меко, бодливо…); | Средства за цртање и нивната употреба<br><br>Ликовни елементи во цртањето<br><br>Цртање<br><br>Естетско проценување | • Природен простор<br>• Функционален простор<br>• Светлосенка (повторување)<br>• Густина на линии<br>• Контура (повторување)<br>• Детаљ (повторување)<br>• Ритам (повторување)<br>• Насока<br>• Површина<br>• Симетрија<br>• Асиметрија<br>• Текстура<br>• Лавиран туш<br>• Бајц | • Набљудување (директно или преку фотографии или други визуелни средства) на природен простор: езеро, планина, улица, шума, водопад и др. и воочување на разлики во длабочината и ширината на просторот.<br>• Набљудување на функционален простор: куќа, училиште, соба, кутија, торба и воочување на визуелните разлики во однос на природниот простор.<br>• Со тенка четка, монохромно (бајц, туш, темпера, водни бои и др.) црта линии со различна дебелина, интензитет, прецизност, насока (моето училиште, училиштен двор, мојата соба, мојот дом).<br>• Ги набљудува промените на изгледот на предметите: светло – сенка при различно осветлување и со сенчење ликовно да ги претстави.<br>• Црта мотиви од непосредната околина кои овозможуваат примена на линијата како текстура, контура (пр. старо дрво).<br>• Набљудува и допира предмети и површина со разновидна текстура (кора од дрво, пластика, крзно, еж, почва, трева) и преку разновидни линии истите ги прикажува на својот цртеж; |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да претставува со цртање видови текстури;<br>• да препознава сличности кај разнородни и разлики кај истородни облици;<br>• да користи креативно и да комбинира линии, светло – сенка и текстура;<br>• да користи ритам и контраст на линии и облици во својот ликовен израз;<br>• да перцепира разновидност на облици, форми, големини, симетрија и асиметрија во природата;<br>• да стекнува елементарни знаења за симетријата и истата да ја применува во цртежот;<br>• да ги усовршува вештините за употреба на тушот;<br>• да стекнува нови знаења и вештини преку совладување на нови техники и постапки-лавиран туш, бајц;<br>• да се оспособува за визуелното и тактилното помнење и истото да го користи за креативно изразување и компонирање во ликовна целина;<br>• да ја користи фантазијата за ликовно изразување на слушаната музика (од акустички во ликовен симбол);<br>• да набљудува уметнички дела (цртежи) и стекнува основни сфаЌања за уметничкиот простор;<br>• да го открива и анализира богатството на линии (испреплетеност, контраст, ритам, текстура и др.) на цртежи на познати уметници. | | | • црта луѓе и животни во група и преку цртеж претставува активност и движење (спортисти, играорци, јато птици и др.);<br>• во природата го забележува ритамот на формите и линиите и истите ги применува како декоративен елемент (дрворед, ограда, скали и др.);<br>• црта со техника лавиран туш мотиви од екологија;<br>• црта случки од секојдневниот живот (роденден, свадба, циркус, приредба и др.);<br>• црта природа во различни годишни времиња и прикажува природни појави и слободно, креативно комбинира ликовни елементи;<br>• набљудува, забележува и црта симетрични форми (пеперутка, вазна, шише, анфас и др.) со користење на ИКТ;<br>• набљудува, забележува и црта асиметрични форми (профил, животно, возило…) со користење на ИКТ;<br>• црта по набљудување, помнење и фантазија;<br>• по сопствена замисла со линии, плоштини и текстури визуелно трансформира музика во цртеж;<br>• со туш и перце претставува контраст на текстури;<br>• набљудува, доживува и коментира цртежи од познати македонски или странски ликовни уметници, на нив воочува видови линии, текстури, насоки, густини на линии и др. |

| СЛИКАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да знае да ги користи соодветно подлогите, приборот и сликарските материјали;<br>• да воочува односи на бои и тонови, како и да создава претстава за колористички појави во природата и уметничките дела;<br>• да ги забележува боите и тоновите во непосредната околина и со сликање да ги претставува;<br>• да воочува и препознава ахроматски и хроматски бои;<br>• да препознава и да применува при сликањето комплементарен контраст на бои;<br>• да ги препознава и применува комплементарните парови: зелено-црвено, жолто-виолетово, портокалово-сино;<br>• да врши во сликањето синтеза на битното и елимирање на небитните елементи и детали;<br>• да стекнува елементарни знаења за мешањето на ахроматските бои и добивање на тонови со различна валерска вредност;<br>• да стекнува нови знаења преку совладување на нови техники и постапки-лавиран туш, бајц;<br>• да ги комбинира креативно боите со форми, текстури; | Основни сретства за сликање и нивната употреба<br><br>Ликовни елементи во сликањето<br><br>Сликање<br><br>Колаж<br><br>Естетско проценување | • Хроматски бои (повторување)<br>• Ахроматски бои (повторување)<br>• Градација на бои и тонови<br>• Комплементарен контраст<br>• Комплементарни парови<br>• Гваш (повторување) | • Набљудува и открива во непосредната околина богатство на бои и тонови, нивните односи и тие искуства ги користи при сликањето (слика пејзаж).<br>• Со споредување на детска творба и нејзина фотокопија воочува разлика на хроматски и ахроматски бои.<br>• Слика со ахроматски бои (град, загаденост и сл.).<br>• Во природата ја забележува тонската градација, споредува и забележува разлики во тонот (светол, темен, најтемен, најсветол тон).<br>• Споредува, степенува и креативно во техника гваш применува градација на тонови (хроматски и ахроматски).<br>• На круг на бои препознава и покажува комплементарни парови.<br>• Во техниката колаж прикажува комплементарен контраст.<br>• На палета меша бои и слика со нив по сопствена замисла.<br>• Спонтано меша бои и користи неколку тонови (градација на тон- хроматски или ахроматски).<br>• Слика луѓе, животни, појави и спонтано користи ритам, контраст и сликарска текстура.<br>• Слика по слушана музика. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да ги изразува своите емоции преку контраст: светло-темно или комплементарен колорит;<br>• да комбинира креативно форми, бои, ритам, големини;<br>• да истражува и експериментира со ликовните техники и елементи;<br>• да се оспособува да комбинира линеарен цртеж и текстура и на истиот да интервенира со акварелни бои или гваш. | | | |

| ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>• да умее фокусирано да набљудува, истражува и воочува визуелни разлики и волумени на на истородни и на разнородни форми;<br>• да се оспособува да ја забележува тридимензипналноста на предметите во просторот;<br>• да се поттикнува да обликува тридимензионална фигура;<br>• да диференцира (разликува) различни пропорции: големо-мало, цело-детаљ;<br>• да ги усовршува и користи при моделирањето разните постапки на работа;<br>• да воочува и препознава и да користи симетрија или асиметрија; | Основни средства за моделирање<br><br>Ликовни елементи во моделирањето<br><br>Моделирање<br><br>Основни средства за градење<br><br>Ликовни елементи во градењето<br><br>Градење | • Композиција<br>• Симетрија<br>• Асиметрија<br>• Релјеф<br>• Скулптура | • Активности за разликување и моделирање фигури со различни пропорции: големо-мало, цело-детаљ.<br>• Моделирање фигура на човек (фудбалер, тенисер, играорец, балерина, ковач).<br>• Моделирање животни и прикажува пореални односи и пропорции и поголем број на детали;<br>• моделирање разни постапки на додавање, одземање, длабење, гребење, перфорирање и цртање.<br>• Моделирање и компонирање геометриско тело и слободен волумен (човек седнат на коцка).<br>• Користење линии и на човечка глава (портрет) прикажување повеќе детали и изразување емоции. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да ја усовршува умешноста за користење материјали за тридимензионално обликување и при обликувањето да применува разни постапки (кинење, лепење, составување, врзување, превиткување и др.);<br>• да составува ликовна целина – асамблаж од предмети од разновидни материјали (дрво, хартија, пластика);<br>• да забележува елементарни ликовни карактеристики на релјеф, скулптура;<br>• да умее да разликува релјеф и полна пластика;<br>• да се запознава со различни скулптури во секојдневниот живот. | Естетско проценување | | • Користи отпадни материјали за ликовно изразување, составува, лепи и др. (прави макети на град, сообраќај, возила, архитектура).<br>• Со компонирање на готови форми (делови од предмети) да создава сложена композиција во простор – асамблаж.<br>• На уметничко дело (скулптура) да забележува детали, движење, текстура, линии, волумен, боја.<br>• Посетува споменик, визуелно и тактилно анализира (скулптура, биста, релјеф, фонтана). |

| ГРАФИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>• да се оспособува во природата да воочува контраст: светло-темно, црно-бело и истиот да го применува во графиките;<br>• да споредува темни линии и плоштини на бела хартија и бели линии и плоштини на црна хартија;<br>• да стекнува елементарни знаења за графиката како ликовно подрачје;<br>• да се запознае со поимите позитив и негатив;<br>• да умее самостојно да печати монотипија;<br>• самостојно да изработува матрица за картон-печат и да печати;<br>• да совлада некои постапки за печатење: употреба на валјак, нанесување на боја, печатење;<br>• да создава со печатењето дезени, шари и истите да ги користи во дизајнот. | Што е графика?<br>Основни материјали за печатење<br>Ликовни елементи во печатењето<br><br>Печатење<br><br>Естетско проценување | • Графика<br>• Матрица<br>• Графички лист- отпечаток<br>• Монотипија<br>• Картон печат<br>• Позитив<br>• Негатив | Активности за:<br>• набљудување на околината и забележување: светло-сенка, темно-светло, црно-бело;<br>• изразување контраст со форми исечени од црн колаж кои ги лепи на бела хартија и форми исечени од бел колаж лепи на црн хамер;<br>• печатење монотипија при што креативно применува линии, плоштини користејќи една или две бои;<br>• изработување матрица (шаблон) за картон печат и самостојно печати;<br>• отпечатување монотипија на платно. |

| ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ја открива улогата на визуелните комуникации и дизајнот во комуникацијата помеѓу луѓето во секојдневниот живот;<br>• да стекнува знаења дека преку визуелните и елетронските медиуми можат да се стекнат нови знаења;<br>• да ја осознае улогата на печатените медиуми и графичкиот дизајн;<br>• да ја воочи практичната и естетската примена на предметите за секојдневна употреба;<br>• да ја воочи разликата помеѓу пишуваната и изговорената информација;<br>• да ја осознае улогата на спотот, рекламата и дизајнот во маркетингот;<br>• да ги воочува елементите на рекламите (боите, буквите, знаците, симболите, пораката);<br>• да ги воочува ликовните содржини, знаци и симболи во печатените средства (учебници, списанија, плакати и сл.);<br>• да стекне елементарни знаења како да користи боја, текст и други визуелни знаци за да пренесе информација;<br>• да запознава, разликува и да создава илустрација, корица за книга, плакат;<br>• да се запознава со стрипот и неговите комуникациски вредности;<br>• да користи компјутер за изработка на дизајн. | Дизајн<br><br>Ликовни елементи во дизајнот<br><br>Визуелни комуникации<br><br>Естетско врднување | • Фотографија<br>• Спот<br>• Реклама<br>• Илустрација<br>• Корица<br>• Интернет<br>• Стрип<br>• Визуелен знак | Активности за:<br>• разгледување фотографии со различна содржина, ги анализира и опишува<br>• Разгледување реклами во пишани медиуми и откривање на информацијата која тие ја пренесуваат.<br>• Правење нацрт за плакат и покана за патронен празник на училиштето.<br>• Изработување на украси, честитки, накит.<br>• Преку постапки на лепење, врзување, составување и др. им ја менува првобитната функција на предметите.<br>• Изработување идејно решение за корица на учебник.<br>• Ликовно да истражува, комбинира, креирање. со компјутер. |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

• Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, музичко и физичко образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

**Наставни средства:**
• разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
• дидактички средства и материјали;
• визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
• слајдови, сликовници, списанија и сл.;
• удио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства зависно од предметот);
• Интернет, образовни софтвери.

***Годишен фонд на часови (ориентационо)***

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Цртање | 18 |
| 2. | Сликање | 30 |
| 3. | Обликување во просторот, моделирање и градење | 10 |
| 4. | Графика | 6 |
| 5. | Дизајн и визуелни комуникации | 8 |
| Вкупно: | | 72 |

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.
• Описно оценување:
» опсервација на детето-ученик;
» разговор како начин на изразување;
» вербално опишување на сопствениот цртеж;
» степен на совладување на ликовните техники;
» индивидуални креативни способности;
» учество и изведба на ликовна творба;
» воочување и препознавање на разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното творештво;
» презентација на ликовните ученички творби;
-» креативно изразување и творење во ликовните техники;
» препознавање на ликовни техники и материјали;
» активно учество во тимската работа и др.

Во текот на годината наставникот може да користи комбинација на описно и бројчано оценување. На крајот на наставната година ученикот се оценува со бројчана оценка.

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за I до VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по ликовно образование во четврто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
• педагошки факултет – професор за одделенска настава;
• филозофски факултет – дипломиран педагог.

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Трајко Јовановски, советник по ликовно образование и ликовна уметност, БРО - Велес
» Ана Цветкоска - Панова, ЈУДГ „13 Ноември"- Скопје
» Роберта Јордановска, професор во одделенска настава, ОУ „Лазо Ангеловски" - Скопје
» Соња Поповска-Трајковска ОУ „Димо Хаџи Димов "- Скопје
» м-р Маја РауниЌ-Киркова, асистент на Педагошки факултет – Скопје

Наставната програма по *ликовно образование* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4064/1 од 22.05.2008 година.

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

## НАСТАВНА ПРОГРАМА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование „Сл. весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот на образование донесе наставна програма по предметот *физичко и здравствено образование* за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Предметот *физичко и здравствено образование* има значајно место во воспитно-образовниот процес во основното образование. Програмата по физичко и здравствено образование во процесот на наставата се реализира со посебни содржини, вежби и игри кои физички го активираат локомоторниот апарат и директно влијаат врз симетричниот и правилниот раст и развој на ученикот, ја подобруваат неговата физичка способност и здравјето и го поттикнуваат на здрав начин на живот. Исто така, планираните активности од оваа програма го поттикнуваат емоционалниот и социјалниот развој на ученикот.
Освен навиките за редовно изведување на вежби за јакнење на сопствениот организам, учениците ќе се здобијат со основните елементи на спортот и ќе ја осознаат потребата за нивно активно вклучување во различните спортски активности во текот на натамошното образование и нивниот живот.
Предметот физичко и здравствено образование е задолжителен и се реализира со 3 часа неделно, односно 108 часа годишно од IV до VI одделение.

# 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

❑да применува вежби за подготовка и правилен физички развој;
❑да ги развива физичките, функционалните и психомоторните способности;
❑да изведува вежби за правилен и симетричен морфолошки развој, правилно држење на телото и правилна функција на локомоторниот апарат;
❑да изведува и применува правилни и координирани вежби за јакнење, лабавење и растегнување;
❑да се воведува во спортовите за развивање интерес за спортување;
вда развива ориентација во просторот со вежби и комплекси за психомоторните способности (координација на движењата и просторот, силата, брзината, еластичноста, снаодливоста, рамнотежата, експлозивноста и други);
❑да совладува нови вежби и елементи од основите на спортовите и во игри (штафетни, карактерни, танци, игри без граници);
❑да го збогатува своето спортско знаење со совладување на правилно изведени техники и елементи од основите на атлетиката, гимнастиката, ритмиката, танците;
❑да ги знае и практикува правилата за игрите и рамноправно да учествува и соработува во тим-екипа;
❑да стекнува здравствено-хигиенски навики и унапредување на здравјето;

❑да умее одмерено да постапува за позитивно превентивно спречување и разрешување евентуални конфликтни ситуации;
❑да ги учи и правилно да ги применува поимите од воспитно-образовното подрачје физичко и здравствено образование;
❑да се ослободува од стрес преку физичка активност;
❑да развива култура на однесување во спортувањето (како учесник, навивач, побеник, поразен).

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот /ученичката:

❑да го поттикнува правилниот физички развој (психомоторни и функционални) со правилна изведба на природните локомоторни движења;
❑да го развива перманентно и симетрично телото со правилно изведени движење и вежби во различни положби;
❑да комбинира правилно и да изведува комплекси вежби за оформување на телото;
❑да го држи правилно телото во сите положби, и тоа во: седење, стоење, движење (одење и трчање);
❑да ги одржува и подобрува психомоторните вештини: координација на природните и спортските движења;
координација на движењето на целото тело во просторот; силата; брзината; снаодливоста; експлозивноста;
еластичноста и рамнотежата;
❑да совладува и правилно да изведува нови вежби и елементи од основите на спортовите, и тоа од: атлетиката,гимнастиката со ритмика, основите на танците, основите на спортските игри (ракомет, кошарка, одбојка и фудбал);
❑да се оспособува да умее да ги процени своите физички и спортски способности и можности;
❑да формира позитивни ставови кон физичките активности и спортувањето;
❑да се запознава со корисата од спортувањето и постепено да го открива личниот афинитет кон определен спорт;
❑да се оспособува за соработка, тимска работа и фер плеј однесување при изведувањето на игрите и спортувањето;
❑да умее да се ослободува од стрес состојби и психичка и физичка напнатост со вежбање;
❑да применува здравствено - хигиенски навики за чување и унапредување на сопствената хигиена и здравје;
❑да ги учи и да ги применува поимите од воспитно-образовното подрачје физичко и здравствено образование:
спортски реквизити, справи и помагала во согласност со наставната програма.

## 4.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ВЕЖБИ И ИГРИ ЗА ПРАВИЛЕН ФИЗИЧКИ РАЗВОЈ И ПОДГОТОВКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да се развива физички со вежби и игри;<br>• да ја подобрува основната физичка подготовка со: правилно изведување на вежбите за локомоторниот апарат;<br>• да го обликува телото;<br>• да го држи правилно телото;<br>• да се поставува правилно во организациони форми;<br>• да ги развива: силата, координацијата на движењата; координацијата во просторот;<br>• да ја развива општата локомоторна способност во просторот;<br>• да соработува. | • Увежбување на поставување и движење на учениците во: две и во четири врсти; во колона по еден, по двајца и по четворица.<br>• Увежбување на: вртење во место, налево и надесно; вртење наleвокруг (вртење за 1800 ).<br>• Вежби за оформување на телото и движењата: вежби за јакнење, лабавење и истегнување на: рацете и раменииот појас, трупот и карлицата и нозете.<br>• Игри елементарни, штафетни, игри без граници со користење на спортски реквизити и справи, со качување, слегување, провлекување, скокања итн. | • Спортски терени<br>• Вртења во место<br>• Полигони<br>• Спортски реквизити и справи<br>• Елементарни, штафетни, и игри без граници | • Увежбување на организирано поставување и движење.<br>• Учениците се поставуваат симетрично и навремено.<br>• Вежби за оформување на телото за подготвување на организмот за оптоварувањата на часот, како и корективно-компензаторни комплекси вежби, превентивни комплекси вежби; вежби за правилна моторна функција на локомоторниот апарат.<br>• Разни положби од спортските игри итн. |

| АТЛЕТИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да ги увежбува совладаните елементи од основите на атлетиката и да совладува нови елементи: правилно трчање со промени на темпото и правецот; надвлекување; штафетно трчање; совладува правилна изведба на скокања; фрлања, учество во игри;<br>• да ги развива големите мускулни групи на рацете, трупот, карлицата и нозете;<br>• да ги развива психомоторните способности и подвижноста на локомоторниот апарат;<br>• да совладува термини од областа на атлетиката;<br>• да учествува во игри со елементи од атлетиката. | Трчање:<br>• Правилно трчање со промена на правецот на движењето, од право, цик-цак (лево - десно), полукружно и кружно<br>• Совладување штафетно трчање (елементарна игра)<br><br>Скокања:<br>• Скок од место (мерење на експлозивната способност)<br>• Скок со залет-затрчување *Основни техники: во височина „ножици“ и во далечина „згрчна“ техника*<br><br>Фрлање:<br>*Основна техника за фрлање топче во цел и во далечина*<br><br>Штафетни игри (од изучени атлетски и други елементи) | • Ритам и правец на движење<br>• Штафетно трчање<br>• Техника ножици и згрчна<br>• Куглање<br>• Доскокнување | • Увежбување и правилно изведување на елементите од основите на атлетиката: одење, трчање, скокање, фрлање, фаќање, посебно го следи движењето на рацете и нозете, држењето на трупот и главата.<br>• штафетни игри според интересот на учениците со совладани елементи од основите на атлетиката.<br>• Играње дама и организира натпреварувања.<br>• Скокање со јаже; групни на едно јаже и индивидуални скокања.<br>• Скок во висина 20, 30 до 40 см, со внимание во доскокнувањето (амортизација на мека подлога).<br>• Натпревари: во фрлање топче во цел; префрлување топка преку ниска мрежа со погодување на определена цел; куглање со пластични топки итн.<br>• Брзо трчање 20 метри (мерење на време). |

| ГИМНАСТИКА И РИТМИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да увежбува и совладува нови гимнастички и ритмички елементи за развивање на способноста на локомоторниот апарат и координација во просторот и чувството за управување со телото во просторот;<br>• да увежбува движења на партер во различни положби на телото; движење на телото во целина во просторот и развивање на координацијата;<br>• да се воведува во ритмиката;<br>• да ги користи гимнастичките справи и основите на ритмиката;<br>• да развива способности за движење со завртувања;<br>• да се воведува во естетско и елегантно држење на телото и делови од него. | Комплекси вежби: Корективно-компензаторни и превентивно заштитни<br><br>Акробатика:<br>Колут напред и колут назад<br>• Стој (став) на лопатки-свеќа<br>• Челна вага на колено<br><br>Справи:<br>• Висови и нишање на ниски: рипстоли, алки, вратило, разбој, греда и др. справи: качување, висење и слегување<br>• Шведска клупа<br>*(одења со потскокнувања вртења на клупа скокање од клупа со мек доскок)*<br><br>Ритмика:<br>Ритмичко одење и трчање<br>Ритмички потскокнувања, мачкин скок, галоп скок, завртување на една нога па на друга нога; основни елементи со обрачи | • Колут назад;<br>• Свеќа, стој (став) на лопатки<br>• Алки<br>• Јарец<br>• Разножно<br>• Ритмичко одење и<br>трчање<br>• Мачкин скок, галоп скок<br>• Натскоци | • Комплекси вежби со насочено влијание: корективно-компензаторски вежби и вежби за превентивно заштитно влијание.<br>• Вежби за повторување на елементите колут напред и назад (наставникот особено внимава и асистира на учениците кои имаат поголема килажа, кои се несигурни и имаат отпор и страв при изведувањето на овие вежби).<br>• Качување, висење, нишање и слегување на гимнастички справи.<br>• Штафетни игри со совладани елементи од основите на атлетиката и гимнастиката.<br>• Вежби за ритмика, со и без музика.<br>• Вежби со мосници за куративно влијание на благата кифотичност. |

| ОСНОВИ НА ТАНЦИТЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да ги развива психомоторните вештини усогласени со ритамот на музиката;<br>• да умее да игра во склад на ритамот на музиката;<br>• да го одржува телото и однесувањето сообразено со колективното движење;<br>• да развива способности за движење и игра во просторот. | • Совладување на основните особености на народните ора и танци:<br>» став (држење на телото)<br>» правила на движење (правец)<br>» начин на држење за рака и рамо<br><br>• Игри со музика:<br>» избор на 2 народни ора, обука и играње на истите со музика<br><br>Танци по избор<br>Карактерни игри (особености) | • Народно оро<br><br>• Танци<br><br>• Имиња на народни ора –танци<br><br>• Поими од правилата на чекорите на танците и ората | • Ритмичко изведување на одредени движења поврзани со танците и елементи од танците.<br>• Совладување на основните особености на народните ора и танци.<br>• Вежби за држење на телото, држење за рака и рамо.<br>• Вежбање на правилата за почеток на народното оро.<br>• Играње народни ора со побавно темпо и едноставни чекори (учениците може да изберат уште едно народно оро кое ќе го научат со музика да го играат). |

***Се одбира сӣорӣ сӣоред инӣересоӣ на учениците и можносӣиӣе на училиштето.***

| ОСНОВИ НА СПОРТСКИ ИГРИ - КОШАРКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да ги увежбува и совладува елемен¬ти-те од кошарката;<br>• да ја развива подвижноста на локомоторниот апарат со топка, осетливост, координација), за придружбата со топка. | Основни кошаркарски елементи со топка (големина на топката според возраста) | • Кошарка, игра, кош и топка | • Учениците вежбаат слободно водење и индивидуално играње со топка која одговара на нивната возраст (топките се помали од класичните топки за кошарка).<br>• Елементарни и штафетни игри во кои улогата на ученикот и топката ќе имаат доминантна улога.<br>• Кошаркарско слободно водење.<br>• Кошаркарско додавање и фаќање со две раце.<br>• Обично и кошаркарско фрлање во одреде-на цел (низок кош, обрач, корпа и сл.). |

| ОДБОЈКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да ги совлада елементите од основите на одбојката;<br>• да ја развива соработката, колективниот и спортски дух;<br>• да ги развива способностите за игра со топка. | Основни елементи на одбојката | • Одбојка<br>• Одбојкарско одбивање<br>• Одбивање со „чекан“<br>• Одбојкарска мрежа | • Основни елементи со игри во место и движење.<br>• Одбивање на мала топка од ѕид.<br>• Додавање на топка преку јаже.<br>• Додавање на топка преку ниска одбојкарска мрежа.<br><br>• Одбивање на мала топка ( со прсти, чекан и надлактици); индивидуално и во парови.<br>• Примена на изученото на мини игралиште преку јаже, а потоа и преку одбојкарска мрежа ниско поставени. |

| РАКОМЕТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да ги совлада основните елементи од ракометот: техника на ракометно фрлање - додавање и примање-фаќање на топката;<br>• да научи ракометен шут во гол. | Основни елементи во ракометот | • Ракомет<br>• Ракометен гол<br>• Ракометна мрежа | • Слободно ракометно водење.<br>• Ракометно водење во определен правец.<br>• Слободно фрлање и фаќање на мала ракометна топка од ѕид.<br>• Разни слободни фрлања од различни висини на телото, од рамо гради.<br>• Ракометно фрлање во под со одбивање од ѕид.<br>• Додавање и фаќање на топка помеѓ двајца во место (во висина на гради и со корис-тење на подот).<br>• Ракометно шутирање на гол од место.<br>• Ракометно водење (слободно). |

| ФУДБАЛ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да увежбува и совладува елементи од фудбалот;<br>• да ја осознае улогата на моториката поврзана со елементите со топка, слободно водење и движење со топка;<br>• да усвојува техника на додавањето на топката и шутирањето во гол. | Основни елементи во фудбалот | • Фудбал<br>• Водење на топка во фудбалот<br>• Гол во фудбалот<br>• Фудбалско шутирање<br>• Фудбалско игралиште | • Слободно водење на топка во фудбалот.<br>• Фудбалско шутирање во ѕид со прифаќање на одбиена топка.<br>• Фудбалско додавање и примање на топка во парови во место.<br>• Слободно фудбалско шутирање и шутирање на топка во одредена цел и во гол.<br>-• Игра - мал фудбал со модифицирани правила.<br>• Елементарни и штафетни игри со топка за фудбал. |

**НАСТАВНИ ТЕМИ – ПОДРАЧЈА КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ДОГОВОР СО РОДИТЕЛИТЕ**

- ❑ ПЛИВАЊЕ СО АКТИВНОСТИ НА ВОДА И ОБУКА
- ❑ СКИЈАЊЕ СО ОБУКА
- ❑ ИЗЛЕТИ И ПЕШАЧЕЊА
- ❑ УЧИЛИШТЕН СПОРТ
- ❑ СПОРТСКИШКОЛИ

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма за *физичко и здравствено образование* за учениците се организира и реализира на совладаните елементи од наставните програми. Програмата овозможува континуитет на претходните наставни програми со вградување на спецификите за возраста и содржините кои доааат како надградба во темите синтетизирајќи ги научените елементи од спортовите и новите елементи кои треба во наставата да се научат сообразено со способностите на учениците со цел да се постигне повисок квалитет во наставата да се научат сообразено со способностите на учениците со цел да се постигне повисок квалитет во наставата и поширок спектар на совладани елементи од спортовите и постигнување на здравствени ефекти.
Првата тема *Вежби и игри за правилен физички развој и подготовка* останува како општа и основна потреба на учениците за перманентно подигнување на општите физички способности и подвижност на локомоторниот апарат и организмот во целина, за што наставниците треба да обрнат внимание на изборот и влијанието на вежбите, елементите и игрите со одмерено дозирање и разновидност во работата да се задржи и унапреди интересот и мотивацијата за вежбање. Наставниците треба да обрнат посебно внимание учениците правилно да ги изведуваат елементите со реквизити и помагала адекватно на спосбностите и возраста.
Другите наставни теми наставникот треба да ги насочи кон совладување на новите елементи, правилно да се изведуваат и воедно да го подигне спортското знаење на повисоко ниво.
Наставникот го следи морфолошкиот статус на учениците и презема мерки при евентуална појава на телесни деформитети и тоа со засилен интензитет и внимание кон овој проблем со примена на адекватни комплекси вежби. Поради тоа на секој час по физичко и здравствено образование задолжително се изведуваат вежби за оформување на телото и движењата, а наставникот треба на учениците да им задава и домашни задачи за вежбање на вежби за оформување на симетрично тело и движења. Учениците се мотивираат редовно и правилно да вежбаат и да го негуваат своето тело.
По договорот со родителите, наставникот подготвува програма за избраните содржини-теми-наставни подрачја.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Според Законот за основно образование, Концепцијата и целите на наставната програма по физичко и здравствено образование, постигањата на учениците од четврто до шесто одделение се оценуваат комбинирано-описно со изведување бројчана оценка во текот на наставата и на крајот на годината со бројчана оценка.
При формирањетона оценката наставникот води сметка за сите постигања на ученикот во наставата, бидејќи сите тие се подеднакво важни. Имено, тој оценката ја формира според ангажирањето на ученикот, спортското знаење, физичкиот напредок и способностите, залагањето, редовноста, комуникацијата, фер-плеј однесувањето, соработката и помагањето, исполнува-

њето на здравствено-хигиенските услови и навики пред, за време и по изведувањето на наставата. Во физичкото и здравственото образование нема посебни часови за оценување. Наставникот на секој час ги следи постигањата на ученикот во сите компоненти, ги евидентира и на тие основи формира оценка. На часот по физичко и здравствено образование наставникот посебно внимава наставата да ја изведува без никакви стресови или стрес ситуации, така што ученикот секој час треба да го заврши со позитивно емоционално чувство.
Физичките способности кај учениците се различни, па поради тоа наставникот не смее од нив да бара или поставува какви било норми за оценка. Секој индивидуално се оценува врз основа на залагањето и способностите, редовноста и другите елементи. Индикаторите на здравјето (психомоторните и функционалните способности) не се норми за оценување.

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за I до VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на наставната програма по *физичко и здравствено образование* за четврто одделение на основното образование предвидени се наставници со завршен педагошки факултет - професор за одделенска настав и филозофски факултет– дипломиран педагог.

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» д-р Зоран Радиќ- професор на Факултетот за физичка култура, претседател - Скопје
» Слободанка Бадаровска, наставник во ОУ „Владо Тасевски“- Скопје
» Мирјана Андреска, наставник во ОУ „Владо Тасевски“- Скопје
» Златко Павловски, наставник во ОУ „11 Октомври”- Скопје
» д-р Насе Кондовски - кинезиолог, Биро за развој на образованието - Скопје

Наставната програма по *физичко и здравствено образование* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4085/1 од 22.05.2008 година.

## ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## НАСТАВНА ПРОГРАМА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот техничко образование за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Наставниот предмет *техничко образование* ја проучува сложеноста и разновидноста на природните појави и закономерности и техничко-технолошките законитости, нивното осознавање и примена во секојдневниот живот и работа, како и односите меѓу луѓето во животната и работната средина. Целта на наставата по овој наставен предмет е учениците да стекнуваат знаења, умеења и навики од современите техничко-технолошки области и да се оспособуваат за нивна примена во учењето, секојдневниот живот и работа, а притоа, да го поттикнуваат и развиваат интересот и способностите за техничко творештво и иноваторство. Предвидените активности за учениците и наставниците за откривање на поврзаноста и зависноста на законитостите на појавите и процесите во природата и техничко-технолошките откритија и нивната примена се основа за развојот и напредувањето на човекот, работата и општеството.

Наставните содржини од наставните програми по техничко образование се засновуваат на хуманистиичко сфаќање на природата на ученикот и неговиот физички и духовен развој.

Наставниот предмет *техничко образование*, односно неговите содржини се реализираат преку организирани непосредни набљудувања, истражувачки постапки и активности со активно искуствено учење и градење на модели и макети.

Наставниот предмет *техничко образование* според Концепцијата и Наставниот план за девтгодишно основно воспитание и образование (август 2007 година) се изучува во првиот развоен циклус како наставна целина; во вториот развоен период како задолжителен наставен предмет во IV одделение со 1 час седмично, а во V одделение со 2 часа седмично. Во VI одделение наставните содржини од техничко образование се вградени во наставниот предмет *природни науки и техника* што се изучува како задолжителен наставен предмет со три часа седмично. Во изборните наставни предмети техничкото образование се изучува во IV и V одделение низ содржини за *творештво* со 1 час седмично и како изборен наставен премет *техничко образование* во VI, VIII и IX одделение (страна 83-84 од наведената Концепција).

## 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

❑да развива интерес и способност за техничко творештво;
❑да развива интерес и желба за нови сознанија од техниката и технологијата со користење на различни извори на учење;
❑да запознава економски, социјални, техничко-технолошки и етички аспекти на работата и нивното влијание на развојот во општеството;
❑да се оспособува за набљудување, опишување и споредување на предметите и појавите во техниката и технологијата.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

❑да се развива интерес и способности за техничкото творештво;
❑да стекнува основни техничко-технолошки знаења, умеења и навики;
❑да се оспособува за примена на основните техничко-технолошки знаења, умеења и навики во учењето, работата и секојдневниот живот;
❑да ги проширува и открива сознанијата за својствата на материјалите (хартија, ткаенина, дрво и др.);
❑да се оспособува и формира позитивни ставови за односите меѓу луѓето во општеството;
❑да ги проширува знаењата и умеењата за безбедно движење во сообраќајот;
❑да развива култура на однесување во сообраќајот.

## 4.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ГРАФИЧКА ПИСМЕНОСТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката<br>• да го осознае значењето на работното место;<br>• да ги осознае видовите технички линии и нивната правилна употреба;<br>• да го открива и запознава патот од идеја до реализација;<br>• да ги употребува основните мерни единици: метар, дециметар, сантиметар и милиметар на мерење должина, висина, ширина, дебелина и длабочина;<br>• да осознае и применува размер;<br>• да осознае за значењето и потребата на котирање;<br>• да осознае за можностите за цртање на компјутер. | • Организација на работното место<br>• Видови линии<br>• Од идеја до реализација (скица и технички цртеж)<br>• Запознавање со мерење<br>• Размер и котирање<br>• Цртање на скици и едноставни фигури на компјутер во ПАИНТ | • Работно место<br>• Технички цртеж<br>• Технички линии<br>• Идеја<br>• Скица<br>• Мерење<br>• Димензија<br>• Размер<br>• Котирање<br>• Елементи за цртање во ПАИНТ | • Прикажување на организација на работно место од различни дејности (моделар, столар, архитект, информатичар, лекар и др.).<br>• Цртање на фигури со разните видови технички линии. Да се објасни правилното користење на приборот за техничко цртање.<br>• Скицирање на различни идеи, изработка на скица каде што е обработена идејата и врз основа на таа идеја се изработува технички цртеж.<br>• Оспособување на ученикот да мери со точност до 1мм.<br>• Оспособување на учениците за примена на размер.<br>-• отирање и примена на елементите на котирање на техничкиот цртеж.<br>• Цртање на скици на компјутер. |

| МАТЕРИЈАЛИ ГРАДБА И ОБЛИКУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да осознае за добивање на хартијата и полукартонот;<br>• да ги открива и запознава особините на хартијата и полукартонот;<br>• да се запознае со значењето на хартијата во секојдневниот живот и работата на човекот;<br>• да се оспособи за изведување на основните работните постапки при работа со хартија и полукартон;<br>• да осознава за можноста за обновување (рециклажа) на хартијата и полукартонот. | • Добивање на хартија и полукартон (видови и особини).<br>• Работни постапки при обработка на хартија и полукартон.<br>• Рециклажа на стара хартија. | • хартија и полукартон,<br>• особина (својство),<br>• суровина,<br>• производ,<br>• макета,<br>• работни постапки (операции), | • Објаснување на технологијата на добивање на хартија и полукартон.<br>• Истражување за особините на хартијата и полукартон (впивање на вода, отпор при кинење и сечење, отпор при свиткување).<br>• Инструирање при работните постапки на хартијата и полукартонот: сечење, засекување (бигување), составување, боење.<br>• Изработки од хартија и полукартон (оригами, честитки, коцка, квадар, цилиндар, пирамида, конус, држач за салвети, куќичка, сообраќајни знаци и др.). |
| • Да знае за добивање на текстилот,<br>• да ги разликува природниот од вештачкиот текстил;<br>• да ги открива и запознава својствата на текстилот;<br>• да се оспособи за изведување на работните постапки (кроење и шиење). | • Добивање на текстил (природни и вештачки суровини и технологија, видови и особини<br>• Работни постапки при работа со текстил. | • Текстил<br>• Волна, памук, лен, коноп<br>• Кроење и шиење | • Запознавање со основните суровини за добивање на текстил.<br>• Истражување за особините на текстилот (впивање на вода, растегливост и мекост).<br>• Инструирање при работните постапки кроење и шиење.<br>• Набљудување на различен текстилен материјал.<br>• шиење на текстил. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да развива свест за значењето на шумите и техничкото дрво (греди, штици;<br>• да ги открива и запознава особините на дрвото (боја, текстура, тврдост);<br>• да се оспособи за сечење, рамнење и составување на дрвото. | • Запознавање со дрвните полупроизводи.<br>• Видови и особини<br>• Работни постапки при обработка на дрвото | • Штици<br>• Греди<br>• Пила, турпија | • Објаснување на технологијата на добивање на полупроизводи.<br>• Истражување на својствата на дрвото (влажност, боја, тврдост).<br>• Воведно, тековно и завршно инструирање при обработка на дрвото.<br>• Изработка на задача од комбинирани материјали (сплав, авионче, делови од мебел и др.). |

| КОНСТРУКТИВНО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да развие смисла и способност за техничко творештво;<br>• да стекне основни техничко-технолошки знаења, умеења и вештини за нивна примена. | • Елементи за составување (завртки и навртки)<br>• Склопување и расклопување на модели и макети од готови елементи<br>• Практична примена на оригиналите | • Завртки<br>- навртки<br>• Склопување и расклопување<br>• Модел<br>• Макета | • Инструирање и оспособување за технологијата на составување со завртки и навртки.<br>• Оспособување за примена на различни материјали и нивни комбинации.<br>• Демонстрирање на постапки на конструирање на модели и макети и објаснување на функцијата на ориганалите.<br>• Склопување на: возило, ветерница, дигалка, авионче, бротче и др. |

| СООБРАЌАЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги продлабочува знаењата за сообраќајот во околината;<br>• да се оспособи за безбедно учество (движење) во сообраќајот;<br>• да ги почитува сообраќајните знаци во реална ситуација;<br>• да направи реална проценка на сообраќајната ситуација за безбедно поминување на нерегулирана крстосница. | • Правила и прописи за движење на пешаците во сообраќајот<br>• Регулирање на крстосница со сообраќајни знаци и светлосна сообраќајна сигнализација<br>• Сообраќајни знаци (пат со првенство на минување, крстосување со пат со првенство на минување, обележан пешачки премин, забрана на сообраќајот за пешаци) | • Пешак<br>• Сообраќајни знаци<br>• Крстосница<br>• Семафори | • Набљудување и инструирање на сообраќајот на крстосница.<br>• Симулација на различни сообраќајни ситуации (во училница или училиштен двор).<br>• Решавање задачи на сообраќајни проблеми со сообраќајни знаци.<br>• Набљудување регулирана и нерегулирана крстосница.<br>• Примена на слики, модели, филмови, слајдови и програми во ИКТ. |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

***Насоки за меѓупредметно поврзување***

Наставните содржини на наставниот предмет техничко образование даваат можности за интегрирано, целно и содржинско поврзување со наставните предмети математика, ликовно образование, запознавање на околината и природа.

***Препораки за користење на годишниот фонд на часови***

Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините, согласно со напредувањето и потребите на учениците, како и почитување на принципот на актуелизација во наставата по техничко образование. Се користат актуелни работни и технолошки иновации, ситуации, работни процеси и се поврзуваат со стекнатото искуство на учениците, особено од наставниот предмет запознавање на околината, во училиштето и надвор од него. При набљудувањето, инструирањето и демонстрацијата учениците се упатуваат да употребуваат постапки и инструменти во сознавањето и примената на стекнатите знаења во секојдневниот живот и практика. Во наставната програма, исто така, дадени се и конкретизирани цели кои се постигнуваат преку активностите на учениците кои се планираат за усвојување на предвидените содржини и развивање на нивните способности за конструктивно творештво. Активностите предвидени со програмата во четврто одделение понекогаш опфаќаат повеќе цели, како и цели од различни содржини, односно од различни научни подрачја. Така што една цел може да ја постигнеме преку повеќе различни активности, а примерите на активностите се само можни предлози, а наставникот може за постигнување на целите да избере и други соодветни активности и работни задачи.

***Наставни средства***

❑Во наставата по техничко образование, за осознавање на појавите и законитостите, како и појавите во општеството и односите меѓу луѓето неопходно е да се користат наставни средства од реални и симулирани ситуации и постапки.

❑За постигнување на наведените цели во наставната програма по техничко образование треба да се изготви учебник и да се обезбедат материјали за наставата од страна на училиштето:

❑истражувачко катче каде што учениците можат да истражуваат според целите и наставата;

❑дидактички и други визуелни средства: филмови, компјутер, апликации, фолии, паноа, слајдови, модели, макети и др.;

❑енциклопедии и списанија од областа на науката и техниката;

❑Интернет, образовни софтвери;

❑аудио-визуелни средства, дигитална камера, графоскоп, ДВД, ЛЦД проектор.

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Следење на постигањата на учениците***

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, се следи мотивираноста за учење, соработката со другите ученици и слично (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на работата на наставникот и учењето на ученикот.

***Начин на проверување и оценување:***

- ❑ ученички изработки, поединечни и групни;
- ❑ контролни тестови, тестови на знаења;
- ❑ работно експериментални истражувачки активности (планирање на работата, способности за истражување, способности за стекнување умеења и работни навики, осознавање и заклучување на појавите и законитостите во науката и техничката култура).

Постигањата на учениците во текот на годината се оценуваат комбинирано со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставната година се изведува бројчана оценка.

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за I до VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во IV одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- педагошки факултет – професор за одделенска настава;
- филозофски факултет – дипломиран педагог.

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Доцент д-р Азиз Шеху, Педагошки факултет, Скопје
» Славица Божиновска, професор по ПТО, ОУ „Кочо Рацин“ - Куманово
» Биљана Павлеска, професор по педагогија, ОУ „Владо Тасевски“ - Скопје
» Весна Настоска, професор по одделенска настава, ОУ „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
» Крсте Василески, советник во БРО - Скопје

Наставната програма по *техничко образование* за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4072/1 од 22.05.2008 година.